# СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER OF MACEDONIA

ISO 9001:2008
FS 549642



# ИЗВЕШТАЈ ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА ВО 2010 ГОДИНА

***Јануари 2011 година***
***С к о п ј е***

# ОД РАБОТАТА НА ОРГАНИТЕ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

**18.02.2010 година**

**88 ГОДИНИ СО МАКЕДОНСКИОТ БИЗНИС - КОМОРА НА УСПЕШНИ КОМПАНИИ**



Стопанската комора на Македонија ја одбележа 88-годишнината од своето постоење. На грандиозната свеченост присуствуваа преку 200 гости - деловни луѓе од компании кои се членки на најстарата и најбројната деловна асоцијација во земјава, претставници на државните органи и од институциите. Притоа, беше промовирана Програмата за дејствување и предлозите за подобрување на одделни системски мерки и активности во 2010 година, која е резултат од расправите во органите, телата и облиците на организирање на Комората во кои учествуваа преку 1.500 компании коишто го дадоа своето мислење за тој документ. Беа обелоденети и Предлозите за изменување и дополнување на правната регулатива во рамките на третата фаза од регулаторната гилотина. “Како прв и основен приоритет го поставуваме партнерството со Владата на Република Македонија. Но, ние воопшто не претендираме мерките што ги предложивме и нашите видувања да добијат стопостотна реализација, туку гарантираме дека ќе обезбедиме стручно мислење по нив, дека ќе водиме аргументирана расправа и дека ќе бидеме и здодевни и упорни за нивна реализација” - порача Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија. Некои милуваат да ја нарекуваат Комора на големите фирми. Точно. Кај нас членуваат големите, успешни и профитабилни компании со домашен и со странски капитал. Ние сме горди на тој факт и сигурни сме дека тие ја одбраа вистинската опција. Меѓутоа, нашата Комора ја одбраа доброволно и голем број мали и средни компании. Затоа, денес слободно можам да речам - добредојде на сите успешни компании. Нашата стратегија е базирана на партнерскиот однос со Владата на РМ, високата професионалност и истрајноста на нашите барања. Почит кон сите компании, без разлика дали се наши членки и почит кон секој вработен и нивните менаџерски тимови. И за крај, извинување за евентуалните наши пропусти во минатото. Во иднина сигурно ќе бидеме најдобри, истакна претседателот Азески.



**18.3.2010 година**

**Промовирани новите органи и тела на Стопанската комора на Македонија за наредниот петтогодишен мандатен период - БРАНКО АЗЕСКИ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВНИОТ ОДБОР И ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**




Стопанската комора на Македонија, согласно Статутот на Комората, го заокружува процесот на избор на органите и телата за мандатниот период од 2010 до 2015 година. Во насока на јавно презентирање, пред средствата

за информирање, Бранко Азески ги претстави новите органи и тела на Стопанската комора на Македонија. Пред големиот број медиуми, Бранко Азески ги истакна резултатите од работењето на Комората во периодот од 2005 до 2009 година.Меѓу другото тој нагласи: Одржани се 2825 настани - редовни состаноци на здруженија и групации, презентации, семинари, обуки... На нив учествувале 97.265 претставници на фирми; одржани се 519 меѓународни активности - бизнис-форуми, контакти со меѓународни асоцијации во земјата и во странство, саемски манифестации, презентации на домашни и странски компании. Потпишани се 42 протоколи и менорандуми за соработка со домашни и странски институции и асоцијации и слично. Бранко Азески е избран за претседател на Управниот одбор и на Стопанската комора на Македонија во наредниот мандатен период од 5 години. За претседавач на Собранието на Комората е избран Антони Пешев, сопственик на „Ултра" од Скопје. За потпретседатели на Комората се избрани: Минчо Јорданов, „Макстил" АД Скопје, д-р Глигор Бишев, Стопанска банка АД Скопје, Страшо Милковски, „Гранит" АД Скопје, Живко Мукаетов, „Алкалоид" АД Скопје и Илија Гечев, ИГМ - Трејд Кавадарци. Пред присутните претставници на средствата за јавно информирање беа претставени и членовите на новиот Надзорен одбор, Управен одбор и на Собраниеото на Стопанската комора на Македонија. Списокот со новите членови може да се најде на веб-порталот на Комората.

**8.4.2010 година**

**Прва седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија**

- Структурата на бруто-домашниот производ - патоказ за економскиот модел на развој на македонското стопанство;
- Информација за Предлог-законот за инспекциски надзор

**13.5.2010 година**

**Втора седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија**

- Информација за клучните закони од стопанството со преглед на прифатените и неприфатените продлог-мерки и иницијативи на Стопанската комора на Македонија;

**6.9.2010 година**

**Трета седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија**

- Информација за предлог-измените и дополнувањата на Законот за работните односи;
- Информација за клучните закони за стопанството кои се донесени или се во постапка на донесување, менување или дополнување, со преглед на предложените и прифатените иницијативи, мислења и забелешки на Стопанската комора на Македонија;
- Мислење по Предлогот на законот за стопанските комори;
- Реинженеринг на работните процеси во Стопанската комора на Македонија со имплементација на најсовремени информациско-комуникациски технологии;
- Улогата на Стопанската комора на Македонија во социјалниот дијалог.

**6.10.2010 година**

**Четврта седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија**

- Извозот – клучен фактор за пораст на производството и вработеноста;
- Информација за клучните закони за бизнисот, со преглед на предложените и прифатените иницијативи, мислења и забелешки на Стопанската комора на Македонија;

**Управен одбор на Стопанската комора на Македонија со порака од Кавадарци – БЕЗ ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ИЗВОЗОТ НЕМА ВИСОКА СТАПКА НА ЕКОНОМСКИ РАСТ**

Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија, во проширен состав, со присуство на најзначајните извозници од државата, на седницата одржана на 6.10.2010 година, расправаше на тема: „Извозот - клучен фактор за пораст на производството и вработеноста". Целта беше активно да се отвори дијалог за најсоодветните потребни решенија со коишто македонската економија ќе постигне забрзана стапка на раст во производството и извозот. На самиот почеток, претседателот на Стопанската комора на Македонија, господинот Бранко Азески, истакна дека предложените мерки за поттикнување на извозот се продолжение на претходно усвоените мерки од Управниот одбор за поттикнување на инвестициите и производството, со кои сегментарно бизнис-заедницата реагираше на темелните проблеми коишто во изминатите 20 години не се

разрешени, пред се` проблемите кај сопственоста на земјиштето, како главен предуслов за нова инвестиција, односот на капиталот и трудот, честото менување на правната регулатива, што го руши фундаментот на пазарната економија.

**18.10.2010 година**

**Со трибина во Стопанската комора на Македонија отворен е дијалогот за промена на досегашниот модел на економски развој - РАДИКАЛНИ МЕРКИ ЗА ИЗЛЕЗ ОД ДОЛГОГОДИШНАТА ЕКОНОМСКА СТАГНАЦИЈА**




Со цел да се отвори дијалог меѓу претставниците на носечките институции во земјава во врска со потребниот развој на стопанството и да се дефинираат најсоодветни предлог-решенија за главните предизвици во македонската економија, Стопанската комора на Македонија, заедно со „Капитал Медиа Груп“, организираше јавна расправа - трибина на тема: „ВРЕМЕ Е ЗА ПРОМЕНА НА ДОСЕГАШНИОТ МОДЕЛ НА ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ. „Високата невработеност и релативно слабата динамика на економскиот раст укажуваат дека е неопходна радикална промена на досегашниот модел на економски развој кој, пак, треба да доведе до промени во структурата на македонското стопанство и во макроекономската политика“ - рече претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески. Мора да се преземат конкретни чекори, со цел приватниот сектор да стане стожер на економскиот раст и на апсорбирањето на високата невработеност, домашните и странските инвестиции да бидат двигател на растот, да се зголеми извозот, да се модернизира инфраструктурата и да се намали енергетската зависност. Предложените мерки од страна на Стопанската комора на Македонија, групирани во одделни сегменти од економската политика, се изнесуваат како почетни чекори кон промената на досегашниот економски развоен модел. Тие не се попис на мерки чијашто реализација би се предала во надлежност на Владата на Република Македонија. Тие се предлози и насоки на активности, коишто Комората ги нуди на широката јавност со цел да се отвори дијалог за промена на досегашниот модел на економски развој, со кој во изминативе 20 години не се постигна главната цел - забрзан економски развој и пораст на вработеноста. Но пред дефинирањето на конкретните предлози со сите релевантни чинители во земјата, бизнис-заедницата од Стопанската комора на Македонија укажува дека за позитивни ефекти од истите нужно е претходно да се заокружат темелните принципи на пазарната економија: загарантирана приватна сопственост, соодветен однос меѓу капиталот и трудот, ефикасна законска регулатива, ефикасно судство и заштита на сопственоста и договорите. Претседателот Бранко Азески истакна дека организираната трибина е првата од наредните кои ќе се организираат со останатите бизнис-заедници во земјата, како и со пратениците во законодавниот дом, со единствена цел - да се отвори пошироко дијалог за нов економски модел на развој на македонската економија.

**9.12.2010 година**

**Петта седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија**

- Разгледување на одредени прашања поврзани со даночната регулатива во Република Македонија и практичните проблеми на бизнис-заедницата поврзани со пресметката и наплатата на даноци;
- Информација за законските прописи од значење за бизнисот, со преглед на предложените и прифатените иницијативи на Стопанската комора на Македонија

**Седница на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија со учество на челните луѓе на Управата за јавни приходи - РЕГУЛИРАЊЕ НА ПРЕБИВАЊЕТО МЕЃУ ДАНОЧНИТЕ ОБВРСКИ И ПОБАРУВАЊАТА**

Седницата на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија беше посветена на даночната политика, поради што на неа присуствуваше Горан Трајковски, директорот на Управата за јавни приходи, со неговите соработници. Потребата од дијалогот на двете страни, се потврдува со досега позитивно решените барања на бизнис-заедницата, од кои претседателот Бранко Азески ги наведе: а) намалувањето на даночното оптоварување со воведувањето на рамниот данок од 10%; б) воведувањето на системот на исплата на бруто плати; в) реалното даночно ослободување на реинвестираната добивка во нови инвестиции, со бришењето на спорниот член 16-а од Законот за данокот на добивка; г) повластената даночна стапка од 5% на првиот промет на станбени згради и станови; д)пролонгираниот рок за наплата на ДДВ од 15-ти на 25-ти во тековниот за претходниот месец; ѓ) законски овозможената електронска достава на периодичните извештаи од банкарските сметки на даночниот обврзник, од банките до УЈП; е) се намали висината на глобите во казнените одредби од даночната политика. Управата за јавни приходи, оперативно ја спроведува даночната политика, односно ги спроведува одредбите на законите и другите прописи од даночниот систем, – подвлече Горан Трајковски. Во контекст на досегашните барања на бизнис-заедницата, Горан Трајковски истакна дека е надминат проблемот со долгот на државата кон компаниите по основ на поврат на данокот на додадена вредност, иако има технички заостанувања од 10 до 15 дена, што и присутните фирми го потврдија. На седницата беа разгледани неколку значајни иницијативи од бизнис-заедницата, кои идната година ќе ја одбележат соработката на двете институции, како на пример: а) да се регулира прашањето на пребивање меѓу даночните обврски и побарувањата; б) да се воведе модел на наплата на ДДВ кој ќе ги елиминира проблемите при повратот на ДДВ; в) да се донесе законот за даночни советници, кој е особено битен за малите и средните претпријатија и кој ќе придонесе за подобрување на состојбата во даночната сфера; г) да се утврдат нормативите во сите дејности, како алатка за намалување на „сивата“ економија итн.

**21.12.2010 година**

**Собрание на Стопанската комора на Македонија - ПРОМОВИРАН ЦЕНТАРОТ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА РАЗВОЈНИ ИДЕИ - ЦИРИ**



На седницата беа презентирани и програмите за користење на средства од фондовите на Европската унија: за конкурентност и иновативност – ЦИП 2007- 2013, за истражување и развој - ФП7 и Претпристапната програма ИПА ( ИПАРД) Со цел да се зголеми успехот на претпријатијата во добивањето средства од ЕУ-фондовите, на седницата на Собранието на Стопанската комора на Македонија беше промовиран новиот Центар за имплементација на развојни идеи – ЦИРИ. Притоа, беа презентирани можностите за користење на средствата од фондовите на Европската унија во 2011 година кои се клучни за компаниите со цел подигање на нивната конкурентност и иновативност. Преку ЦИРИ компаниите ќе можат да ја добијат неопходната помош за подготовка на апликациите за добивање на европските пари. Мисијата на Центарот за имплементација на развојни идеи – (ЦИРИ) е испорака на висококвалитетни и стандардизирани услуги за пристап до ЕУ-фондовите и до меѓународните програми за РМ и ЈИЕ. Инаку, знаењето е во суштината на Лисабонската агенда и ја поткрепува во сите нејзини елементи. Истражувањето и технологијата заедно со образованието и иновациите се битните компоненти на "Триаголникот на знаење".

# ЗА ЧЛЕНКИТЕ

**26.01.2010 година**

**Групација за работење со хартии од вредност**

На одржаната седница на Групацијата посебно беа разгледани измените и дополнувањата на Правилникот за кадровска, техничка и организациона оспособеност за основање и работење на овластено правно лице за вршење услуги со хартии од вредност (Службен весник на РМ бр. 7 од 20.01.2010).

**2.02.2010 година**

**Стопанската комора на Македонија со пофалница по повод една година од работењето на Советодавното тело за соработка меѓу бизнис-заедницата и Царинската управа - ПРИЗНАНИЕ ОД ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА СВЕТСКАТА ЦАРИНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА**



По повод одбележувањето на Светскиот ден на царината - 26 јануари, кој оваа година е посветен на унапредување на соработката меѓу царинските служби и бизнис заедницата, на Стопанската комора на Македонија за нејзиното залагање и беше доделена пофалници од генералнот секретар на Светската царинска организација . Вакви пофалници, им беа доделени и на десетина други членови на Советодавното тело за соработка меѓу бизнис заедницата и Царинската управа на Македонија. Советодавното тело за соработка меѓу Царинската управа и бизнис заедницата брои 14 членки. Овој форум се состанува еднаш месечно да расправа за прашања и проблеми од царинското работење, а по потреба свикува и вонредни седници. Негови основни задачи се и предлагање мерки за надминување на отворени прашања и проблеми и давање мислења во подготовката на акти и административни прописи од областа на царината. Формирано е во согласност со меѓународните стандарди за царинско работење. По повод одбележување на една година од основањето и функционирањето, координаторот на Советодавното тело, помошник директор на Секторот за царински систем, Горан Ѓеоргиев, ги посочи и повеќето иницијативи на ова тело, меѓу кои за измени на висината на надоместоци на царинските терминали, за унапредување на едношалтерскиот систем, како и за испитување на роковите за ставање на стоките на увид на царинските органи.

**13.02.2010 година**

**Свечено одбележана 17-годишнината од основањето на MIFA - Групација на меѓународни шпедитери и логистички оператори - БЕНЕФИТ ЗА ШПЕДИТЕРИТЕ, НО И ЗА ЦЕЛАТА БИЗНИС -ЗАЕДНИЦА**

Во присуство на претставници од шпедитерската фела од Република Македононија, во Велес, на пригодна свеченост беше одбележана 17-годишнината од основањето на Групацијата на меѓународните шпедитери и логистички оператори – MIFA. Во поздравното обраќање до присутните, Зоран Арнаутов, заменик-претседател на Групацијата, истакна дека свеченоста е во функција, на симболичен начин, да се “прокнижи“ уште една година од денот на конституирањето на MIFA (10 февруари 1993 година) и со гордост да се потсети на сите нејзини успеси во изминатиот период. За да ги набројувам сите успеси што МИФА досега ги има постигнато, ќе ми треба повеќе време одколку кога чекате на шалтер да ве викнат за преглед на стоката во магацин, или на терминал да ви биде изработена документацијата,- во шега истакна Арнаутов. Од активностите што дадоа посебен белег на организационото делување на МИФА во изминатата година, посебно беше истакната успешната организација на 9. Конгрес на меѓународни

шпедитери и логистички оператори, што се одржа во Охрид од 21-23 мај 2009 година. Применувајќи го институционалниот метод на делување, беше нагласено дека основните активности на МИФА во наредниот период ќе бидат насочени, пред се, кон натамошно унапредување и продлабочување на соработката со надлежните државни органи и институции, особено со Царинската управа на Република Македонија, како и на внатрешната организираност на Групацијата, согласно наметнатите услови на стопанисување.

**17.02.2010 година**

**Здружение на енергетиката, црната и обоената металургија**
**за Правилата за пазар на електрична енергија - КВАЛИТЕТНА РЕГУЛАТИВА БРАНА ОД ТРОШКОВНИОТ УДАР**

Здружението на енергетиката, црната и обоената металургија при Стопанската комора на Македонија расправаше по особено значаен документ - Правилата за пазар на електрична енергија. Правилата за пазар на електрична енегрија, кои ги регулираат пазарот на електрична енегрија и пазарот на балансна енергија, заедно со Законот за енегретика, кој што исто така е во фаза на изготвување и донесување, се клучните документи кои го регулираат енергетското живеење во државата. Она што посебно ги засега членките на Здружението, особено металуршките компании е балансирањето на електричната енергија, која би можела трошковно да ги оптовари компаниите доколу не се донесе квалитетна регулатива, која треба да ја содржи и методолгијата на пресметка на балансната цена. Во овој контекст, во услови кога не би имало доволно понудувачи на електрична енергија, беа дадени предлози таа да биде одредена како највисоко дозволена цена, односно да се определи од страна на Регулаторот. Операторот на електропреносниот систем на Македонија, треба да одреди листа на понудувачи и листа на побарувачи на електрична енегрија со цел нивно поврзување на транспарентен начин, како и формирање балансни групи. Поаѓајќи од потребата да се изготви квалитетен документ, кој нема да има последици по економскиот и вкупниот живот во државата, Регулаторната комисија за енергетика на РМ изрази подготвеност во периодот до донесување на Правилата за пазар на електрична енергија да организира средби со заинтересирани целни групи или одделно со компаниите.

**19.02.2010 година**

**Министерот за транспорт и врски, Миле Јанакиески, на средба со градежните компании од земјава – ПОВИК ДО КОМПАНИИТЕ ЗА УЧЕСТВО НА ТЕНДЕРИ ШТО НАСКОРО ЌЕ СЕ ОБЈАВАТ**

Миле Јанакиески, министер за транспорт и врски, во скопскиот хотел „Александар Палас“ имаше средба со голем број градежни компании од земјава На собирот им се обрати и Антони Пешев, претседавач на Собранието на Стопанската комора на Македонија. Градежништвото, сепак, успеа во 2009 година да постигне добри резултати и покрај потешкотиите со кои се соочуваат фирмите во тековното работење. Вложувањата во градежништвото го мултиплицираат обртот, со бенефит, како за државата, така и за фирмите. Постигнати се позитивни резултати со извршување на веќе отпочнатите договорни работи, а во 2010 година состојбата уште повеќе да се подобри, имајќи во предвид дека од страна на Владата на Република Македонија се подготвува трет пакет кризни мерки во насока на подобрување и унапредување на бизнис - климата во земјата, а во тие рамки и во градежништвото. Беа поставени многу прашања од страна на градежните компании, кои можат да се систематизараат во неколку групи и тоа: неправилности при објавување на тендерите, па се до фаворизирање на одредни фирми; потпишување на билатерални договори со земји каде настапува македонската оператива, заради меѓусебно признавање на лиценците на македонските компании во странство; иницијатива за посета на земји каде македонското градежништво имаше високи референци (на пример - Алжир, Иран и други); наплата на побарувањата за извршените услуги од страна на фирмите од повеќе министерства.



**22.02.2010 година**

**Здружение на производителите на тутун и производи од тутун –**
**МОМЕНТАЛНИТЕ СОСТОЈБИ ВО ПРОИЗВОДСТВОТО НА ЦИГАРИ**

Во примарното производство (на суров тутун во лист) постои позитивен тренд како резултат на поволните откупни цени и субвенцијата од 1 еур/кг што резултира со зголемување на бројот на вработени во примарното производство за 1% во однос на претходниот месец оваа година односно 7% во однос на 2009 година. Падот во тутунската индустрија е забележан кај тутунските производи и истиот се должи на стапување во сила на Законот за графички предупредувања по здравје на цигарите. Министерството за здравство кое беше носител на оваа активност доцнеше со донесувањето на Правилникот и практично дојде до пробивање на законски предвидениот рок од една година за прилагодување на фирмите.

Регулативата беше донесена пред нова година. Фирмите од тутунската индустрија преку Стопанската комора на Македонија во контактите со Владата на РМ издејствуваа пролонгирање на примената на оваа регулатива од 3 месеци (отпочна од 24.04.2010) со грејс период од уште три месеци за чистење на залихите (24.07.2010), Сето ова резултираше со намалено производство на тутунски производи и ваквата тенденција се очекува да продолжи до јули до кога е предвидено и чистењето на залихите без графички приказ за штетното дејство од цигарите.

Намалената потрошувачка е пак резултат на Законот за пушење во јавни простории. Искуствата и од другите земји во соседството покажаа драстично намалување на потрошувачката на цигари. Сепак, со последните промени во законската регулатива се очекува да се надмине ваквиот тренд.

**24.02.2010 година**

**Здружение на производителите на тутун и производи од тутун –**
**РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ ВО ТУТУНСКАТА ИНДУСТРИЈА СО ОТКУПОТ НА ТУТУН ОД ОВОГОДИНЕШНАТА РЕКОЛТА**

Производителите покажаа задоволство од откупната цена како и откупните фирми со понудените количини и квалитет на тутунот. Претставникот на МЗШВ, г-дин Алириза Елези констатира дека премија се дава за договорен и предаден тутун иако со години се провлекува проблемот со еден дел од производителите кои немаат договори, појава која во иднина, а посебно по донесувањето на Законот за тутун, нема да биде толерирана понатаму. Здружението на производителите на тутун и производи од тутун го избра г-дин Кирил Филипоски-Институт за тутун-Прилеп за претседател.

**25.02.2010 година**

**Здружение на кожарско-преработувачката индустрија - КИНЕСКИТЕ ЧЕВЛИ ГИ ЗГАЗИЈА ДОМАШНИТЕ ПОГОНИ**



Последиците од глобалната економска криза и натаму силно ја притискаат кожарско - преработувачката индустрија. Од почетокот на март се затвораат голем број капацитети за производство на обувки во Куманово, со неизвесност за нарачки од странските партнери до крајот на првото полугодие од годината. Ова беше предупредено на седницата на Здружението на кожарско - преработувачката индустрија одржана во Стопанската комора на Македонија. Стопанствениците од оваа преработувачка индустрија ценат дека дел од антикризните мерки се во функција на ублажување на последиците од економската криза, при што посебно ја истакнаа успешната соработка со Царинската управа на РМ. Но, основниот проблем е натамошниот голем узвоз на обувки од Кина, кои го отежнуваат, во актуелните услови, неопходното поголемо ориентирање на компаниите кон производство за домашен пазар. Во таа насока потребно е превземање покомплексни активности за заштита на домашното производство, покрај дугото и со доследна примена на Правилникот за начинот на етикетирањето на материјалите што се користат во главните компоненти на обувките што им се продаваат на потрошувачите.

**1.3.2010 година**

**Групација за откуп, преработка и користење на секундарни суровини - ЗАГРИЖЕНОСТ ЗАРАДИ ПОВТОРНИТЕ КРАЖБИ НА МЕТАЛИ**

Повик до менаџерските тимови на јавните претпријатија и пошироката јавност за поголема грижа за предметите што се во јавна употреба

-Изразувајќи крајна загриженост и осуда за повторните девијантни појави - кражби на метали. Групацијата упати апел до своите членки за целосно придржување кон Уредбата за определување на производи и материјали што се во општа употреба а кои вршителите на дејноста трговија со неопасен отпад не смеат да ги откупуваат од индивидуалните собирачи на отпад, но ги повикува и менаџерските тимови на јавните претпријатија и пошироката јавност за поголема грижа за предметите што се во јавна употреба. Трговските друштва, членки на Групацијата, напоменуват дека во целост ги поддржуваат препораките на Комитетот за решавање на проблемите поврзани со состојбата со управување со отпад, кои што даваат соодветни резултати. Но, во функција на натамошно подобрување на состојбите во дејноста предлага поширока координирана општествена активност за намалување на нелегитимните појави во дејноста.

**8.3.2010 година**

**Здружение на хемиската индустрија - REACH БАРА НОВ ЗАКОН ЗА ХЕМИКАЛИИ**

Здружението на хемиска индустрија активно ќе партиципира со свој претставник во работната група на Министерството за здравство во донесувањето на новата законска регулатива за хемикалии. Директорот на Бирото за лекови при Министерството за здравство, м-р Илчо Захариев истакна дека законската регулатива за лекови и за фармацевтски производи е заокружена, останува да се направат потребните измени во Законот за хемикалии со цел да се создаде законска основа за REACH - регулативата на ЕУ за хемикалии. Со оглед дека се работи за голем број промени, потребно е да се изработи нов закон. REACH регулативата и во рамките на ЕУ се применува етапно, до 2017 година, со оглед дека истата бара ангажирање на големи средства. Во нашата регулатива, според искажувањето на м-р Илчо Захариев, ќе се даде исто така голем преоден период, што всушност се покажа како неопходно и во примената на другата регулатива од надлежност на Бирото за лекови.

**9.3.2010 година**

**Здружение на банкарство**

На покана на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, се одржа состанок со претставници од Здружението на банкарство (присутни над 20 претставници од банки) на кој се дискутираше за усогласување на постапката за добивање на финансиски средства согласно ИПАРД програмата 2007-2013 со постапка за добивање кредити кај деловните банки, со цел да се обезбеди единствен пристап при евалуацијата на деловните планови, кои се дотавуваат од барателите на финансиските средства.

**10.3.2010 година**

На седница на Собранието на Стопанската комора на Македонија се направи презентација за актуелните состојби во банкарскиот сектор на РМ од страна на Игор Давков, генерален директор на Сектор супервизија, банкарска регулатива и финансиска стабилност при НБРМ и Ѓорѓи Јанчевски, претседател на Здружението на банкарство при Комората и претседател на УО на НЛБ Тутунска банка, а.д, Скопје.

**11.3.2010 година**

**Здружението на металната и електроиндустријата -**
**МЕРКИТЕ СЕ ДОБРИ, АМА ПОТРЕБНИ СЕ И НОВИ**

Податоците за јануари годинава, во однос на истиот период од 2009 година, покажуваат намалување на производството во сите гранки од металната и електроиндустријата во државава. Глобалната економска криза и натаму влијае за намалување на нарачките од домашен и странски пазар, на зголемена неликвидност, задолженост на стопанските субјекти, намалување на бројот на вработени, како и блокирање на жиро- сметки на копании. Стопанствениците од овој комплекс оценија дека дел од донесените антикризните мерки се во функција на ублажување на последиците од економската криза. Притоа, посебно ги истакнаа мерките за лимитирање на каматната стапка на кредитните линии од ЕИБ и МБПР во рок од две години, можноста од доставување на периодични финансиски извештаи од банките во електронска форма до УЈП, раздвојување на денот на плаќањето на обврските по бруто-плата и придонеси со обврската за даноци и ДДВ од 15-ти на 25-ти во тековниот месец, намалување на надоместокот за приватизација на градежното земјиште кај правните лица за 30% и други мерки.

**11.3.2010 година**

**Здружение на банкарство**

Стопанската комора на Македонија во соработка со АЦИ Македонија одржа семинар на тема „Техничка и фундаментална анализа како рационалана основа за оптимална тактика и стратегија при тргување со финансиски инструменти“. На семинарот учествуваа 30-тина претставници.

**15.3.2010 година**

**Здружение на банкарство**

По повод Светскиот ден на правата на потрошувачите, претставници од Здружението на банкарство при Комората, учествуваа на Тркалезната маса организирана од Министерството за економија на тема „Наши пари-наши права, фер финансиски услуги”.

**15-16.03.2010 година**

**Конференција на директорите на царинските управи од европскиот регион на Светската царинска организација (WCO) во Охрид – УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ КОНТРОЛИ ЗА ОЛЕСНУВАЊЕ НА БИЗНИСОТ ВО РЕГИОНОТ**

Управувањето со ризик е најзначајната димензија во функционалноста на царините. Ова беше основната констатација од дводневата конференција на директорите на Царинските управи од европскиот регион на Светската царинска организација (WCO) што се одржа во Охрид, во организација на Царинската управа на Република Македонија. Во присуство на претставници на 46 царински управи од Европа и Азија, на Европската Комисија, на WCO, на RILO (регионални разузнавачки канцеларии за врски) и на други гости од државните институции и од бизнис заедницата, со конференцијата претседаваше директорот на Царинската управа на Луксембург, Ален Бело. Поздравно обраќање до присутните имаа г-дин Зоран Ставревски, потпретседател на Владата на Република Македонија и министер за финансии, и Ванчо Каргов, директор на Царинската управа на Република Македонија, кои истакнаа дека Конференцијата е одлична прилика за разгледување на развојот во царинското работење во европскиот регион во минатата година, како и правците за натамошен развој. На овој значаен форум, достојно внимание беше посветено и на соработката и партнерството на царините со бизнис заедницата, како еден од дефинираните стандарди на делување на WCO. За воспоставеното партнерство и постигнатите резултати меѓу Царината на Р.Македонија и деловната заедница свое излагање имаа и членови на националното Советодавно тело, формирано од претставници на Царинската управа и бизнисот и кое е во функција на унапредување на нивната меѓусебна соработка.

**19.3.2010 година**

**Македонска асоцијација на рударството – МАР**

**- РЕД ВО ЕКСПЛОАТАЦИЈАТА НА МИНЕРАЛНИТЕ СУРОВИНИ**

Македонската асоцијација на рударството – МАР при Стопанската комора на Македонија на седницата, расправаше за остварените производствени резултати во секторот минерални суровини во изминатите години, како и за проблемите околу законската регулатива во овој сектор, при што беше констатирано дека физичкиот обем на произвдството во 2009 година започна да бележи опаѓање во делот на експлоатцијата на рудите и кај металичните и кај неметалните минерални суровини, како последица на светската економска криза, но и заради намалените инвестициони вложувања во нашата земја, посебно во инфраструктурни објекти. За подобрување на состојбата, компаниите се залагаат посебно внимание да се посвети и на концесиите за металични минерални суровини, бидејќи во моментот има само четири рудници кои работат, во кои се вложува во нови технологии на откопување, а просторот веќе бара нови проширувања - односно концесии. Дивото експлоатирање на минералните суровини (песок и чакал) од речните корита, што придонесува за нарушување на теченијата на реките, деградирање на просторот, скоро кај сите реки во државата. Македонската асоцијација на рударството го поздрави изговувањето на нацрт Стратегијата за геолошки истаржувања, одрживо искористување и експлоатација на минералните суровини за периодот 2010 -2030 година. На седницата беше избран нов Управен одбор на МАР од 11 члена, а на Николајчо Николов и на Шефки Алити, им беше дадена повторно доверба со избор за претседател и заменик претседател.




**31.3.2010 година**

**Здружение на банкарство**

Во организација на Стопанската комора на Македонија и „Фортун-Македонија“, беше спроведен еднодневен тренинг на тема: „ Управување со банкарскиот недвижен имот - Преглед на комерцијалните недвижности на македонскиот пазар за 2010 година“. Предавачи на тренингот беа Ксавиер Пинчарт, менаџер и партнер на „Фортун-Македонија“ и Михаела Лашова, раководителка на пазарот на капитал од „Фортун Интернационал“, а на тренингот учествуваа претставници од финансиските институции во Р.Македонија.



**8.4.2010 година**

**Групација за климатизација, греење, ладење и проветрување -**

**РАСПРАВА ПО ПРЕДЛОГ СТРАТЕГИЈА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ**

Имајќи го предвид фактот дека енергетските потреби во светот се во постојан пораст, а конвенционалните енергенси се со надолен тренд, домаќинското користење или енергетската ефикасност на сите расположиви енергенси се наметнува како императив во современото живеење, особено во земјите со ограничени економски можности и енергетски ресурси, беше истакнато на седницата на Групацијата КГЛП во рсправата по два значајни документи од оваа област, Стратегија за унапредување на енергетската ефикасност и Национален акционен план за енергетска ефикасност. Слабата поврзаност со базата, односно приод на академско изготвување на вака сериозни документи, кои претставуваат алат за сите субјекти кои се занимаваат со

енергетската ефикасност реално ќе има негативни реперкусии на нивниот квалитет и особено врз нивната практична применливост. Групацијата ги даде следните забелешки: според содржината понудените документи се недоволно јасни и тешко применливи, отсуствува јасен приказ на институционалната поставеност во функција на унапредување на енегретската ефикасност, не се јасно дефинирани позициите на сите субјекти во секторот, не се прави разлика помеѓу "енергетска ефикасност" односно "коефициентот на полезно дејство на уредите, пропусти во резиденцијалниот сектор во Нацрт националниот акционен план за енергетска ефикасност, целосно отсуство на делот за едукација и медиумска презентација како предуслови за создавање капацитет за унапредување на енергетската ефикасност со цел нивно вградување во квалитетна и применлива регулатива.

**13.4.2010 година**

**Работна средба на министрите за одбрана и за транспорт и врски со градежните компании и производителите на градежни материјали- ЗА ГРАДЕЖНИЦИТЕ РАБОТА, ЗА ВОЈНИЦИТЕ СТАНОВИ**



Во организација на министерствата за одбрана и за транспорт и врски, во Домот на АРМ беше организиран работен појадок на ресорните министри со претставниците на градежните компании и производителите на градежни материјали. Поводот беше Проектот "АРМ мој вистински дом", со кој се предвидува изградба на околу 4.300 станови за вработените во Армијата на Република Македонија. На средбата свое обраќање имаше претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески, кој истакна дека градежната оператива има голем интерес за вклучување во овој проект, преку кој Владата ја потврдува заложбата за подобрување и унапредување на бизнис-климата во градежништвото. Во оваа насока, Бранко Азески се заложи Владата да го продолжи важењето на рокот за стапката од 5% за ДДВ и по декември 2011 година, бидејќи со ова се поттикнува станбената изградба, што е во интерес и за останатите инвестициски и економски активности на компаниите. Според анализите кои се направени во Комората, може да се констатира дека градежништвото во оваа година има поголем фронт за работа во земјата, од причина што договорените работи уште на стартот на годината, бележат зголемување за околу 49% споредено со истиот период од минатата година, – истакна Бранко Азески. Се надевам дека 2010 година ќе биде поуспешна за градежниците, но и за производителите на градежни материјали, кои го следат градежништвото, а бруто домашниот производ на градежништвото ќе бележи тренд на зголемување и неговото учество на ниво на земјата ќе изнесува повеќе од 5,5. За реализација на Проектот, покрај средства на АРМ, се планира поддршка и од банки, истакна Зоран Коњановски, министер за одбрана.

**14.04.2010 година**

**Здружение на банкарство**

Во организација на Здружението на банкарство во Стопанската комора на Македонија се одржа презентација на проектот, КИБС – процесор за размена на трансакции за е-трговија




**14.04.2010 година**

**Здружение на банкарство**

НЛБ Тутунска банка и Меѓународната финансиска корпорација (IFC) склучија Договор за нова кредитна линија во износ од 25 милиони евра. Средствата од оваа кредитна линија се наменети за кредитирање на мали и средни претпријатија од областа на производните, услужните и трговските

дејности. Максимален износ на кредитот до крајниот корисник е во висина од 750.000 евра и рок на отплата до 5 години, со вклучен грејс период до 2 години. Компаниите ќе можат да го користат овој кредит за финансирање инвестициски проекти и тековно работење. IFC дополнително ќе обезбеди кредитна линија во висина од 3 милиони евра за поддршка на меѓународни трговски трансакции на малите и средни претпријатија.

**19.4.2010 година**

**Формирана Групација за противпожарна заштита и безбедност при работа**
**- ЗАЕДНИЧКО "ГАСНЕЊЕ" НА ПРОБЛЕМИТЕ НА ЧЛЕНКИТЕ**

Во Стопанската комора на Македонија, формирана е Групација за противпожарна заштита и безбедност при работа, како стручен облик на организирање и работење на овие дејности. Во рамките на Групацијата влегоа компании кои се занимаваат со производство, промет и услуги во делот на: противпожарни апарати, инсталации за дојава и автоматско гасење пожари, опрема и средства за гасење пожар наменети за професионалните противпожарни единици, средства за лична заштита, заштитна опрема, како и услуги и средства за безбедност и здравје при работа. Формирањето на Групацијата произлезе од потребата за заедничко разгледување на прашањата поврзани со унапредување на работењето, разрешување на тековните проблеми, предлагање на мерки од заеднички интерес, соработка со надлежни органи, институции и организации и др. Посебно беа истакнати активностите кои треба да се реализираат во правец на измени и дополнување на законски и подзаконски акти од оваа област, соработката со надлежните министерства, институции и организации.

**22.4.2010 година**

**Групацијата на мелничко-пекарската индустрија**
**- УВОЗ НА БРАШНО ПО ДАМПИНГ-ЦЕНИ ОД СОСЕДСТВОТО**

Одржан состанок на мелничко-пекарската индустрија, на кој беше разгледан увозот на брашно по дампинг-цени од соседството, пред се` од Република Србија, што претставува сериозен проблем кој го нарушува домашниот пазар. Фирмите побараа да се направи силен притисок до Владата на Република Македонија со цел да не се повтори минатогодишната ситуација. Владата на Република Македонија би морала да воведе стимулации за домашното производство на пченица на ниво како и она во соседството. Фирмите беа едногласни во примената на HACCP-стандардот како императив за квалитетно производство. За жал, поради неговото повеќекратно одложување, на пазарот владее голем хаос, а голем дел од фирмите се` уште го немаат имплементирано истиот.

**23.4.2010 година**

**Групацијата за противпожарна заштита и безбедност при работа**
**- "ИЗГОРЕНИ" ОД ЗАКОНСКАТА НЕУСОГЛАСЕНОСТ**

Компаниите кои се занимаваат со трговија со против-пожарна заштита и безбедбост при работа, заради 36-дневното важење на Правилникот за задолжителна ПП опрема во возилата, доведени се пред финансиски колапс, што ќе резултира со отпуштање на дел од вработените, а во најлош случај и до затварање на компаниите. Правилникот за задолжителна ПП опрема во возилата не е во согласност со правилниците донесени од страна на Министерството за внатрешни работи и Дирекцијата за заштита и спасување, а неусогласеност има и со Законот за безбедност во сообраќајот. Донесувањето и примената од само 36 дена на Правилникот (Службен весник 31/10 и измените во Службен весник 48/10), доведе до сериозни последици кои се манифестираа со дестабилизација на оваа стопанска гранка. Компаниите кои се бават со трговија со против-пожарна заштита и безбедбост



при работа се доведени пред финансиски колапс, што ќе резултира со отпуштање на дел од вработените, а во најлош случај и до затварање на компаниите. Како што беше изнесено на седницата на Групацијата, со овие вложени средства може да се изгради една солидна фабрика за ПП апарати, во која би се вработиле нови работници и би ги задоволила потребите на регионот Јужен Балкан. За надминување на моменталната неповолна состојба се препорача да се проучат и применат искуствата на примената на правилниците пред се од земјите членки на Европската унија. За пооперативно работење се формираа две работни тела-секции и тоа за областа на против пожарска заштита и безбедност и здравје при работа.

**28.4.2010 година**

**Градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметали со оптимистички поглед на годинава, но... - УШТЕ ДА СЕ „ИЗГРАДИ“ И СТАБИЛНА РЕГУЛАТИВА**

Побарано е во наредниот период да се посвети поголемо внимание на јавните тендери, посебно на критериумите при рангирањето, а исто така и на законската регулатива која многу брзо се менува, како во делот на урбанизмот, така и во делот на градењето. Во градежништвото работат 4004 активни градежни фирми, од кои 91% се мали (3658 фирми), додека средните и големите фирми изнесуваат околу 9% од активните фирми во земјата. Во градежништвото се вработени вкупно 40.749 лица. Во последните две години, согласно законските прописи, издадени се 1557 лиценци на фирми и 4123 овластувања на инженери кои се вклучени во градбата, Во станбената област се градат по околу 5000 до 5500 станови годишно, што како број е далеку под потребите на граѓаните за станови, а според анализите потребно е изградба и до 10.000 станови годишно. Во странство се извршени градежни работи во вредност од околу 63 милиони САД долари. За годинава се очекува поголема градежна активност и во земјата и во странство, што значи дека во градежништвото ќе продолжи трендот на ангажираност. Индустријата на градежни материјали и неметали, во текот на минатата година бележеше континиуран пад во производството, така што споредено 2009 со 2008 година, опаѓањето изнесуваше 31% кај експлоатација на рудите и 12% кај производството. За жал, овој тренд на опаѓање продолжува и во првите три месеци од оваа година. Инпутите во производството бележат зголемување, посебно мазутот, само за една година е зголемен двојно (од 17 денари на 35 денари по тон). На седницата, се направи избор на нови членови на Управниот одбор на Здружението. За претседател беше избран Никола Велковски, а за потпретседатели Атанас Ристевски и Васил Јовановски.

**29.04.2010 година**

**Македонската енергетска асоцијација расправаше по предлог-текстот на Правилникот за пазарни правила за електрична енергија - РЕШЕНИЈА ПРИЛАГОДЕНИ НА ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИОТ СИСТЕМ ВО ДРЖАВАВА**




Претставници на енергетските компании, на големите потрошувачи, надлежните институции и научната јавност во рамките на Македонската енергетска асоцијација-МЕА, расправаа по предлог-тексотот на Правилникот за пазарни правила за електрична енергија. Станува збор за исклучително значајна регулатива, во која евентуелното несоодветно дефинирање на цената на балансната енергија може да имплицира сериозни последици врз индустријата, - истакна д-р Димитар Хаџи-Мишев, претседател на МЕА. Во оваа, како и во претходните расправи, стопанствениците сугерираат донесување пазарни правила за електрична енергија кои би биле прилагодени на електроенергетскиот систем во државата, но и на можностите на потрошувачите. Во актуелните услови и опкружувањето во коешто истите се донесуваат, квалификуваните потрошувачи би требало целосно да го понесат товарот од промената на пресметковниот период на урамнотежување меѓу номинираните и

искористени количини електрична енергија.  Стопанствениците го поддржуваат приближувањето кон  легислативата на ЕУ, но само доколку се обезбедат услови за целосно отворање на пазарот на електрична енергија и за негово опстојување. По предложениот текст на пазарните правила беше забележано и отсуството на останатите пропратни документи, од кои ќе зависи степенот на успешноста на неговата имплементација.

**8.5.2010 година**

**Средба со новите членки на Стопанската комора на Македонија  - ЗАПОЗНАВАЊЕ СО ПРИДОБИВКИТЕ ОД ЧЛЕНУВАЊЕТО ВО КОМОРАТА**



Пред претставниците на новите членки на Комората, беше презентирана новата кредитната  линија за мали и средни претпријатија на НЛБ Тутунска банка и ИФЦ. Стопанската комора на Македонија продолжува со доближувањето на информациите од институциите до своите нови членки, како дел од информирањето на компаниите за придобивките од зачленувањето во Комората.  На средбата, на којашто присуствуваа 40 компании, пред се` нови членки, помошник-директорот на Секторот за кредитирање при НЛБ Тутунска банка, Биљана Степанулеска Почевска, ја претстави новата кредитна линија за мали и средни компании на Банката, започната пред една недела во соработка со ИФЦ, а воедно ги запозна заинтересираните компании со начинот и условите за  аплицирање. Претставникот на ИФЦ Македонија, Зоран Мартиновски, дополнително ги запозна присутните со плановите и дополнителните нефинансиски услуги кои ги нуди Меѓународната финансиска корпорација на македонските компании.

**15.5.2010 година**

**Расправа по нацрт-верзијата на Правилник за граничните вредности на емисиите - ЕВРОПСКИТЕ ДИРЕКТИВИ СО ЕВРОПСКИ РОК НА ПРИЛАГОДУВАЊЕ**

Стопанствениците го поздравуваат донесувањето на новиот Правилник за граничните вредности на емисии и очекуваат со него да се надминат проблемите предизвикани поради досегашната неусогласеност на оваа регулатива. Во Предлог текстот на Правилникот направен е обид при транспонирање на ЕУ директивите за оваа област  истите да се прилагодат кон условите на нашите компании- истакнаа претставници на надлежното минситерство. Станува збор за обемен и сложен материјал, во кој се утврдуваат граничните вредности за емисии од стационираните извори по одделни дејности и истиот е особено значаен за компаниите кои подлежат на интегрирани А и Б еколошки дозволи. Претставниците на енергетските  компании укажаа  на неопходноста од пролонигирање на преодниот период за усогласување  - на 15 години од неговото донесување, kako што е во земјите од ЕУ,  кадешто се далеку поповолни условите од аспект на можностите за користење фондови за екологија и кредитни средства.

**17.05.2010 година**

**Здружение на осигурувањето - ДОРЕГУЛАЦИЈА НА ОСИГУРИТЕЛНИОТ ПАЗАР**



**За претседател на Здружението за наредните пет години е избран  Трајче Латиновски, генерален директор на “Вардар Осигурување“, членка на групацијата „Триглав“,  а за заменик претседател е избрана Весна Ѓорчева од QBE-Македонија осигурување и реосигурување**

Работатата на Здружението во изминатиот петгодишен период се одвиваше во услови на крајно хаотичен осигурителен пазар во државава. Но, со оглед

дека од лани започна со работа Агенцијата за супервизија на осигурувањето, се надеваме дека пазарот на осигурување во Република Македонија ќе заплива во многу помирни води. Во изминатите години во Здружението членки беа речиси сите осигурителни компании.

Ова го истакна Весна Ѓорчева, досегашниот претседател на Здружението на осигурувањето, на седницата на која беа избрани новите органи на Здружението за мандатниот период од 2010 до 2015 година.

За претседател на Здружението за наредните пет години е избран Трајче Латиновски, генерален директор на "Вардар Осигурување",членка на групацијата „Триглав", а за заменик претседател е избрана Весна Ѓорчева од QБЕ-Македонија осигурување и реосигурување, а за заменик претседател е избрана Весна Ѓорчева од QБЕ-Македонија осигурување и реосигурување.



Како и пред сите институции на пазарот на осигурување, и пред Здружението ќе стои голем предизвик. Во наредната година иппол како регион влегуваме во фаза каде што ќе мора целосно пазарот на осигурувањето да се регулира со подзаконските акти, законски измени и дополнувања. Ќе ги инсистираме надлежните органи и институции кои се повикани да ги менуваат и донесуваат тие подзаконски акти, тоа да го прават со поголема динамика, со цел осигурителниот пазар да се регулира квалитетно. Со тоа и компаниите ќе бидат позадоволни и ќе можат поквалитетно да си ја извршуваме работата – истакна Трајче Латиновски.

Здружението на осигурувањето при Стопанската комора на Македонија е основано на 22.2.2005 година. Во него доброволно членуваат осигурителните друштва и брокерските друштва за осигурување, како и друштвата кои се занимаваат со пензиското осигурување. Инаку, во нашата држава функционираат 13 осигурителни друштва, од кои две се занимаваат исклучиво со животно осигурување. Нивниот број се зголемува во последните години што укажува на фактот дека има интерес за инвестирање од домашни и странски компании во овој сектор. Исто така, во оваа дејност функционираат и 2.200 осигурителни агенти и 11 брокерски друштва за осигурување, што упатува на атрактивноста на осигурителниот пазар. Во дејноста се и две друштва кои се занимаваат со пензиско осигурување, вклучени во вториот и третиот пензиски столб и тоа "КБ Прво пензиско друштво" и "Нов пензиски фонд". Во дејноста осигурување функционира и Национално биро за осигурување.

**19.5.2010 година**

**Здружение на комуналните дејности**

**СОПСТВЕНИТЕ ПРОБЛЕМИ НАЈТЕШКО СЕ ЧИСТАТ**

Здружението на комуналните дејности, расправаше за проблемите во комуналниот сектор, со посебен акцент на ненаплатените побарувања за извршените услуги од државните институции. Поголемиот дел од претставниците на комуналните претпријатија во своите дискусии истакнаа дека наплатата различно се движи по градови, како од физичките, така и од правните лица, но и од државните институции. Иако инструментот за наплата по судски пат се користи во многу случаи, сепак повеќето комунални претпријатија не пристапуваат кон поднесување тужби за реализирање на побарувањата од државата, посебно од здравствените институции. Поради комплексноста на комуналната проблематика, се заклучи да се води одвоена расправа за поодделни проблеми од комуналната дејност кои се, пред се', од заеднички интерес на сите комунални претпријатија, меѓу кои се: надминување на проблемот за наплата или компензација на дел од сметките за социјалните случаи, кои претставуваат оптоварување на претпријатијата; расправа на тема за неусогласеноста на законската регулатива во комуналниот сектор и појава на нелојална конкуренција, како и за други проблеми и теми кои дополнително треба да бидат предложени од претпријатијата.



**22.5.2010 година**

**МАКЕДОНСКАТА АВТОИНДУСТРИЈА НА ПРВИОТ МЕЃУНАРОДЕН САЕМ „SEE AUTO COMPO NET 2010“ ВО КРАГУЕВАЦ**

Стопанската комора на Македонија во соработкасо Агенцијата за поддршка на претприемаштвото на РМ и Автомобилскиот кластер на Македонија, а со поддршка на Германското друштво за техничка помош и за соработка, ја претставија македонската автоиндустрија на првиот меѓународен саем „CEE Auto Compo Net 2010”.

Саемот се одржа во Крагуевац од 19 до 21 мај 2010 година. На заедничкиот штанд на Стопанската комора на Македонија се претставија четири македонски компании: „АМАК СП од Охрид“, фабрика за амортизери „СТД“ од Нов Дојран, Тете пласт“ од Скопје И „ЕАН СОФ“ од Скопје. Во текот на саемот македонските компании имаа бројни средби со компании од регионот. Првиот меѓународен саем на производители на автокомпоненти е, всушност, почетниот чекор во реализацијата на остварување на една идеја за обединување и платформа за интеграција на производителите на автокомпоненти од Западен Балкан и заеднички настап пред светски реномираните производители на сите видови возила.

**25.5.2010 година**

**Здружението на банкарството** при Стопанската комора на Македонија во соработка со Управата за спречување на перење на пари и финансирање на тероризам организираше обука на тема – „СПРЕЧУВАЊЕ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗМОТ“.

**26.5.2010 година**



**Во организација на Здружението на банкарство при Стопанската комора на Македонија во соработка со АЦИ Македонија** - Здружение на финансиски пазари и компанијата Tenfore/ Europoint во Стопанската комора на Македонија се одржа семинар на тема Real time банкарство-податоци, тргување, анализа.

На семинарот присуствуваа голем број на учесници од финансиските институции и носители на финансискиот пазар во земјата, како и преставниците на нивните ИТ оддели како значајни. Гости на семинарот беа преставниците од реномираната компанија Morning star, провајдер за независни инвестициски истражувања (софистицирано поддржан интернет линк и софтвер за менаџирање на различни финансиски продукти за индивидуални инвеститори, финансиски консултанти и институционални клиенти): г-дин Ричард Барден (Morningstar Лондон), г-дин Корадо Касар Скалиа и г-дин Давид Пелуси (Morningstar Италија) и преставниците на Europoint, г-дин Марио Миљуш и г-ѓа Билјана Јовановска.

**26.5.2010 година**

**Конференција “Корпоративни бизнис-принципи и предизвиците на глобалната корупција“ - КОРУПЦИЈАТА ПОЧНУВА СО ПОТКУП**

По првиот бран на антикорупциски активизам и активности на корпоративна општествена одговорност, бизнисот во целиот свет сега има појасна одговорност, подлабок интерес за себе и поголем потенцијал да заземе витална улога во борбата против корупцијата. Ова е клучната порака во Извештајот за корупцијата во светот за 2009 година, којшто беше презентиран од “Транспарентност нулта корпупција“, на конференцијата “Корпоративни бизнис-принципи и предизвиците на глобалната корупција“, што се одржа во Стопанската комора на Македонија. Според Глобалниот извештај за корупцијата 2009, изготвен од Транспаренси Интернешнал, нивото и опсегот на поткупот во бизнисот се запрепастувачки. На речиси два од пет директори им бил побаран поткуп во контактите со јавните институции. Половина од нив процениле дека митото

ја зголемува цената на проектот за најмалку 10 отсто. Еден на секои петмина тврделе дека го губат бизнисот поради поткупот што го плаќала конкуренцијата. Корупмираните политичари и државни службеници во земјите во развој, пак, примаат поткуп кој се смета дека достигнува меѓу 20 и 40 милијарди долари годишно, што е 20 до 40 проценти од официјалната помош за развој.. На Конференцијата од страна на д-р Слаѓана Тасева, претседателка на ТНК, беше промовиран и водичот “Деловни принципи за борба против поткуп“, а на темата: “Заштитете го вашиот бизнис – приватниот сектор и антикорпцијата“ презентација имаше Гро Скарен Фистро, специјален советник на Транспаренси Интернешнал од Норвешка.




**31.5.2010 година**

**Прес-конференција во Стопанската комора на тема: “Текстилната индустрија – предлози и излезни решенија“ - ДА НЕ ИЗБЕГА ТЕКСТИЛОТ НА ИСТОК**

Во првиот квартал од 2010 година вкупниот извоз на текстилната индустија изнесува 152,4 милиони САД долари, што е за 5 % помалку во однос на истиот период лани. Ова намалување, како и вкупниот пад на извозот во 2009 година за 9 проценти во споредба со 2008 година, не беше резултат само на светската криза, туку и на незапирливиот тренд на селење на текстилната индустрија во земјите со многу помали давачки. Ова го истакна Ангел Димитров, претседател на Здружението на текстилната индустрија при Стопанската комора, на редовната прес-конференција во Комората, на која тема беа состојбите во оваа индустриска гранка, како и предлозите и излезните решенија за надминување на состојбите, кое ги донесе и усвои Здружението. - За тоа колку сме ние неконкурентни во однос на земјите каде што се сели текстилот, зборува податокот дека нашите минимални давачки по вработен се околу 90 евра, додека во Бангладеш, Кина, Пакистан, Виетнам, работниците работат за 15 до 20 евра месечно. Таквата конкуренција ние не можеме да ја издржиме, – рече Ангел Димитров. – Но, од друга страна, наши предности се близината на европскиот пазар, традицијата и контактите што ги имаме со странските партнери. Соочени со овие состојби, во борба за опстанок, членките на Здружението на текстилната индустрија, разгледувајќи ги начините што треба да се смени за гранката да остане конкурентна и дел од „ЛОН„-производството да го насочи кон класичен извоз, заклучија дека неопходни се следните промени во доменот за подобрување на деловното окружување: остварување на политиката на рамномерен регионален развој и водење на политика за поттикнување на трудоинтензивните дејности, во кои спаѓа текстилната индустрија, со оглед дека Република Македонија се` уште располага со релативно обемна работна сила која не е вработена и која бара вработување; целосно укинување на банкарска гаранција за фирми кои ангажираат најмалку 80% од своите капацитети за „ЛОН„-доработки и кои во период од најмалку 2 години не сториле прекршок во поглед на испораката на облагородената стока; преземање сериозни мерки за спречување на „сивата„ економија и подоследна примена на прописите за поседување атести и исполнување на други критерими што ги примнува ЕУ сврзани со квалитетот на увозот на стоки.



**4.6.2010 година**

**Претставниците на Здружението на текстилната индустрија на средба во Министерството за економија -**

**КЛУЧНИТЕ ПРЕДЛОЗИ ЗА СПАС НА ГРАНКАТА ПРЕД ВЛАДАТА**



Намалување на царината за увоз на репроматеријали и надоместокот за придонеси за плати, укинување на банкарските гаранции за увоз на репроматеријали за лон производство, овозможување поефикасно искористување на пристаништата во Солун и Драч за увоз на репроматеријали од Кина и утврдување субвенции за текстилот по примерот на земјоделството – се барањата на Здружението на текстилната индустрија при Стопанската комора на Македонија што им беа изнесени на средбата во Министерството за економија. Имавме можност за дијалог со деловните субјекти со цел да се слушнат предлозите и проблемите на претставниците на текстилната индустрија. Нивните барања ќе бидат презентирани пред Владата на Република Македонија да се помогне полесно да ги надминат проблемите со кои се соочуваат, изјави министерот за економија, д-р Фатмир Бесими по средбата.

**9.6.2010 година**

**Јавна расправа на Македонската асоцијација на рудството – МАР за Стратегијата за минералните суровини - ПОЕДНОСТАВНО ДО КОНЦЕСИИ**




Поддржан долгорочниот документ (2010-2013 година), а беше побарана стручна кадровска екипираност на Секторот за минерални суровини во Министерството за економија заради нејзина имплементација, односно формирање на Агенција за минерални суровини, како и екипирање на државниот инспекторат заради навремен надзор над вршењето на основните и деталните геолошки истаржувања, експлотација и наплата на концесискиот надоместок. Покрај членките на МАР, во јавната расправа учествуваа еминентни стручњаци од областа на минералните суровини (енергетски, метални, неметални и термални, термоминерални и подземни води) кои ја поздравија иницијативата што ја прави МАР за организирање на ваква расправа, која ќе придонесе за донесување на квалитетна Стратегија. Посебно беше истакната потребата од носење на јасна законска регулатива за минералните суровини, поедноставување на процедурите во добивање на концесии за детални геолошки истаржувања, добивање на концесии за проширување на концесиското поле, потоа неусогласеноста со други законски прописи, беше истакнато во расправата, преставува пречка кај многу концесионери во отпочнување со експлоатација на минералните суровини за кои имаат добиено и концесија.

**15.6.2010 година**

**Конференција и промоција на публикацијата „Во фокусот на енергетиката“**
**- МАКЕДОНСКИОТ ЕНЕРГЕТСКИ СЕКТОР Е ПРИМАМЛИВ ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ**

Расте интересот на големи светски компании за вложување во енергетскиот сектор на Југоисточна Европа, и тоа како во конвенционални извори, така и во енергетски капацитети за искористување на обновливите извори на енергија, беше истакнато на Конференцијата под наслов „Во фокусот на енрергетиката„ и на промоцијата на истоимената публикација. - Публикацијата е наменета за потенцијалните инвеститори во енергетиката во Регионот со намера да им даде практични совети, да ги запознае со актуелните пазарни можности, со моменталните услови за вложување и со перспективите за развој на енергетските системи во Регионот. Министерот за економија, д-р Фатмир Бесими, истакна дека енергетскиот сектор е приоритет на Владата на Република Македонија и ги изнесе активностите на државава на планот на развојот на енергетиката и создавање услови за стабилен и одржлив енергетски систем во државата на планот на стретешките документи за овој сектор, донесената Стратегија за развој на енергетиката на РМ до 2020 со визија до 2030 година, и двете стратегиии кои се во фаза на донесување - Стратегијата за обновливите извори на енергија и Стратегијата за унапредување на енергетската ефикасност. Во тек е усогласување на нашата со европската регулатива на овој план со донесувањето на нов Закон за енергетика.

**18.6.2010 година**

**Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметали – ЗАРОБЕНИ ВО СИНЏИРОТ НА НЕНАПЛАТЕНИ ПОБАРУВАЊА ОД ДРЖАВАТА**



Јавните набавки во РМ, имплементција на законската регулатива во градежништвото, почитување на договорните обврски во делот на навремена наплата и квалитетна наплата, како и состојбите во производството, извозот и увозот на градежни и неметали производи беа тема на расправа на седницата на Здружението. Градежниците редовно ги следат и аплицираат на објавените јавни тендери, меѓутоа, имаат забелешки по тендерите заради нејасно дефинирани правилата на учествување, не се почитуваат правилата за изработка на тендерската документација, често тендерите се нестручно изработени од некомпетентни лица, во критериумите често не се почитуваат одредбите од Законот за градење и друго. Градежниците истакнуваат дека, сепак, потешката работа е да се наплати изработеното, посебно од државните и локалните институции, при што излегува градежниците да ја финансираат градбата, да платат ДДВ на испоставена, а ненаплатена фактура, да обезбедат плата на вработените и да ги подмират сите други давачки кон државата. Компаниите производители на градежни, неметални и други производи кои го пратат градежништвото, на состанокот истакнаа дека јавните тендери, не само што создаваат финансиски проблеми на градежните фирми, туку имаат влијание и врз нив, од причина што синџирот на ненаплатени побарувања се рефлектира и кај нив и ги доведува во ситуација на голема неликвидност.

**21.6.2010 година**

**Прес-конференција во Комората за состојбите и проблемите во автобускиот сообраќај во земјава - ДИВИТЕ ПРЕВОЗНИЦИ ГИ КОЧАТ АВТОБУСКИТЕ КОМПАНИИ**

Автобускиот превоз на патници во државава ги преживува своите најтешки моменти. Слабата економска моќ, опаѓањето на обемот на транспортните услуги, зголемувањето на влезните трошоци, неповолната кредитна политика на државата за обнова на возниот парк, нелојалната конкуренција и слично, доведоа до стагнација и пад на економско-финансиската моќ на автобуските превозници. Беше истакнато дека причините за зголемениот обем во внатрешниот сообраќај се наоѓаат во осетно намалениот стандард на населението, каде што патувањата се сведени на најнеминовните, како и поради ефектите од зголемените инспекциски контроли за

спречување на нелојалната конкуренција. Еден од најтешките проблеми од екстерна природа, претставува нелојалната конкуренција предизвикана од таканаречените "диви превозници", во кои доминираат комби-превозниците и корисниците на приватни автомобили. Последните измени и дополнувања на Законот за превоз во патниот сообраќај, особено практичното заживување на примената на лиценците, придонесоа за создавање правен ред во вршењето на превозничката дејност и за одредено намалување на влијанието на нелојална конкуренција. Натамошното унапредување соработка меѓу превозниците, Министерството за транспорт и врски и Државниот инспекторат за патен сообраќај, на партнерска основа, се гледа како на еден од клучните фактори за осовременување на односите во оваа стопанска дејност. Во таа насока е потребно потпишување Меморандум за соработка и формирање на транспортен комитет како стручен оперативен форум.

**6.7.2010 година**

**Групацијата за откуп, третман и користење на секундарни суровини - БЕРЗАНСКИТЕ ЦЕНИ ГИ ПОЛАКОМИЈА И КРАДЦИТЕ**

Причина за позачестените кражби на секундарни суровини од јавните површини, но и од имотите на граѓаните, е зголемувањето на цените на обоените метали и на црната металургија. *Координираната активност на сите релеватни институции треба да придонесе за надминување на проблемите во оваа дејност и спречување на присутните девијантни појав, - истакна д-р Неџати Јакупи, министер за животна средина на состанокот со претставниците на Групацијата за секундарни суровини при Стопанската комора на Македонија на кој што учествуваа и претставници на другите релватни институции кои треба да се вклучат во потребната поширока координирана активност на овој план. Една институција не би можела сама да ги реши проблемите со нелегалниот откуп и пласман, присутен во делот на металните отпадоци, па затоа е потребно да се воспостави динамика на континуирани активности и средби, на техничко ниво, на кои ќе се дефинираат и координираат потребните активности на овој план. Стопанската комора на Македонија преку Групацијата за секундарни суровини не само што ги поддржува туку и претходно укажуваше на потребата од вакви активности, со цел да се делува превентивно на причините за нарушувањата во вршењето на дејноста управување со секундарен отпад, со што би се минимизирале последиците, особено ако се има предвид потребата од овие суровини за значајни индустриски процеси во државата.

**7.7.2010 година**

**Формирана Групација за керамички производи - НЕЛОЈАЛНАТА КОНКУРЕНЦИЈА ГИ ГАСНЕ ПЕЧКИТЕ**

На иницијатива на производители на керамички производи, во Стопанската комора на Македонија, се одржа состанок на којшто се формира Групација за керамички производи. Притоа, се расправаше и за актуелни проблеми во производството и пласманот на керамичките производи, влијанието на цената на енергијата во производството, тешкотии во пласманот на производите на странските пазари, намалени инвестиции во индивидуалната градба и друго. Беше истакнато дека производството има опаѓање од најмалку 10% споредено 2009 година со 2008 година, кое продолжува и во 2010 година, а дел од капацитетите оваа година воопшто и не се активирани, или има чести застои во производството, односно гасење на печките. Во наредниот период, Групацијата посебно внимание ќе посвети на европските стандарди, од причина што до септември треба да бидат усвоени сите стандарди кои се однесуваат за керамичките производи, а македонските стандарди да бидат повлечени. Реализацијата на оваа активност ќе биде во соработка со ИСРМ. За претседател на Групацијата за керамички производи, беше избран Васил Јовановски, директор на ТД ИГМ „Џумајлија“ од Лозово.

**9.7.2010 година**

**Работен состанок на Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите и Бирото за јавни набавки - РАСПРАВА ЗА МОДЕЛОТ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА ЗА РАБОТА**

На состанокот се водеше конструктивна дискусија при што беше потенцирано дека Законот за јавни набавки во Република Македонија, е еден од убедливо подобрите закони кои ја третираат

оваа проблематика, во Регионот и пошироко, и е усогласен со директивите на ЕУ. Во пракса, како и кај други закони, има проблеми во самата имплементација од причина што отсуствува стручноста при подготовка на тендерската документација и покрај тоа што има подготвено терк модел за подготовка на договори, кој е објавен на веб порталот на Бирото за јавни набавки. За самиот терк на договор, беше искажано дека треба да се направат корекции кои ќе придонесат за подобрување и олеснување при подготовка на новите договори од страна на договорниот орган односно нарачувачот или инвеститорот. На крајот посебно беше искажано негодување за најавената измена на Законот за јавни набавки, во кој во еден член се предвидува: “Во услови на донесување на измени и дополнувања на Буџетот на Република Македонија со кои се намалуваат одобрените средства, буџетските корисници можат да извршат промена на динамиката на реализација и/или плаќање на обврските од склучените едногодишни договори, по претходно обезбедена согласност од другата договорна страна, со склучување на анекс на договорот за продолжување на рокот за следната година или повеќе. За склучување на анекс на договорот потребна е согласност од Владата на Република Македонија.“Градежниците сметаат дека, со вакво законско решение, од улога на изведувачи, ќе преминат и во улога на инвеститори.

**13.7.2010 година**

**Групација за менаџмент консултантски и тренинг организации – ПОДГОТОВКА НА КОМПАНИИТЕ ЗА АПЛИЦИРАЊЕ ПРЕД ЕВРОПСКИТЕ ФОНДОВИ ФП7 и ЦИП**

Се подготвува серија обуки, консултантски советувања и конкретна поддршка за компаниите за што поуспешно аплицирање за средства од овие фондови. ЕУ – Проект-центарот за знаење и иновации додели ваучери од по 500 евра на компаниите “Вако”, “Венус”, “Валидент” и “Хисар компани”, а на општините Дојран и Валандово по 1250 евра. На 30 јули годинава, се очекува да бидат објавени 53 повици за користење средства од програмите ФП7 (седмата рамковна програма) и ЦИП – програмата за конкурентност и иновативност на Европската унија. Со оглед дека се работи за програми во кои македонските компании рамноправно учествуваат со компаниите од Унијата, Групацијата за менаџмент консултантски и тренинг организации (МКТО) при Стопанската комора на Македонија ќе преземе конкретни чекори за подготовка на компаниите успешно да аплицираат за овие програми и да се зголеми капацитетот за искористеност на овие средства. Како што истакна Ристо Иванов, претседател на Групацијата за МКТО, во соработка со домашни и странски организации, ќе бидат организирани серија обуки, консултантски советувања и конкретна поддршка за компаниите.




**10.9.2010 година**

**Усвоена Стратегијата за обновливи извори енергија – ИНВЕСТИЦИИ ОД 1,6 МИЛИЈАРДИ ЕВРА ВО ЕНЕРГЕТСКИОТ СЕКТОР**

Македонија до 2020 година, наместо 16,3 отсто како сега, 21 процент од вкупните потреби енергија ќе добива преку обновливи извори, а до 2030 година 27 отсто, предвидува Стратегијата за обновливи извори енергија што ја усвои Владата на РМ во септември 2010. Целта на Стратегијата, како што истакна министерот за економија , д-р Фатмир Бесими е Македонија да се вброи во земјите кои согласно ЕУ директивата 2009/28, до 2020 година 20 проценти од вкупната потрошувачка на енергија ќе произведуваат од обновливите извори. Ова не е важно само за нас, туку и за идните генерации зашто предвидува формирање одржлив енергетски систем што ќе ги задоволува потребите на домаќинствата и на индустријата, но во исто време ќе значи и заштита на животната средина. Документот, меѓу другото, предвидува до 2020 година 10 отсто од потрошувачката на енергија во сообраќајот да се произведува од бигорива.

**15.9.2010 година**

**Тим-лидерот на Отворениот регионален фонд за енергетика во рамките на ГТЗ, Хартвиг Руп во Комората - ВКЛУЧУВАЊЕ НА ПРИВАТНИОТ СЕКТОР ВО УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ**




Во рамките на деловната посета на Република Македонија, тим-лидерот на Отворениот регионален фонд за енергетика во рамките на ГТЗ, Хартвиг Руп реализираше работна средба со претседавачот на Собранието на Стопанската комора на Македонија, Антони Пешев. На средбата се детектираа потребите на македонскиот енергетски сектор, посебно на полето на енергетската ефикасност во контекст на планираните активности на ГТЗ за вклучување на приватниот бизнис-сектор во унапредување на енергетската ефикасност. Антони Пешев ги запозна присутните дека енергетиката, како клучен сектор за економијата, но и за вкупното живеење во државата во рамките на Стопанската комора на Македонија е институционално поддржан преку формите на организирано делување, Македонската енергетска асоцијација и групациите во нејзин состав, кои третираат специфики во рамките на енергетската дејност, како што е и Групацијата за енергетска ефикасност. Бројните активности што Групацијата ги реализираше во изминатите неколку години од нејзиното делување, како партнер во донесување на најзначајните документи од областа на енергетската ефикасност, како во резиденцијалниот, така и во индустрискиот сектор, се солидна референца за нејзино вклучување во проектите и активностите што ГТЗ планира да ги реализира на овој план во Република Македонија.

**17.9.2010 година**

**Јавна расправа на Македонската енергетска асоцијација - МЕА по Предлог-законот за енергетика - СПОРНА ПРЕГОЛЕМАТА ИНГЕРЕНЦИЈА НА РЕГУЛАТОРНАТА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА**

Во организација на Македонската енергетска асоцијација во Стопанската комора на Македонија се одржа првата јавна расправа по Предлог-законот за енергетика, особено значајна регулатива за Република Македонија. Предлог законската регулатива е усогласена со европското законодавство, а она што се сака да се постигне со законот е: зголемена конкуренција на енергетскиот пазар и поголема сигурност кај потрошувачите, одржлив развој на енергетскиот сектор, подобрување на енергетската ефикасност, зголемување на учеството на енергијата произведена од обновливи извори, долгорочна сигурност во снабдување со енергија и што е исто така значајно, предвиден е транзиционен период за примена на делови од законот, со цел да се даде простор



за прилагодување кон новиот систем на либерализација на пазарот. На јавната трибина најнапред се искажа поддршката за донесувањето на овој важен закон за вкупното живеење во РМ а од голема важност е предвидената целосна либерализација на енергетскиот пазар, со создавање конкурентност кај производителите и снабдувачите на енергија. Претставниците на енергетскиот сектор на РМ изнесоа забелешки по предложениот текст на законот како: преголеми ингеренции на Регулаторната комисија за енергетика (РКЕ), што не би било спорно доколку РКЕ го има потребниот капацитет да биде независно тело, кое ќе остане надвор од влијанието на власта.

**21.9.2010 година**

**Македонска асоцијација на рударството – МАР - ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ИНСПЕКЦИСКИТЕ ОРГАНИ ЗАРАДИ ЕЛИМИНИРАЊЕ НА НЕЛОЈАЛНАТА КОНКУРЕНЦИЈА**

Управниот одбор на Македонска асоцијација на рударството – МАР на седницата расправаше за активностите за наредниот период, а кои ќе бидат во функција на предлагање мерки за надминување на актуелните проблеми при експлоатацијата и преработката на минералните суровини. За проблемите со експлоатација на минерални суровини кај каменоломите, а посебно со спречување на меѓусебната нелојална конкуренција која е присутна подолго време, треба да се расправа на првиот нареден состанок, на којшто ќе се поканат сите концесионери на каменоломи, но и претставници на надлежното министерство и инспекциските органи. Поголема дискусија се водеше и за законската регулатива за минералните суровини, којашто претрпува чести промени и има нејаснотии при нејзината примена, така што се случува одредени законски решенија, од објективни или субјективни причини, да не се почитуваат, како што е продолжување на важноста на лиценците на рударските и геолошките инженери, што беше со важност до 23 јули оваа година. МАР ќе бара измени на Законот и продолжување на рокот. Во насока на создавање база на податоци на стручни лица, МАР ќе побара податоци од компаниите за бројот на вработени рударски и геолошки инженери, со или без лиценци.

**24.9.2010 година**

**„Факом“ од Скопје одбележа значаен јубилеј – ПЕДЕСЕТ ГОДИНИ ВО СВЕТОТ НА ЧЕЛИКОТ**

Фабриката за челични конструкции, опрема и монтажа „Факом“ од Скопје го одбележа јубилејот - 50 години во светот на челикот.

Постоењето на „Факом“ датира од далечната 1960 година кога во рамките на претпријатието во основање и изградба Рудници и железарница “Скопје“, е формирана електромашинска работилница со само 20 вработени, од кои 11 висококвалификувани и квалификувани работници. Со својот перманентен развој, „Факом“ стана значаен учесник во извозните активности на Република Македонија. Најголем дел од својата продукција, над 70% компанијата ја реализира на странските пазари, и тоа во земјите од Европската унија и во Регионот. Значајни промени, кои имаа влијание врз ефикасноста на работењето, е воведувањето на систем за обезбедување квалитет на производната програма што ја сочинуваат челични конструкции, индустриска и специјална опрема, автоматски заварени профили и профилирани лимови. Од името на бизнис-заедницата, обраќајќи се пред големиот број бизнисмени и гости, Бранко Азески истакна дека големо е задоволството и особена е честа да се биде дел од настан на којшто членка на Стопанската комора на Македонија, под мотото - 50 години во светот на челикот, одбележува половина век работење и развој.

**30.09.2010 година**

Во Стопанската комора на Македонија Здружението на финансиски пазари АЦИ Македонија одржа редовен работен состанок. Беа разгледувани предлог промените во Законот за девизно работење, одржувањето на семинари во организација на АЦИ Македонија, имаше разговори околу репо операции и други теми од интерес на членките на Здружението.

**1.10.2010 година**

**Здружение на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите - КОМПАНИИТЕ НЕЗАИНТЕРЕСИРАНИ ЗА КРИЗАТА ШТО ГИ ЗАФАЌА ИЛИ ...!?**

Сите статистички податоци говорат за пад на ангажираноста на градежништвото - кај извршените градежни работи за шесте месеци од 2010 година споредено со истиот од минатата година падот изнесува 2,3%, а договорените бележат зголемување од 28,1%. Исто и издадените одобренија за градење бележат намалување од 14%, споредено шесте месеци од 2010 година (1.369) со истиот период од 2009 година (2.443). Загрижува податокот за работењето на компаниите во странство, каде што обемот на работа се` повеќе се намалува, при што извршените градежни работи се намалени дури за 46%. Во обемната и конструктивна дискусија, беа потенцирани проблемите со кои се соочуваат компаниите во тековното работење, почнувајќи од проблемите со добивањето на работите и меѓусебната конкуренција, било за проектирање, надзор или градење, па потоа долгите процедури при добивањето на одобренијата за градење, решавањето на имотно правните односи, и оформувањето на локациите. Членките посебно реагираа и на неажурноста на Комората на овластени архитекти и овластени инженери, која не успеа да подготви правилник за минималните цени на проектантски услуги, бидејќи, како што беше истакнато, фирмите сега импровизираат при давање на цени за овие услуги, а посебно пред странските инвеститори.

**4.10.2010 година**

**Прес: Актуелниот проблем со нерешениот статус на земјиштето на оранжериите и на самите оранжерии**

Статусот на земјиштето на оранжериите, како и самите оранжерии се` уште од надлежните органи и институции не се решава и покрај презентираната валидна документација издадена од надлежни органи за изградба на истите (урбанистички согласности, одобренија за градба, градежни дозволки и слично). Ова посебно беше нагласено на редовната прес-конференција што се одржа во Стопанската комора на Македонија, на којашто се опсервираа проблемите со кои се судира раноградинарското производство во земјава. Потенцираме дека нерешениот статус на земјиштето претставува голем проблем на оранжериите, бидејќи тие не можат да аплицираат за кредит кај банките (зашто со нерешено прашање не може да се дадат истите под хипотека) и не можат да се јават на конкурсите за користење средства од ИПАРД-програмата. Истовремено, заради нерешениот статус на земјиштето за вложувања во оранжериите не се заинтересирани ниту странските инвеститори. Значајно влијание има производството на раноградинарски култури и во доменот на извозот (оранжериите практично имаат изразит нето-девизен ефект), што, секако, е придонес во подобрување на состојбата во трговскиот биланс на земјата (извоз околу 20 милиони евра). Од друга страна, мерките понудени во програмите на Владата или не ги опфаќаат оранжериите или пак имаат сосема мало влијание во подобрување на крајно лошата состојба од аспект на доходовноста. Имено, како прво, оранжериите (стакленици) не се опфатени со Програмата за рурален развој. Второ, со ИПАРД-програмата е определено дека за овие средства можат да конкурираат стопански субјекти (оранжерии) кои имаат максимални капацитети од 6 ха, додека поголемите се исклучени од можностите за користење на овие средства. Во делот на субвенции, оранжериите предлагаат ребаланс на средствата од Програмата за поддршка на земјоделството (субвенциите) со предлог да се субвенционира (компензира) енормното зголемување на цената на мазутот (на што производителите немаат можност да делуваат) како би се помогнало во намалувањето на трошоците на оранжериите за трошокот на мазутот.

**5.10.2010 година**

**Седница на МАПЕК**

Активности во врска со регистрација на правниот субјект за собирање на отпад од пакување- Проект-тимот на Македонската Асоцијација на пакувачите на производи и заштита на животната средина ја одржа својата седница согласно заклучокот од последната седница на МАПЕК. На истиот беа разгледувани повеќе детали во врска со регистрацијата и започнувањето со работа на МАКОПАК.

**12.10.2010 година**

**Седница на Здружението на производителите на тутун и производи од тутун**

Седница на која беа разгледани активности и заземање ставови пред претстојното гласање по иницијативата на ФЦТЦ (рамковна конвенција за контрола на тутунот) врз производството на тутун и тутунски производи-иницијатива за воведување забрана за користење адитиви кај производите од тутун. Ставовите на Здружението на редовната прес конференција во Стопанската комора на Македонија ги изнесе неговиот претседател Кирил Филиповски, инаку од Институтот за тутун од Прилеп. -Предлогот на Канада за измена на членовите 9 и 10 односно укинување на бленд цигарите ќе значи нивно исчезнување, а и Македонија како производител на ориентален тутун би се соочила со истата ситуација. Предлогот со кој истапува Канада не нуди аргументирани докази дека редукцијата на адитивите ќе значи и редукција на пушењето. Од СТО и покрај протестот од страна на многу земји сеуште нема повратен одговор по јулското гласање а со приближување на датумот во ноември кога ќе се гласа во Уругвај притисокот од се повеќе земји расте. – нагласи Кирил Филиповски. Членките на здружението, како што беше нагласено на средбата со претставниците од медиумите, донесоа одлука да најдоцна до 13.10.2010 година од страна на фирмите и Комората се достават сите релевантни податоци до Инститиутот за тутун кои потоа во вид на официјалн предлог-аргумент би биле доставени како информација до Владата на РМ од страна на МНР и МЗ.

**7.10.2010 година**

**Групација за противпожарна заштита и безбедност при работа - „ГАСЕЊЕ“ НА НЕЛОГИЧНОСТИТЕ ВО ПРАВИЛНИКОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНА ПП ОПРЕМА ВО ВОЗИЛАТА**

Групацијата за противпожарна заштита и безбедност при работа при Стопанскаа комора на Македонија на одржаната седница укажа на неусогласеноста на регулативите од областа на противпожарната заштита донесени од Министерството за внатрешни работи и Дирекцијата за заштита и спасување и бара нивна измена согласно европската регулатива во оваа област.

Поаѓајќи од неспорната потребата за заштита и безбедност на сите учесници во сообраќајот, Групацијата се залага за преиспитување на измените и дополнувањата на Правилникот за задолжителна опрема на возилото(„Службен весник на РМ„ 31/10, „Сл. весник на РМ„ 48/10 и „Сл. весник на РМ„ 105/05), со кои наместо задолжителна, противпожарната опрема во сите видови возила се стави на слободен избор на учесниците во сообраќајот.

За надминување на моменталната неповолна состојба во овие дејности, беше заклучено Групацијата да изготви предлози за измени и дополнување на правилниците согласно искуствата и законската регулатива на Европската унија и во соседните земји и истите да ги достави до надлежните органи и институции.

**9.10.2010 година**

**Средба со нови членки на Стопанската комора на Македонија - НАСКОРО И РЕГИОНАЛНИ ПРЕЗЕНТАЦИИ**

Стопанската комора на Македонија продолжува со доближувањето на институциите до своите нови членки како дел од информирањето на компаниите за придобивките од зачленување во Комората. На средбата, на којашто присуствуваа 30-тина компании, пред се` новозачленети компании во Комората, тим менаџерот на „Евролинк осигурување„, Јане Мојсовски ги презентираше новите осигурителни пакети и осигурителни услуги кои се достапни за компаниите, како и основните бизнис-пакети за осигурување на имот и бизнис-пакет за осигурување на пратки. Интересот на компаниите за нови можности за осигурување и користење на поволностите од осигурителните пакети кои самите ги нудат, ќе биде редовна практика на Комората и во идниот период. Беше извршена и презентација на ФП7 неповратни средства на Европската унија достапни за македонските компании и запознавање компаниите за објавените повици во рамките на ФП7 и насоките за конкретен пристап и помош за компаниите да пристапат до неповратните средства од Европската унија.

**12.10.2010 година**

**Прес: Влијанието на иницијативата на ФЦТЦ (рамковна конвенција за контрола на тутунот) врз производството на тутун и тутунски производи**

Продолжеток на активностите на Работната група заедно со МНР, МЗШВ, МЕ и МЗ, со цел да се кординираат активностите и да се прецизира конечниот став на Република Македонија пред претстојниот состанок на СЗО во Уругвај.

**13.10.2010 година**

**Совет на странски инвеститори при Стопанската комора на Македонија - ИНТЕНЗИВИРАЊЕ НА СОРАБОТКАТА СО БРЗОРАСТЕЧКИТЕ ЕКОНОМИИ**

Џефри Колин од „Џонсон Мети" е нов претседател на Советот на странски инвеститори , а заменик Денис Корниенко е од „Скопски легури"    Еден од нашите главни предизвици ќе биде да ги привлечеме странските инвеститори не само од Европа, туку и од брзорастечките економии како Кина, Индија, Азија и Северна Африка. Ќе се фокусираме и на зголемување на извозот не само на европскиот, туку  и на пазарите во Турција и Северна Африка, - изјави Џефри Колин пред претставниците на македонските медиуми во Стопанската комора на Македонија. Тоа е глобалната визија за натамошното делување на Советот на странски инвеститори што ја изнесе новиот претседател при неговото претставување во јавноста, во рамки на редовната седница на ова тело. Советот на странски инвеститори е тело во рамките на Стопанската комора на Македонија и во него членуваат претставници од компании со доминантен странски капитал. Моментно брои околу 170 членови.

**15.10.2010 година**

**Групација за климатизација, греење, ладење и проветрување при МЕА - ШТО ПОБРГУ ДО ПОДЗАКОНСКИ АКТИ**

Прашањето на енергетската ефикасност, рационално користење на енергијата и зачувување на животната средина добива се` поголемо значење за економскиот и за севкупниот живот во државата. Оваа проблематика е еден од приоритетите и на надлежните органи, сврзани и со ЕУ-агендата на РМ. Во тој контекст се и зацртаните активности за  натамошно интензивно, организирано делување на субјектите од областа на климатизација, греење, ладење и проветрување во наредниот период. Ова беше констатирано на изборната седница на Групацијата за климатизација, греење, ладење и проветрување. Енергетската ефикасност ги допира сите сегменти од индустриското работење, па со цел негово успешно третирање, Групацијата, покрај постојните, ќе оформи и секции за индустриско ладење, за гасификација и за обновливи извори на енергија. Потребно е во најскоро време да се донесат подзаконските акти кои ја регулираат оваа проблематика, посебно Правилникот за енергетска ефикасност на градбите за  чие изготвување  го понуди својот професионален и стручен потенцијал.

**16.10.2010 – 22.10.2010 година**

**Акција за обезбедување парични средства од корпоративниот сектор за поддршка на кампањата "Ден на гладта"**

Стопанската комора на Македонија активно се вклучи и ја подржи кампањата "Ден на гладта" под мотото: "Помислете и на нас" што Црвениот Крст на Република Македонија ја организира од 16 до 22 октомври 2010 година, и се спроведе преку општинските организации на Црвениот Крст и Црвениот Крст на град Скопје. Стопанската комора на Република Македонија и Црвениот Крст на Република Македонија, на 24 септември 2010 година, потпишаа Меморандум за взаемна соработка. Членките на Стопанската комора на Македонија донираа парични средства на жиро-сметката на Фондот за солидарнот на Црвениот Крст на Република Македонија, како и на мобилните телефонски броеви: 070/075/077 143-400 преку кои со повик се обезбедуваа по 100 денари.

**21.10.2010 година**

**Групацијата за лифтови расправаше за практичната примена на Правилникот за користење на лифтови и транспортери - ФАНТОМ-ФИРМИ ЗАКАНА ЗА КОРИСНИЦИТЕ НА ЛИФТОВИ**

На седницата на Групацијата за лифтови при Стопанската комора на Македонија, членовите расправаа за практичната примена на Правилникот за користење на лифтови и транспортери. На седницата присуствуваа претставници на Министерството за економија, Машинскиот факултет, Државната техничка инспекција и акредитирани правни лица. Во дискусијата беше истакнато дека областа пуштање во промет, монтирање, сервисирање и одржување на лифтовите е регулирана со повеќе закони и правилници како што се: Законот за градба, Законот за техничка инспекција, Законот за безбедност на производи и други. Иако оваа материја е регулирана со повеќе закони, членовите на Групацијата истакнаа дека не е регулирано издавањето на лиценци за монтирање, сервисирање и за одржување на лифтовите. Ваквата состојба ја користат фантом-фирми без стручен кадар и физички лица-поединци. Ова овозможува овие субјекти на пазарот да пласираат производи - лифтови со небезбедни карактеристики кои не ги исполнуваат условите за безбедност на производите, без целосна техничка документација, особено монтирање лифтови без проекти и надзор, преку што директно се загрозуваат корисниците на лифтовите.

**27.10.2010 година**

**Македонска енергетска асоцијација - ПОДЕТАЛНИ РЕШЕНИЈА ВО ПРИМЕНАТА НА РЕГУЛАТИВАТА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА**




Интегрираното спречување на загадувањето и граничните вредности на емисиите се значајни теми коишто го регулираат работењето на енергетскиот сектор, но и целата индустрија во државата, - беше истакнато во расправата што во организација на Македонската енергетска асоцијација се одржа во Стопанската комора на Македонија. Целта на дијалогот на претставниците на бизнис-заедницата со заменик-министерот за животна средина и просторно планирање, Соња Лепиткова и со директорот на Државниот инспекторат за животна средина, Фирус Мемед, е да се согледаат состојбите и проблемите на стопанските субјекти со воведувањето на барањата во областа на животната средина, неопходни за ЕУ-интегрирањето на државата, но и од аспект на грижата и општествената одговорност за здравјето на населението. Претставниците на енергетските и индустриските компании дадоа конкретни предлози и сугестии до надлежните органи за надминување на проблемите со коишто се соочуваат при имплементирањето на регулативите, како што се: постигнување на бараните гранични вредности на емисиите (азотните оксиди), особено за индустријата која користи мазут, исполнувања на условите за добивање интегрирани еколошки дозволи во контекст на височината на потребните инвестиции во услови кога економијата се` уште ги чувствува последиците од глобалната криза, проширување на гасификацијата со цел доближување до индустриските капацитети и др.

**28.10.2010 година**

**Презентација на Виртуелниот саем - ЕКСПОЛОЏИК – МОЖНОСТ ЗА ПРОНАОЃАЊЕ НОВИ ДЕЛОВНИ ПАРТНЕРИ**

Во Стопанската комора на Македонија, во соработка со ЕКСПОЛОЏИК ДОО Македонија, одржа презентација за новиот начин на презентирање на компаниите на веб-порталот: www.efair4u.com, проект наречен Виртуелен саем. Виртуелниот саем нуди можности претпријатијата и крајните потрошувачи - целокупната понуда и побарувачка да ја најдат на едно

место, да запознаваат нови деловни партнери, да остварат меѓусебна комуникација. На овој начин на презентација овој проект се издигнува како единствен од својот вид којшто нуди уникатни бенефиции за целокупниот деловен свет. Стопанската комора на Македонија ќе продолжи и понатаму да ја спроведува идејата на ЕКСПОЛОЏИК ДОО Македонија во натамошна комуникација со компаниите, за да можат компаниите да научат како виртуелно ќе можат да се претставуваат на Виртуелниот саем на веб-порталот www.efair4u.com. Целта на проектот е обединување на што поголем број македонски компании на едно место - на порталот: www.efair4u.com.

**1.11.2010 година**

**Во Стопанската комора на Македонија свечено одбележан Светскиот ден на штедењето - 31 Октомври - РАСТАТ ДЕПОЗИТИТЕ ЗАРАДИ ГОЛЕМАТА ДОВЕРБА ВО БАНКИТЕ**




- Штедењето е клучен столб на стабилноста на финансискиот систем и развојот на економијата. Во моментов скоро 140 милијарди денари лежат на штедните сметки на граѓаните во банките и околу 60 милијарди денари на сметките на компаниите. Значи, зборуваме за капитал од 3,25 милијарди евра, кој циркулира во стопанството и се оплодува. Значењето на домашното штедење е денес уште поголемо отколку во периодот пред светската економска криза, од причина што капиталот во светот станува се` помалку достапен и поскап. Затоа, банките во РМ и сите ние можеме да бидеме задоволни – и за време на кризата се задржа довербата на граѓаните и НА фирмите во банкарскиот сектор и склоноста кон штедењето. Ова го истакна м-р Зоран Ставрески, заменик-претседател на Владата на РМ и министер за финансии, на одбележувањето на Светскиот ден на штедењето – 31 Октомври.

Според неговите зборови, трендот на зголемување на штедењето го поттикнаа банките преку нудење на сигурност, стабилност, квалитетни услуги и поволни каматни стапки за населението и фирмите, посебно на денарските заштеди, а заначајна улога во тоа имаше и Централната банка преку водењето правилна политика. - Владата со своите политики и мерки во изминатиов период, исто така, влијаеше во насока на зголемување на штедењето и поддршка на стабилноста на банкарскиот сектор преку задржување на високиот степен на макроекономска и фискална стабилност, зголемување на износот на осигурените депозити на 30 илјади евра по депозит на едно физичко лице во една банка, а покрај тоа, подготви и законска одредба со која за две години се одложува оданочувањето на каматата на штедните влогови што требаше да стапи на сила на 1 јануари 2011 година, додаде м-р Зоран Ставрески.



Податоците покажуваат дека депозитниот потенцијал на банките во август 2010 година е за 14,5 отсто повисок од нивото од август претходната година, а тоа покажува дека довербата на граѓаните и на фирмите во банките е голема и оти македонските граѓани имаат навика да штедат. - Постои простор за зголемување на кредитната активност на банките, бидејќи домашното штедење е најзначајниот и најквалитетен извор на средства за кредитирање на инвестициите и потрошувачката, а со тоа и на развојот на економијата. Владата во 2011 година ќе помогне во овој дел преку изразената ориентација кон странски извори на средства за финансирање на буџетот со цел домашните средства да останат

во функција на развој на економијата преку нивно пласирање во форма на кредити за стопанството и за граѓаните. Верувам дека банките ќе најдат свој интерес на профитабилна основа со финансирање добри проекти на фирмите и повеќе потрошувачки кредити за населението да го поддржат заздравувањето на економијата, - додаде вицепремиерот.

Гувернерот на НБРМ, м-р Петар Гошев истакна дека Македонија во услови на криза нема намалено ниво на заштедите како во многу други земји. За тоа, најголема заслуга имаат домаќинставата кај кои има раст на штедењето за над 17 отсто. Тоа е заради континуираната доверба на штедачите кои и во најкритичните моменти на светската криза не се откажаа од штедењето. Честитки, според гувернерот, заслужува и банкарскиот сектор кој работи стабилно и во ниеден момент од 90-тите години наваму, заедно со институциите, не дозволија Македонија да почувствува системска криза. - Битно е што и корпоративниот сектор почна да ја зголемува заштедата и што најголем дел од неа е трансфериран во кредитна активност, – нагласи м-р Петар Гошев.



Ѓорѓи Јанчевски, претседател на Здружението на банкарството и прв генерален директор на НЛБ Тутунска банка, подвлече дека во 2010 година заклучно со септември штедењето бележи пораст од 10 отсто или за 210 милиони евра, а вкупните заштеди достигнале 2,229 милијарди евра. - Граѓаните пак се враќаат на денарското штедење што е резултат на макроекономската стабилност и стабилноста на курсот на денарот, а секако и на повисоките каматни стапки што ги нудат банките за денарските штедни влогови. Од вкупните штедни влогови 61 отсто се девизини депозити, а 39 отсто се денарските депозити, - истакна Ѓорѓи Јанчевски. Најголем пораст на штедењето во текот на минатата година во регионот, како што покажуваат податоците на претседателот на Здружението, бележи Србија со 14 отсто, потоа следат Македонија и Бугарија со по 8 отсто, Босна и Херцеговина со 7 отсто, а најмал раст на штедењето е забележан во Словенија и Црна Гора од 3 отсто.

На свеченоста традиционално им беа врачени признанија на најдобрите шалтерски работници од банките и од штедилниците за постигнати особени резултати за 2010 година во вршењето работни задачи во доменот на работењето со населението.

**5.11.2010 година**

**Групацијата за електроиндустријата - КРИЗАТА ГО ПРЕПОЛОВИ ПРОИЗВОДСТВОТО**

На седницата на Групацијата за електроиндустрија при Стопанската комора на Македонија, , беше констатирано дека оваа гранка и покрај важноста во земјата нема добиена соодветна поддршка во унапредувањето на производството и извозот, иако во неа се` уште ги чувствуваат последиците од глобалната економска криза. Поради ваквата состојба и во оваа година продолжува намалувањето на индустриското производство. Продолженото влијание на глобалната економска криза, отсуството на капитални изградби и инвестиции каде што се вградуваат производи од оваа гранка, а воедно и се вршат разновидни услуги, има големо влијание врз работењето на компаниите преку намалување на нарачките од домашниот и од странски пазари, зголемена неликвидност, зголемена задолженост на стопанските субјекти и намалување на бројот на вработени. На седницата посебен акцент беше даден и на изградбата на мали хидроцентрали, сопственоста на трафостаниците при нивната изградба и сл. За ублажување на неповолните состоби во оваа гранка, односно зголемување на производството и извозот, членовите предложија да се воведат стимулации на извозот, воведување на заштитни мерки, пред се` воведување на поголема контрола на квалитетот на увозот на производите, барање на светски стандарди за квалитет, технички норми и декларации, објавување на тендери на кои условите би ги исполнувале и домашните производители и слично.

**9-12.11.2010 година**

**Работната група за земјоделство по повод Неделата на ЦЕФТА во Белград - НАТАМОШНА ЛИБЕРАЛИЗАЦИЈА НА ТРГОВИЈАТА ВО „ЗЕЛЕНАТА ГРАНКА“**

Почнувајќи од досегашните активности и резултати од сработеното во рамките на ЦЕФТА 2006, како и од воспоставувањето пракса за одржување средби, по повод Неделата на ЦЕФТА, што се организираше во Белград, во Стопанската комора на Србија, на 9.11. 2010 година, се одржа состанок на Работната група за земјоделство. Секретарот на Здружението за земјоделство, прехранбена и тутунска индустрија при Стопанската комора на Србија, Милан Простран, го отвори третиот состанок, изразувајќи надеж дека наредниот период ќе биде период за натамошна либерализација во ЦЕФТА-регионот и период на зголемување на надворешно-трговската размена меѓу земјите. Трговијата со земјоделски производи во ЦЕФТА-регионот, економската соработка на членките на ЦЕФТА, како и приоритетите коишто треба да се исполнат во наредниот период, беа вовед во една сеопфатна отворена и конструктивна дискусија, се` со цел поддршка на стопанствата со максимална употреба на позитивни ефекти од создавањето на зона на слободна трговија во регионов. Работната група расправаше и за големиот број на нецарински и нетарифни бариери, кои на поедини членки им ја ограничуваат размената и го намалуваат протокот на стоки. Притоа беше оценето дека е достигнат определен напредок и транспарентност во врска со законодавството со ЕУ и националните законодавства меѓу потписничките на ЦЕФТА, при што на овој начин превентивно се делува за смалување на можностите од појава на нови бариери и препреки во трговијата со земјоделски производи. Исто така, забележан е извесен напредок во билатералните соработки на одговорните државни органи, којшто придонесува за решавање на проблемите, но тоа повеќе се однесува на поединечни случаи, отколку на системско решавање на проблемите.

**10.11.2010 година**

**Група за нетарифни и технички бариери на Неделата на ЦЕФТА во Белград - ГРАНИЦИТЕ И НАТАМУ ТЕШКО ПРООДНИ**

На Неделата на ЦЕФТА во Белград, Групата за нетарифни и технички бариери стави акцент на начините за надминувањето на проблеми со што се постигнуваат повеќекратни ефекти -отстранување на корупцијата, развој на економијата и обединување на трговскиот пазар во регионот. Оваа група имаше цел да формулира став којшто потоа ќе се пренесе до владините органи со цел брзо надминување на овие проблеми. Како што беше истакнато од самите учесници на работната сесија, досега е направено многу во овој дел и на добар пат сме кон воспоставување на една економска заедница со унифицирани правила и стандарди. Оваа работна група се состана по седми пат, но иако нотираше одреден напредок, сепак, констатира дека нема доследно спроведување на ЦЕФТА-одредбите и се прават билатерални или мултилатерални договори. Како најчести бариери кои беа посочени, пред се` од македонска страна, во трговската размена со земјите-членки на оваа организација се: долгите и комплицирани процедури на граничните премини, сложените процедури за проверка на здравствената состојба, како и микробиолошки проверки, застој на граничниот премин со Србија, посебно за камиони со сезонски земјоделски производи, високи цени на лабораториските анализи во Србија што ја подига цената на извозот за 3 - 4%, дополнително плаќање за инспекција во Србија за транзит на производи од животинско потекло од Македонија, двојни контроли на стоките како резултат на непризнавање на сертификатите за квалитет, фитосанитарните и ветеринарните документи итн.

**10.11.2010 година**

**Регионална комора во Струмица - БИЗНИСОТ БАРА ОЛЕСНЕТИ ПРОЦЕДУРИ И УШТЕ ПОЕВТИНИ КРЕДИТИ**

Во организација на Регионалната комора со седиште во Струмица, Македонската банка за поддршка на развојот одржа презентација на тема „Можностите за поддршка и кредитирање на стопанството од новата кредитна линија на Европската инвестициска банка“.

На средбата, претставниците на бизнис секторот од Струмичкиот регион беа запознати со најновите ревидирани и подобрени услови за кредитирање, со акцент на намалените каматни стапки од 6 на 5,5 отсто, потоа со можностите за аплицирање и на големи компании со над 250 вработени и со начините за добивање техничка помош при подготовка на потребната документација. И покрај тоа што во последно време се направени значајни чекори за упростување и забрзување на постапката за аплицирање, стопанствениците инсистираат на натамошно олеснување на процедурите за добивање кредити. Исто така, поради надминување на последиците од светската економска криза и подобрување на конкурентноста на стопанството, бизнис секторот бара натамошно поевтинување на кредитите, што би имало значително влијание врз поттикнувањето на развојот, особено на производните и извозно ориентирани фирми.



На средбата во Струмица беше организирана и промоција на КБ Прво пензиско друштво АД Скопје на тема „Пензиски план за компании – Трет столб на сигурност“.

**12.11.2010 година**

**Управен одбор на Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметали - КВАЛИТЕТНА РЕВИЗИЈА УСЛОВ ЗА ДОБАР ПРОЕКТ**

На иницијатива на Управниот одбор на Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметали при Стопанската комора на Македонија, се одржа состанок со претставници на УО на Комората на овластени архитекти и овластени инженери (Комора ОАИ), на којшто се расправаше за повеќе прашања кои се во интерес за фирмите, но и за спроведување на законските ингеренции согласно Законот за градење. На состанокот беа потенцирани повеќе проблеми со кои се соочуваат фирмите, пред се`, во спроведување на законските решенија, но и брзо носење на нови измени, како што беа и последните измени посебно во делот за добивање на лиценци за странски компании. Во законската регулатива за градежништвото големи потешкотии има и влијанието на други закони кои создаваат дуализам во законската регулатива. Во расправата се потенцираа и прашањата околу критериумите при издавање на овластувањата, членарината на членовите на Комората ОАИ, доцнењето со донесување на тарифник за минимални цени и друго. Во насока на подобрување на квалитетот на проектите, се потенцираше дека за лиценците за ревизија на проектите критериумите да бидат доста поригорозни и со поголеми одговорности, поаѓајќи од начелото дека добрата ревизија дава сигурност за добар проект. Како посебно прашање за кое се разговараше беа и лиценците за урбанизам, а квалитетното идејно решение за детални урбанистички планови треба да биде основа за избор при негова реализација, а не цената. Лошо урбанизиран простор има далекусежни последици на просторот, кои не ќе можат да се поправат со децении и генерации. Заради поголема транспарентност во работата на Комората на ОАИ, е предложено почесто да се информираат членките, преку медиумите, преку прес-конференции, како и отворање на регионални центри во државата.

**18.11.2010 година**

**Средба на Црвениот крст на Македонија со членки на Стопанската комора на Македонија – СТРАТЕГИЈА ЗА МОБИЛИЗИРАЊЕ НА ФОНДОВИТЕ ОД КОРПОРАТИВНИОТ СЕКТОР**

Стопанската комора на Македонија во соработка со Црвениот крст на Република Македонија во Бизнис салата на Скопски саем, организираше средба со членките на коморите. На средбата Црвениот крст на Република Македонија изврши презентација на Стратегијата за мобилизирање на фондовите од корпоративниот сектор во периодот од 2010 до 2015 година. Со

цел да се обезбедат поквалитетни услуги на населението се преземаат активности и иницијативи за подобрување на финансиската стабилност и мобилизирање на дополнителни средства од корпоративниот сектор за потребите на Црвениот крст. Имајќи предвид дека големите и растечките претпријатијата во Македонија се` повеќе ја практикуваат корпоративната општествена одговорност, Црвениот крст на Македонија, следејќи ги светските деловни промени, интезивно работи на внатрешно реорганизирање и јакнење на сопствените ресурси. Сето ова е во правец да стане вистински партнер на корпоративниот сектор. Партнерскиот однос на Стопанската комора на Македонија со Црвениот крст на Македонија се заснова на взаемен интерес и со воспоставена одлична соработка.

**18.11.2010 година**

**Прес-конференција за активностите на МАПЕК и формирањето на правно лице за постапување со отпад од пакување - МЕСТО ВО ДЕПОНИЈА, ОТПАДОТ ВО ПРОИЗВОДСТВО**

Македонската асоцијација на пакувачите и заштита на животна средина - МАПЕК при Стопанската комора на Македонија, последните две години интензивно работеше на донесувањето на Законот за управување со пакување и отпад од пакување во координација на Министерството за животна средина и просторно планирање, а согласно Европската легислатива. Со овој закон се уредуваат барањата за заштита на животната средина кои мора да ги исполнува пакувањето при негово производство, пуштање на пазар и ставање во употреба и постапувањето со отпадот од пакување. Тој ги регулира обврските и одговорностите на економските оператори и другите субјекти кои учествуваат во процесот на производство, пуштање на пазар и ставање во употреба на пакувањето, правилата за собирање, повторна употреба, преработка и отстранување, како и други услови за постапување со отпадот од пакувањето, известувањето и економските инструменти за постигнување на националните цели за собирање и преработка на отпад од пакување.

**25.11.2010 година**

**СОВЕТ НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ**




Советот на странски инвеститори одржа состанок на кој беа разгледани мерките на Стопанската комора на Македонија за зголемување на економскиот развој и вработеност, кои беа едногласно подржани од страна на членовите на Советот на странски инвеститори. На седницата беше избран Управен Одбор на Советот на странски инвеститори: координатор на Советот на странски инвеститори останува Игор Бимбиловски од Македонски Телекомуникации. За генерален секретар е избран Мајкл Инглиш од Еуро Партнерс. Советот на странски инвеститори договори поголема активност и предлог мерки со цел подобрување на бизнис климата како за домашните така и за идните странски инвеститори.

**25.11.2010 година**

**Формирана Групација на инспекциските тела-работилници за тахографи и таксиметри - РАЗРЕШУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ СО НЕЛОЈАЛНАТА КОНКУРЕНЦИЈА**

Конституирана е Групацијата на инспекциските тела-работилници за тахографи и таксиметри како стручен облик на организирање и работење на овие дејности која ќе делува во рамките на Здружението на металната и електроиндустријата при Стопанската комора на Македонија. Во групацијата се здружија правни лица кој се занимаваат со инспекција, сервис,

производство и промет на тахографи и таксиметри, како и други правни лица чија дејност е поврзана со оваа област. Формирањето на Групацијата произлезе од потребата за заедничко разгледување на прашања за унапредување на работењето, заедничко разрешување на тековните проблеми, предлагање на мерки од заеднички интерес, давање на мислења и предлози по законски регулативи, соработка со надлежни органи институции и организации и други прашања од заднички интерес.

Посебно беше истакната подготвеноста на овие компании да бидат во функција на соодветна примена на дигиталните тахографи и нивното одржување и сервисирање согласно "Законот за работно време, задолжителните одмори на мобилните работници и возачите во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај" („Службен весник на Република Македонија" бр. 161/09).

**24-25.11.2010 година**

**Одржан дводневен семинар за ФИДИК правилата за градежништвото и инженерингот - ОБУКА КОЈА ВЛИЈАЕ ЗА ЗГОЛЕМЕНА КОНКУРЕНТНОСТ НА КОМПАНИИТЕ**

Со цел зголемување на конкурентноста на фирмите од Македонија на меѓународните и на домашниот градежен пазар, во Стопанската комора на Македонија, се одржа дводневен семинар на којшто се презентираа стандардите што ги пропишува FIDIC - Federation International Des Ingineur Counselle. Овие стандарди се користат скоро во сите градежни инвестиции во светот. Најголемиот број меѓународни финансиски институции (EIB, EBRD, World Bank, Asian Bank), водечките меѓународни комерцијални банки, инвестициски фондови, како и други инвеститори, бараат инвестициските проекти да се реализираат по овие стандарди, кои даваат насоки за правење на разни видови меѓународни договори, кои ги користат инженерите, правниците и менаџерите на фирмите при изведување на работите. На семинарот беа презентирани типовите на Фидик книгите (црвената, жолтата, портокаловата и сребрената - Red , Yellow, Orange, Silver Book) и кога истите се користат во светот на инвестициите и инженерингот, основните форми на договори и кои се учесници во Фидик договорите. Искажаниот интерес за Фидик регулативата ја потврди потребата за зачленување на Република Македонија во Фидик Асоцијацијата, што треба да се реализира во накраток можен рок во организација на Стопанската комора на Македонија.

**29.11.2010 година**

**Прес-конференција за „Енергетската ефикасност, можности и предизвици"- ОСНОВЕН ПРОБЛЕМ – ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА РЕГУЛАТИВИТЕ**

**Прес-конференција за „Енергетската ефикасност, можности и предизвици"- ОСНОВЕН ПРОБЛЕМ – ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА РЕГУЛАТИВИТЕ**




Актуелниот светски мега проект - Енергетската ефикасност добива се поголемо значење за економскиот и се вкупниот живот во државата, поради нагласената потреба од рационално користење на енергијата и зачувување на животната средина. Домаќинското користење на енергијата или енергетската ефикасност на сите расположиви енергенси се наметнува како императив во современото живеење, особено за земји со ограничени економски можности и енергетски ресурси, увозно зависни од енергија, како што е Република Македонија.

Во јавноста, па и во стручната јавност, досега поинтензивно се зборува за недостиг од енергија и за скапа енергија, а се уште недоволно се зборува или малку конкретни мерки се превземаат за намалување на количините на енергија кои едновремено ќе ги задоволат

потребите на граѓаните и на индустријата, иако податоците покажуваат дека во Р.Македонија потрошувачката на енергија е значително поголема од европските стандарди. Пример: енегријата што во нашата земја се троши за греење е за четири пати поголема од онаа во европските земји.

Во насока на подобрување на енергетската ефикасност и заштеда на енергија, од која корист ќе има пред се државата, Групацијата КГЛП бара поинтензивни активности кои би требало да се поделат во два правци: заокружување на потребната законска и подзаконска регулатива усогласена со европската и реализирање на стимулативни мерки, по примерот на европските земји, за имплементација на оваа законска регулатива во сите изградени објекти кои се во функција како и за објектите кои се реновираат, реконструираат или пренаменуваат.

**01.12.2010 година**

**Здружение на банкарство**

на Скопскиот саем официјално беше отворен 8. Меѓународен саем за финансии, деловни можности и економски развој – „ФИНЕКСПО 2010“. Саемот официјално беше отворен со обраќање на вицепремиерот и министер за финансии, м-р Зоран Ставрески.

Саемската манифестација, која е осма по ред од овој вид, се одржува под покровителство на Министерството за финансии, а партнер е Стопанската комора на Македонија. „ФИНЕКСПО 2010“ и оваа година имаше богата стручна програма на којашто учествуваа: Министерството за финансии на Република Македонија како покровител на манифестацијата, Народната банка на Република Македонија, Управата за јавни приходи, Македонската банка за поддршка на развојот, Македонската берза и Комисијата за хартии од вредност, комерцијалните банки, штедилниците, осигурителните компании, инвестициските фондови ис. Бизнис-секторот преку Стопанската комора на Македонија, како партнер на манифестацијата даде свој придонес на трибините, дебатите и тркалезните маси во рамките на ФИНЕКСПО 2010.





**02.12.2010**

**Во рамките на ФИНЕКСПО беше одржана Трибина „Како средствата од МБПР полесно и поефикасно да стигнат до стопанството“ - ИСКОРИСТЕНИ ДВЕ ТРЕТИНИ ОД „КРИЗНИОТ КРЕДИТ“, НАЈАВЕНО ЦЕНТРАЛИЗИРАЊЕ НА ОДОБРУВАЊЕТО.**



На трибината ретставници од банките, реалниот сектор и од МБПР дебатираа како средствата полесно да стигнат до стопанството. Беа изнесени податоци дека во рамки на кредитната линија повлечени се пет транши во вредност од 42 милиони евра, а на 6.12.2010 година се очекува да биде повлечена и шесттата транша во висина од 18,7 милиони евра со што вкупната искористеност на средствата ќе



биде 62 милиони евра. Поддржани се 270 проекти, а просечната вредност по проект изнесува 228 илјади евра. Најголем дел од повлечените средства се наменети за обрт, а 72 проценти за инвестиции.

Банките изразија подготвеност да поддржат економски оправдани проекти и сметаат дека во дадениот момент условите за искористување на средствата од оваа кредитна линија се поволни и треба да се искористат. Според нив, она за што би можело да се размисли во иднина е да се зголеми рокот на отплата за одредени проекти.

**02.12.2010**

**Трибина за состојбите во осигурителниот пазар во Македонија, со посебен осврт врз перспективите на животното осигурување - ГОЛЕМИ МОЖНОСТИ ЗА РАЗВОЈ**

Во рамките на „Финекспо 2010“ на Скопски саем се одржа посебна трибина за состојбите во осигурителниот пазар во Македонија, со посебен осврт врз перспективите на животното осигурување

Како што беше истакнато од м-р Трајче Латиновски, претседател на Здружението на осигурувањето при Стопанската комора на Македонија, д-р Климе Поповски претседател на Агенцијата за супервизија на осигурувањето и од претставниците на осигурителните компании, животното осигурување во нашата држава има перспективи за натамошен успешен развој.




Моментално 2 компании вршат животно осигурување, а уште 2 компании се во фаза на лиценцирање. Овој вид на осигурување според податоците за 2009 година учествува со 4,8% од вкупната премија на осигурителниот пазар во Македонија. За трите квартали на оваа година порастот на полисираната премија изнесува 18% со овој вид на осигурување.



Во нашата држава овој вид на премија на животното осигурување по жител изнесува 2,5 евра, додека во соседните земји 12-15 евра, а во земјите од Европската унија многу повеќе - од 300 до преку 1.500 евра. Сето тоа покажува дека растот на овој вид на осигурување може да има големи бенефити за државата, но и за самите компании и за фирмите од реалниот сектор.
Учесниците на трибината посебно истакнаа дека треба државата преку мерките на економската политика да го стимулира неговиот развој посебно со одредени даночни олеснувања во делот на персоналниот данок на доход и данокот на добивка.

По завршување на трибината, претседателот на Здружението одржа пресс конференција пред сите медиуми на која ја истакна состојбота во осигурителниот пазар, и ги потенцира активностите кои ги има Здружението.

**3.12.2010 година**

**Состанок на претставници од комората на Бијелина и раководството на „Империал Тобако“**

Воспоставување соработа меѓу фирми од БХ и „Империал Тобако“. На барање на поретставниците од БиХ беше направена посета на „Империал Тобако“ со цел да се согледаат можностите за соработка во делот на цигарите.

**1-3.12.2010 година**

**Во организација на Стопанската комора на Македонија и „Адонис груп“ македонски компании на Меѓународниот саем за метал и енергетика во Бурса, Турција**

**- ОТВОРЕНА ВРАТА ЗА СОРАБОТКА СО ТУРСКИТЕ КОМПАНИИ**

Стопанската комора на Македонија, во соработка со овластениот застапник на саемскиот организатор – „Адонис груп„, реализираше посета на македонски компании на 9. Меѓународен саем за метал и енергетика, од 1 до 3 декември 2010 година, во Бурса, Турција. На саемската манифестација беа присутни над 55 посетители од 22 македонски компании. При посетата на саемот, стопанствениците имаа можност да стапат во контакт и да се запознаат со најновите технологии и трендови на реномираните компании производители на машини за обработка на метал, електроника за водење на индустриски процеси, производители на опрема за безбедност при работа и др. Стопанствениците остварија бројни контакти со повеќе познати компании, како што се: Baykal, Ermaksan, TAV-SANHidropir, Eurometal, Vera, A.S.C.Motor, VERATescom, EKT, AKSA generator и други компании.



**6.12.2010 година**

АЦИ Македонија -Здружение на финаниски пазари со Стопанската комора на Македонија организираше еднодневен панел-семинар на тема: “ЛИЦЕ В ЛИЦЕ, банкарските дилери и компаниите”. На семинарот беа проследени неколку стручни презентации од Дарко Стојковски, SPARKASSE Банка АД- Скопје, член на Извршниот одбор на АЦИ Македонија и Бојан Цветановски, НЛБ Тутунска банка АД – Скопје, член на Надзорниот одбор на АЦИ Македонија.

**6.12.2010 година**

**Седница на Групацијата на мелничко-пекарската индустрија**

Групацијата на мелничко пекарската индустрија при Стопанската комора на Македонија, актуелизира одредени прашања и проблеми сврзани со состојбите во оваа стопанска дејност. Како отворено прашање за разрешување, Групацијата го посочи недостигот на пченица, на домашниот пазар но и на глобално ниво , но и зголемениот увоз на суровини од традициоанлните пазари со што се доведува во прашање одржливоста на цената на лебот. Со цел да се избегне апсолутниот недостиг на пченица како и тенденцијата на зголемување на цената на лебот и брашното со што би бил погоден крајниот потрошувач, Групацијата на мелничко пекарската индустрија при Стопанската комора на Македонија предлага Владата на РМ да интервенира со 25.000 тони пченица од стоковните резерви.




**7.12.2010 година**

**Македонската енергетска асоцијација расправаше за Предлог-енергетскиот биланс на Република Македонија за 2011 година - ПО ПОДОЛГ ПЕРИОД ЗНАЧАЈНО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПРОИЗВОДСТВОТО НА ЕНЕРГИЈА**

Традиционално, претставниците на енергетските компании, големите потрошувачи, научната јавност, организациите и институции го разгледаа енергетскиот биланс за 2011, пред неговото усвојување од страна на Владата на РМ. Од следната година, покрај овој документ ќе се носи и друг значаен документ, петгодишен биланс каде што ќе

се направат петгодишни проекции за енегретскиот систем на РМ и истиот ќе биде индикатор за остварувањето на енергетската стратегија на државата., истакна минстерот за економија, д-р Фатмир Бесими во своето обраќање. Предлог-енергетскиот биланс во однос на проекциите ги користи и е услогласен со проекциите за пораст на бруто домашниот производ за 3,5% и пораст на индустриското производство за 5,6%, на кои се додаваат и информациите од компаниите за планираните случувања во енергетсиот сектор и во индустријата на РМ. Она што го разликува овој од претходните биланси е што за прв пат ќе дојде до поголемо зголемување на домашното производство на електрична енергија (19% во 2011) со почнувањето со работа на две комбинирани постројки за производство на електрична енергија, „Те-То“ и „Когел„ Проекциите на потребите од сурова нафта за преработка се зголемени за 22%, а на нафтени деривати за 2%.

**10.12.2010 година**

**Доделени сертификати на шест компании за добро корпоративно управување - МАКОТРПНО ШИРЕЊЕ НА ФРОНТОТ ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА**

„Макстил“, Скопје, Охридска банка, Охрид, „Македонски телеком“, Скопје, „Раде Кончар – ТЕП“, Скопје, „Раде Кончар – Сервис и поправка на електрични апарати“, Скопје и ПроКредит Банка, Скопје се добитници на сертификати за добро корпоративно управување. Тие се доделуваат по повод Светскиот ден за борба против корупцијата - 9 Декември, востановен од страна на Организацијата на обединетите нации. Транспарентност нулта корупција, Стопанската комора на Македонија и Стопанската комора на северозападна Македонија ги доделија сертификатите на пригодна свеченост, што се одржа во Стопанската комора на Македонија. Д-р Слаѓана Тасева, претседател на Транспарентност нулта корупција, истакна дека за да им се помогне на компаниите во дизајнирањето и имплементацијата на ефективни политики за борба против поткупот, Transparency International и Меѓународната организација за општествена одговорност во 2003 година ги здружија силите за лансирање на деловните принципи за борба против поткупот. Актуелните истражувања посочуваат дека иако компаниите усвојуваат политики за борба против поткупот, нивната целосна примена и понатаму останува процес што не е во потполност спроведен и претпоставува предизвик за многумина. Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија, укажа дека борбата против корупцијата е меѓу приоритетните прашања кои треба да ги решиме, а на тоа упатуваат и забелешките на Европската унија во последниот извештај. Тоа е долга и макотрпна работа која бара целосен ангажман и системски третман од сите надлежни органи, како и од бизнис-заедницата.



**17.12.2010 година**

**Презентирана Програмата за финансирање на одржлива енергија за Западен Балкан и Инструментот за поддршка на конкурентноста на МСП - ФИРМИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН ТРОШАТ ТРИ ПАТИ ПОВЕЌЕ ЕНЕРГИЈА ОД КОНКУРЕНТИТЕ!?**

Стопанската комора на Македонија во соработка со локалните канцеларии на кредитните програми на ЕБОР/ЕУ, на заинтересираните стопански субјекти им претстави две програми за кредитирање: Програмата за финансирање на одржлива енергија за Западен Балкан –WeBSEFF и ЕУ/ЕБОР Македонија – Инструмент за поддршка на конкурентноста на мали и средни претпријатија (МСП). Со Програмата за финансирање на одржлива енергија на Западен Балкан – WeBSEFF се обезбедуваат кредити до 2 милиона евра за фирмите од Западен Балкан кои имаат потенцијал за заштеда на енергија или потенцијал за искористување на овновливите извори на енергија, достапни се преку домашните партнерски банки. Посебна поволност е бесплатната екпертиза. Најголемата поволност на оваа кредитна линија е можноста фирмите да добијат паричен надоместок на дел од инвестицијата, по успешното завршување на проектот, во износ од 15%-20%. ЕУ/ЕБОР Македонија – Инструмент за поддршка на конкурентноста на мали и средни претпријатија (МСП) има за цел да ја зајакне конкурентноста на малите и средни претпријатија

низ примена на стандардите од областа на животната средина, безбедност и здравје при работа и квалитет и сигурност на производи и услуги.

# МЕЃУНАРОДНИ АКТИВНОСТИ

**12.01.2010 година**

**Економско-трговскиот советник во Канцеларијата за врски на Република Грција во посета на Стопанската комора на Македонија - ИНТЕНЗИВНИ КОНТАКТИ МЕЃУ КОМПАНИИТЕ ЗА ПОТТИК НА ЕКОНОМСКАТА СОРАБОТКА**

Атанасиос Макрандреу, економско-трговски советник во Канцеларијата за врски на Република Грција, при посетата на Стопанската комора на Македонија ја потврди заложбата на Комората за дополнително интензивирање на деловната соработка во остварување на заедничката мисија - промоција на стопанствата и воспоставување на директни деловни контакти со цел воспоставување на меѓусебна соработка. Заедничка беше оценката дека постои потреба за зајакнување на соработката во транспортниот сектор. Притоа, беше оценето дека непостоењето на директни авионски и автобуски линии , лош железнички транспорт, претставува голема пречка, која треба да се надмине, бидејќи после визната либерализација , за очекување е дека меѓусебната размена и соработка треба да се зголеми. Во разговорите беше акцентирано дека постојат можности за заеднички настап на трети пазари, а Макрандреу ја потенцираше заинтересираност на грчките компании за учество на јавни тендери во земјава.

**16.01.2010 година**

**Стопанската комора на Македонија и Комора на Иматија од Република Грција со партнерски проект - ПОДРШКА НА КОМПАНИИТЕ ЗА ПОЛЗУВАЊЕ НА КОРИДОРОТ 10**

Стопанската комора на Имитија од Република Грција, во партнерството со Стопанската комора на Македонија иницира вертикално поврзување на аграрниот сектор, по оска на коридорот 10, за побрз и поквалитетен настап на пазарите на ЕУ. Со партнерскиот проект двете комори ќе се обидат да основаат Агро бизнис сервисни центри при своите институции. Тие би биле во функција на размена на сите видови на информации од сектор на аграрот (производни, маркентишки, транспортни....), како и воспоставување на заедничката база на податоците. Регион на Иматија се наоѓа во северната Грција, во близина на Солун, Пела, Периа и Кожани. Се работи за рурален и индустријски регион во кој е развиено аграрно производство и преработка. Иматиа е извозен и транзитен центар на грчките прехранбени производи. Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија, ја изрази институционалната подготвеност за ова проектно партнерство и најави силна поддршка на институционална билатерална коморска соработка, како и на сите заеднички активности кои се во функција да ја развиваат економијата во регионот.

**20.01.2010 година**

**Средба на новоименуваните амбасадори на Република Македонија во Катар и АР Египет со претставници од бизнис заедницата - ПРАВНА РАМКА И БИЗНИС КОНТАКТИ ЗА ПОТТИК НА РАЗМЕНАТА**

Новоименуваните амбасадори на Република Македонија во Катар, Фуад Хасановиќ и Египет, Миле Манолев, ја посетија Стопанската комора на Македонија и имаа можност да остварат директни средби со заинтересирани стопанственици, кои во овие земји го гледаат потенцијалот за унапредување на своите бизниси. Од страна на компаниите беше нагласено дека нема добри економски односи без заокружување на правната рамка и институционално регулирање на билатералните односи. Посебно е неоходно да се олесни визната процедура за бизнисмените од овие земји за престојување во Република Македонија. Од својата страна, двата амбасадори нагласија, дека приоритет во нивните мандати ќе биде унапредување на стопанската соработка. Главни сектори во кои има поголем простор за соработка се: земјоделството, градежништвото, туризмот, а овие земји имаат потреба од квалификувана работна сила.

Помеѓу Стопанска комора на Македонија и Федерацијата на трговско - индустриски комори на Египет е потпишан договор за соработка и заемно признавање на сертификатите за потекло на стоки. АР Египет треба да се искористи за пристап во земјите на Магреб, но и пошироко, за влез во земјите од Еуро- медитеранското партнерство.

**26.01.2010 година**

**Средба на Бранко Азески со советникот за економски прашања при Канцеларијата за врски на Република Грција, Атанасиос Макрандреу - ЗАЕДНИЧКИ ИНИЦИЈАТИВИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА**

Претседателот на Стопанска комора на Македонија, Бранко Азески се сретна со Атансиос Макрандреу, советник за економски прашања при Канцеларијата за врски на Република Грција .Ова беше одлична можност да се разменат мислења за актуелните прашања кои го засегаат слободниот пороток на стоки, за што и двајцата соговорници се согалсија дека взаемниот интерес и на двете страни е во соработката чија крајна цел е билатералниот економски развој и генерирање на профит од двете страни на границата. Претседателот Бранко Азески ја потврди важноста на Солунското пристаниште како исклучително важен транспортен и логистички центар за македонското стопанство и нашиот интерес да развиваме иницијативи за унапредување на соработката со ова пристаниште со цел да се олесни пристапот и протокот на стоки. Стана збор и за две иницијативи кои се доста важни за унапредување на билатералните стопански односи меѓу Македонија и Грција: предлогот за избегнување на двојното оданочување и заштита на инвестициите. Макрандреу го потврди позитивниот став за оживотворување на овие иницијативи и укажа дека актуелниот застој за да тие дојдат на потпис се должи на технички детали поврзани со фактот дека во Грција владата е неодамна формирана и дека во моментов на дневен ред се други економски прашања со повисок приоритет, а за кои многу скоро со помош на национални и европски средства ќе се најде решение.



**5.02.2010 година**

**Македонско-италијански бизнис-форум - ОБНОВЛИВИТЕ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА АТРАКТИВНИ ЗА ИНВЕСТИТОРИТЕ**

Италијански стопанственици, кои со своите фирми - ќерки на централи и конзорциуми од Италија, се присутни во Бугарија, Србија и Албанија се заинтересирани да ги проширувааt бизнисите и во Македонија. Интересот е посебно насочен во секторите: енергетика, градежништво, земјоделство, занаетчиство и призводство на авто делови. За соработка се посебно значајни малите и средните претпријатија, кои се занимават со трговија, дистрибуција и застапништво. Ова им беше порачано на компаниите од земјава кои присуствуваа на Македонско-италијанскиот бизнис-форум во Стопанската комора на Македонија.

Заедничката соработка не е само единствениот пат кон успехот, туку, во овие кризни времиња, и единствениот начин да се достигне и задржи досегашното ниво на соработка. Италија гледа на Балканот со посебен интерес, како политички, така и економски. Претприемачите, деловните партнери и стопанските комори може да создадат добра основа за развивање на економските односи. - истакна Роберто Рицо, прв секретар за економски прашања во Амбасадарта на Република Италија во Република Македонија.

**10.02.2010 година**

**Македонско-чешки бизнис-форум во Прага - РАЗМЕНАТА ЗГОЛЕМЕНА, НО СЕ` УШТЕ НИСКА**

Можете да сметате на нашата силна политичка и бизнис поддршка - порака од домаќините „Помалку бирократија – повеќе бизнис" е мотото на македонската Влада која последниве години креира поволна деловна клима преку намалување на админстративните бариери, јакнење на институционалните капацитети, редукција на даноците и поедноставување на условите за отворање фирми, истакнал премиерот, м-р Никола Груевски, во обраќањето на македонско-чешкиот бизнис форум што се одржува во Прага. За успешна економска соработка од исклучително значење се политичките односи кои меѓу Р.Македонија и Р.Чешка се на многу

завидно ниво, истакнал чешкиот премиер, Јан Фишер, нагласувајќи ја цврстата и недвосмислена поддршка на Чешка за македонските евроинтегративни порцеси. На бизнис форумот присуствуваа околу 20 македонски и 40 чешки стопанственици главно од областа на енергетиката, градежништвото, прехранбената индустрија, екологијата и ИТ- секторот. Тие разговараа за интензивирање на соработката, за реализирање проекти и за заеднички настап на трети пазари. Пред почетокот на форумот беше потпишан Договор за економска и индустриска соработка, кој од двете страни е оценет како дополнителна поддршка за развивање и интензивирање на стопанските односи.

**12.02.2010 година**

**ЦЕФТА-форум во Белград, Република Србија - ПОГОЛЕМА РЕГИОНАЛНА СОРАБОТКА - ЛЕК ЗА КРИЗАТА**

Регионот треба да се справува со економската криза со поголема и поквалитетна меѓусебна соработка.Тоа ќе може да се постигне со целосна примена на ЦЕФТА-договорот, со којшто до крајот на годинава меѓу земјите-потписнички треба да се воспостави целосна меѓусебна слободна трговија. Ова е генералната порака испратена од белградскиот ЦЕФТА-форум насловен како "Регионалната соработка и ЦЕФТА-договорот", што се одржа во Стопанската комора на Србија. Форумот беше организиран во рамките на одржувањето на шестиот по ред "Brand fair" на Белградскиот саем, на којшто се претставија познатите брендови од регионот, а свој штанд имаше и Стопанската комора на Македонија. Особено важно е да зборуваме за бариерите што постојат меѓу нас и за нивното рушење. Постојано на владите во нашите земји им ги испраќаме заклучоците за либерализација на трговијата, а речиси сите без исклучок не преземаат ништо за нивното спроведување, - предупреди Борко Ѓуриќ, претседател на Стопанската комора на Република Српска во Б и Х. - И за Љиљана Филиповиќ, потпретседател на Стопанската комора на Црна Гора, проблемот е во доменот на приказни и убави зборови. - Сите треба да се запрашаат колку даваат се` од себе да се оствари ЦЕФТА-договорот, којшто е претсобје на регионот за членство во ЕУ, - додаде Љиљана Филиповиќ. - Да не се залажуваме, сепак, ни претстои голема и сериозна работа на патот кон регионалната интеграција. Меѓу себе, бизнис-заедниците од регионот немаат проблеми, туку проблемите се јавуваат со државните органи, кои очигледно не го слушаат доволно гласот на стопанството, - истакна Милош Бугарин, претседател на Стопанската комора на Србија. ЦЕФТА-форумот овој пат беше во рамките на одржувањето "Brand fair". На Белградскиот саем, од 11 до 13 февруари, излагаа бројни брендови од регионот, под мотото: „Пазарот е цел“. На штандот на Стопанската комора на Македонија, своите производи, кои станаа препознатливи марки во регионот, но и пошироко, се претставија компаниите од земјава: „Европа“, „Сковин“, „Тетекс“, „Виталија“, „Платформа“...

**15.02.2010 година**

**Делегација на Унијата на ирачките бизнисмени во Комората - ПОСЕТА ВО ВИСТИНСКО ВРЕМЕ**

Вашата посета на Стопанска комора на Македонија испраќа порака дека приватниот сектор на Ирак има капацитет за стопанската соработка со приватниот сектор во странство; интерес да се реконструираат стопански односи кои постоеле пред дваесет години и дека ирачкиот приватен сектор може да биде мост за пласман на македонските производи и во други земји на Блискиот исток. Стопанската комора на Македонија, со своите активности, е истрајна во обнувањето на пазари во тој регион и во тој контекст е и воспоставување на соработката со Унијата. - истакна Бранко Азески, во средбата со Younis Agha, претседателот на Регионална канцеларија на Унија на ирачките бизнисмени од Мосул.



Гостинот од Ирак, во име на делегацијата, образложи дека целта им е да се запознаат со стопанските потенцијали на земјава, да ги пренесат информациите и да организираат неколку деловни мисии кон Македонија во текот на оваа годиина. Интересот се однесува на индустриските и прехранбени производи, како и кон секторите: градежништво, туризам, здравство, школство и спорт.

**19.02.2010 година**

**Македонско-српскиот деловен совет на граничниот премин Табановце и бизнис - форум во Стопанската комора на Македонија - ИТНО ОТСТРАНУВАЊЕ НА НЕТАРИФНИТЕ БАРИЕРИ**

Не можеме да идентификуваме толку бариери, колку што администрацијата може да постави нови, а секое министерство си воведува нови давачки и обврски - истакна Бранко Азески Долгото и неоправдано задржување на стоките на границите, особено за транспортот на сезонски земјоделски производи, царински процедури исполнети со премногу администрација, задржување на возилата поради неусогласеност и различни барања за една иста работа на царината и инспекциите, воведување на нови цертификати кои дополнително ја усложнуваат процедурата, двојни контроли на стоките за извоз како резултат на непризнавање на сертификатот за квалитет, фитосанитарните и ветеринарните документи - се само дел проблемите кои македонските и српските стопанственици ги презентираа на седницата на Извршниот комитет на Македонско-српскиот деловен совет, кој се одржа на граничниот премин Табановце. На седницата, на која беше направен обид да се идентификуваат и да се предложат начини на отстранување на нетарифните бариери кои се јавуваат како пречка во билатералната трговската размена помеѓу Република Македонија и Република Србија, покрај бизнисмени од двете земји, присуствуваа претставници на царинските управи и инспекциските органи и учесници во извозно - увозните процедури, пред и по поминувањето на граничниот премин. -За жал, мораме да констатираме дека и по последната средба на Деловниот совет што се одржа пред четири години, се уште има проблеми врзани за работата на инспекциските и сертификациони органи, инфраструктурните капацитети и професионални ресурси – потенцираше Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија. – И претседателот на Стопанската комора на Србија, Милош Бугарин, се сложи дека овозможувањето брз премин на границите, признавањето на здравствените, ветеринарните и фитосанитарните уверенија, максималното поевтинување на трошоците на работење кои моментно се многу високи и оптоварувачки, како и зголемување на конкурентноста на двете страни во регионот, се приоритетите за кои заеднички ќе се залагаат, не само бизнсмените, туку и надлежните институции на двете држави. И двете страни ги обврзува мултилатералниот ЦЕФТА договор кој мора целосно и ефикасно да се спроведува. За натамошната соработка меѓу двете земји од клучна важност треба да биде санирањето на железничките и патните правци на паневропскиот Коридор 10, како и дефинирањето на заедничките интереси во енергетиката и телекомуникациите со посебен фокус на изграбата на гасоводот Куманово - Врање и далеководот Скопје - Ниш. Стана збор и за можностите за заеднички настап на трети пазари, како и за интензивирање на соработката во земјоделството.



**23.02.2010 година**

**Претседателите на коморите од земји не-членки на ЕУ, во Истанбул, Република Турција апелираа на забрзување на проширувањето на ЕУ - ЕДНАКВИ СТАНДАРДИ ЗА СИТЕ**

Економската криза, Лисабонскиот договор и иднината на проширувањето на Европската Унија беа темите на средбата на претседателите на коморите од земји не-членки на ЕУ, што се одржа во Истанбул, Република Турција. Со средбата претседаваа Алесандро Барберис, претседател на Еурочемберс и Рифат Хисарџиоулу, потпретседател на Еурочемберс, задожен за претставување на интересите на коморите од земјите не-членки, а воедно и претседател на Унијата на турските комори (ТОББ). На состанокот, на кој учествуваше и Али Бабачан, заменик премиер на Република Турција, Стопанската комора на Македонија ја претставуваа Бранко Азески, нејзин претседател и Антони Пешев, претседавач на Собранито на најстарата и најбројната деловна асоцијација во земјава. Заеднички став на сите комори е да се бара Европската комисија да го забрза асоцијативниот процесот во однос на земјите кандидати, како и во однос на земјите кои се во процесот на стабилизација и асоцијација. Посебно се инсистираше на примена на еднаквите стандарди за сите, кои се однесуваат на бараниот напредок на земјата, а не дополнителни политички условувања. Соработката на економиите и бизнис заедниците на земјите членки на ЕУ и земјите не-членки најдобро го манифестираат значењето на заедништвото. Исто така, беше упатено барање да се интензивираат активности во имплементација на Источното партнерство. На состанокот, покрај коморската делегација од Република Македонија, учествуваат претседателите на коморите на Албанија, Азербејџан, Белорусија, БиХ, Хрватска, Грузија, Исланд, Израел, Црна Гора, Норвешка, Руската федерација, Србија, Швајцарска и Украина.

**23.02.2010 година**

**Бизнис-делегација од Република Австрија во Стопанската комора на Македонија - И ПОКРАЈ КРИЗАТА ПРОДОЛЖУВА ИНТЕРЕСОТ ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ ВО ЗЕМЈАВА**

Бизнис-делегација од Република Австрија беше во посета на Стопанската комора на Македонија, при што оствари средба со педесеттина македонски компании Г-дин Глигор Бишев, потпретседател на Стопанската комора на Македонија, истакна дека компаниите од двете земји имаат потенцијали за заеднички да настапат и на трети пазари, со што би се зголемила конкурентноста. На средбата во Комората овојпат интересот за меѓусебна соработка беше потенциран особено во секторите: туризам, маркетинг, транспорт и логистика, игри на среќа и казина. Како претседател на Советот многу ми е драго кога странски инвеститори покажуваат интерес за вложување во Македонија, како што е и со оваа делегација од мојата земја. По доаѓањето на ЕВН во земјава ни се придружија многу еминетни компании од Австрија, истакна Георг Валднер. Земјата дава шанси, но има и ризици. Неопходно е ризиците да се пресретнат, а шансите да се искористат. Зигфрид Штиглиц, почесниот конзул на Република Македонија во Република Австрија, посака бизнисмените да се вратат во својата земја со нови бизнис партнери. -Ова е пријателска земја со деловни луѓе кои се подготвени за соработка . - додаде Зигфрид Штиглиц.




**4-5.3.2010 година**

**Работилница на Европската тренинг фондација од Торино, Република Италија - СО ПРАКТИЧНИ ВЕШТИНИ ОД УЧИЛИШТЕ ДИРЕКТНО НА РАБОТА**

Европската тренинг фондација од Торино, како специјализирана организација на Европската Унија, на 4 и 5 март 2010 година организираше дводневна работилница на тема “Како да се подобри посветеноста на стручното образование на потребите на пазарот на трудот“. На работилницата зедоа учество претставници од министерства за образование, национални

агенции за стручно образование, стопански комори, организации на работодавачи и синдикати, од 8 земји од Западен Балкан и Турција, како и претставник на Европската комисија од Генералниот Директорат за проширување Средбата беше во функција на воспоставување подолгорочна соработка со Европската Комисија во областа на компетенциите и тренингот за развој на приватниот сектор, при што се посочија и конкретните предизвици и потенцијални предности на регионалната соработка во наведените приоритетни области.

**6.3.2010 година**

**Во студиска посета на Литванија: Проект за доживотно учење**
**- ПО ИСКУСТВА ОД - ПОИСКУСНИТЕ**

Во рамките проектот Техничка поддршка на МОН за доживотно учење, членовите на телото што изминатата година активно работеше на изготвување на Националната рамка на квалификации за Македонија, во контекст на доживотното учење, од 28 февруари до 6 март годинава престојуваа во Вилниус, Литванија. Студиската посета се реализираше токму во Литванија, земја со транзициско искуство, која пристапила во ЕУ, и земја за која се смета дека има постигнато значителен успех во развивање и спроведување на својата Национална рамка за квалификации. Исто така, тоа е држава со училишен систем за СОО, споредлив испитен систем и структура на образовниот систем која не се разликува многу од таа на Македонија. Главна цел на оваа студиска посета беше детектирање на специфичните вредносни системи во образовниот процес и запознавање со литванското искуство за:- Клучните стратешки прашања во развојот на НРК во земјата и нејзината главна цел и намена;- Структура – национални нивоа на квалификации и описи на нивоа, сектори, типови на квалификации, корелација со ЕРК;- Раководење/управување, надлежности на институциите;- Финансирањето на НРК и националниот систем на квалификации;- Методолошки прашања, критериуми и процедури;- Функционирање на системот на квалификации во земјата во сите сектори;- Акредитација и осигурување на квалитет (на институциите акредитирани да нудат квалификации, како и на оценувањето и издавањето на сертификати на учесниците);- Тестирање и оценување;- Прашања поврзани со пристап и премин, вклучувајќи кредит системи, верификација на неформалното и информалното учење;- Ефектот врз доживотното учење, вклучувајќи пример за тоа како НРК се промовира и користи, мерките со кои се следи/проверува нејзината ефективност, нејзиното влијание врз понудите од понудувачите на обуки, стапки на учество во учење на возрасни.

**9.3.2010 година**

**Амбасадорот и економското таше во Амбасадата на Република Полска во Република Македонија во посета на Стопанската комора на Македонија - ОБНОВА НА КОНТАКТИТЕ ЗА ПОТТИК НА (ПОД)ЗАМРЕНАТА РАЗМЕНА**

Наскоро ќе биде и иницирана нова Програма за работа на Македонско-полскиот Деловен Совет, кој е формиран во 2000 година од страна на Полската стопанска комора, Полската јужноевропска стопанска комора и Стопанската комора на Македонија. Последниве 15 години има затишје во трговската соработка со Република Полска и генерално не постои доволно познавање на потенцијалите, па заради сето тоа потребно е да се иницираат заеднички средби за да се направи поместување на тој план. Ова беше заклучено при посетата на Стопанската комора на Македонија на НЕ Карол Бахура, амбасадор на Република Полска во Македонија. Заедничката констатација од разговорите со домаќините беше дека е неопходно повторно да се активираат контактите на коморите од двете земји за да се подобри деловната соработка. Според оценките на амбасадорот Карел Бахура, постојат многу големи можности и полиња во кои може да се унапредува соработката, да се размена на искуства, едукација, учество во заеднички проекти....



**11-12.3.2010 година**

**Работилница во Тбилиси, Република Грузија, на која учествуваа и експерти од Стопанската комора на Македонија - ГУАМ ЗАЕДНИЦАТА ПРИБИРА ИСКУСТВА ЗА ПРИБЛИЖУВАЊЕ КОН ЕУ**

Меѓународниот центар за демократска транзиција, со седиште во Будимпешта, со поддршка на Владата на Република Унгарија и САД, организираше работилница за пренос на искуства помеѓу земјите од Вишеградската четворка (Р. Полска, Р.Чешка, Р.Словачка и Р.Унгарија), Западен Балкан и земјите од источното соседско партнерство, таканаречена ГУАМ заедница (Р.Азербрејџан, Р.Грузија, Р.Молдова и Р.Украина). Пошироко, покрај ГУАМ земјите, во партнерството се и Р.Белорусија и Р.Ерменија. Стопанската комора на Македонија, на работилницата што се одржа на 11 и 12 март 2010 година во Тбилиси, во Р.Грузија, беше поканета како единствениот преставник на приватниот сектор, од бизнис заедницата, да ги пренесе коропративните искуства во процесот на интрарегионалната соработка во рамките на ЦЕФТА и во процесот на ЕУ интеграциите. На работилницата земаа учество цивилниот сектор, претставници на владиниот сектор и меѓународни институции. Платформата од работилница ќе послужи за креирање на заедничките проекти кои треба да ја подржат регионалната соработка и процесот на доближување кон ЕУ, како и за изготвување на соодветна студија.

**12.4.2010 година**

**Презентација на Помурски саем од Република Словенија пред бизнис-заедницата од државава - ЕВРОПСКИТЕ ПАЗАРИ НА ДЛАНКА**

Помурски саем од Горна Радгона, Република Словенија, во Стопанската комора на Македонија организираше презентација на активностите и програмата за 2010 и 2011 година. На презентацијата, покрај претставниците на македонските комапнии кои го истакнаа својот интерес за учество на овој саем, присуствуваше и амбасадорот на Република Словенија во Република Македонија, Ален Брајан Бергант. - Учеството на овој саем е одлична можност преку промоција да им се помогне на компаниите од Република Македонија во освојување на европскиот пазар, - истакна амбасадорот Ален Брајан Бергант. Свое излагање и презентација на активностите на Саемот имаше Матеја Јаклич, комерцијален директор на “Помурски саем“, која истакна дека со својата местоположба, меѓу Австрија, Хрватска и Унгарија, “Помурски саем“ има реноме на еден од најпосетуваните во Европа. Меѓународните саемски манифестации во негова организација се насочени кон воспоставување долгорочни партнерски односи меѓу компаниите од Европа и светот.

**15.4.2010 година**

**На „Бисерот на морето 2010“ во Супетар на Брач во Република Хрватска - МАКЕДОНСКИТЕ ГОТВАЧИ „ЗГОТВИЈА“ 36 МЕДАЛИ**



Македонските готвачи, на Меѓународниот фестивал за готвење, што се одржа на островот Брач, „зготвија“ 36 медали, и тоа 14 златни, 12 сребрени и 10 бронзени. Во нив не ги зброивме и специјалните награди и медали кои беа доделени за успешни настапи, организација на натпреварувањето или признанија од страна на одредени врвни гастронсмски стручњаци кои присуствуваа на овој фестивал. Со нив беа наградени Стопанската комора на Македонија, престижниот хотел „Алексанадар Палас“ од Скопје и прекрасниот хотел „Романтик“ на езерото Младост крај Велес. Ваквиот „десерт“ за својата струка мајсторите на македонската кујна го оствarija на традиционалниот натпревар во готвење „Бисерот на морето 2010“, што се одржа во Супетар. Триесетина готвачи од познатите македонски хотели и ресторани, во организација на Стопанската комора на Македонија, готвеа, играа, пееја и на најубав начин ја презентираа македонската кујна и овдешните традиционални јадења. Медалите ги освоија во конкуренција од преку 200 готвачи од 16 земји.

**15.4.2010 година**

**Македонско-албански бизнис-форум**

**- БИЗНИСМЕНИТЕ ДА СОРАБОТУВААТ КАКО ПОЛИТИЧАРИТЕ**

Економската соработка меѓу Република Македонија и Република Албанија воопшто не кореспондира со нивото на политичките односи, со можностите на двете стопанства и со фактот дека сме соседи. Добрите и стабилни политички односи меѓу двете земји претставуваат најголем капитал од кој може да профитираат двете општества и двете бизнис заедници. Во претстојниот период клучни сегменти на кои двете држави треба да се фокусираат се енергетиката и инфраструктурната поврзаност. Ова го истакна претседателот на Република Македонија, Ѓорге Иванов во обраќањето на македонско-албанскиот бизнис форум, што се одржа во рамките на дводневната посета на претседателот на Република Албанија, Бамир Топи, на Република Македонија. - Свесни сме за постоењето голем потенцијал за економска размена меѓу нашите две стопанства. Затоа го охрабруваме организираниот пристап и пласман на македонските производи на албанскиот пазар и ги поттикнуваме директните инвестиции на нашите претпријатија во Албанија и обратно, како и основањето мешовити компании. Таквиот поттик не е само вербален, туку се темели на реалните заложби за создавање поволна инвестициска клима и отвореност на нашите економии, - истакна претседателот Ѓорге Иванов. Според претседателот на Република Албанија, Бамир Топи, приоритет и за двете држави треба да биде реализирањето на Коридорот 8, преку интензивно лобирање во Брисел и изградбата на патиштата кои ја поврзуваат Тирана со Дебар, Елбасан и Ќафасан. -Двете земји имаат капацитет, освен во туризмот, да ја развиваат соработката и во делот на рударството и металургијата – истакна Бамир Топи.

**15.4.2010 година**

**Македонско-турски бизнис-форум со компании од Едрене - ПОТПИШАНИ СПОГОДБИ ЗА СОРАБОТКА СО РЕГИОНАЛНИТЕ КОМОРИ ОД ГОСТИВАР И ОД ОХРИД**

Турските бизнисмени од Едрене беа повикани да инвестираат во Република Македонија, а посебно беа потенцирани можностите за вложувања во производството на еколошка храна, во текстилната индустрија, туризмот, индустријата за пакување... Оваа порака беше испратена на Македонско -турскиот бизнис-форум со компании од Едрене. Во скопскиот хотел „Холидеј Ин“, на деловните средби учествуваа преку стотина бизнисмени од двете земји. Форумот се одржа во рамките на програмата „Денови на Едрене во Македонија“, а беше во организација на Стопанската комора на Македонија, АППРМ, EEN, МАТИБ и МАТТО. Преку презентациите што ги извршија организаторите, гостите од Едрене имаа можност да се запознаат со бизнис-климата во земјава и со условите што земјава ги нуди на странските инвеститори. На Македонско-турскиот бизнис-форум свечено беа потпишани и спогодби за соработка меѓу Трговско-индустриската комората на Едрене и регионалните комори со седиште во Гостивар и во Охрид. Спогодбите ги потпишаа потпретседателот на Трговско–индустриската комора на Едрене, Сердар Јалчинер и Ремзи Абдулаи и Ружди Муфти.



**21-24.4.2010 година**

**Во организација на Стопанската комора на Македонија, 60 претставници од 23 македонски компани го посетија Саемот за конфекциски машини „Тујап„ во Истанбул - ОСТРАТА КОНКУРЕНЦИЈА НАЛАГА ПРОМЕНА НА ТЕХНОЛОГИЈАТА**

Текстилната индустрија полека живнува, а дел од компаниите во потрага по нова технологија Стопанската комора на Македонија, во соработка со „Адонис групацијата„, ексклузивни застапници на Саемот „Тујап„ од Истанбул, организираше посета на Саемот за конфекциски машини „Тујап 2010„. Во Република Турција, од 21 до 24 април, патуваа 60 претставници од 23 текстилни компании од Македонија, со цел да ги проследат најновите

достигнувања во областа на новата технологија во оваа гранка. Саемот за конфекциски машини беше организиран во 10 хали во кои имаше излагачи од 29 држави. Вкупно 545 компании излагаа најсовремени конфекциски машини (за предење, боење, пеглање, пакување, шиење, везење итн.). Всушност, постетителите можеа да видат и да набават технологија за производство - од суровина до готов производ за пласман. Деловните луѓе од земјава го искажаа огромното значење на оваа посета за нивниот бизнис. Дел од сопствениците истакнаа дека оствариле контакти со производителите на машини и дека во најскоро време тие ќе се најдат во нивните погони. Други, пак, пронајдоа поевтини сервиси и делови за нивните машини, некои добија идеи како би го смениле начинот на работа...

**3.5.2010 година**

**Израелски компании ја посетија Стопанската комора на Македонија - ПОБАРАНА ПОДДРШКА ЗА ИДНИТЕ ДЕЛОВНИ ПОТФАТИ ВО ЗЕМЈАВА**

Заменик-премиерот и министер за надворешни работи на Израел, Авигдор Либерман, престојува во официјална посета на Република Македонија, заедно со претставници на неколку израелски фирми заинтересирани за соработка со компании од земјава. Во неговата придружба се: компаниии од областа на ИТ-технологија, производство на цвеќиња, производство на авиони и хеликоптери и компанија која се занимава со изградба на патишта, третман на води и животна средина. Тие ја посетија Стопанската комора на Македонија, истакнувајќи дека очекуваат од најстарата и најбројната деловна асоцијација во земјава поддршка во развивањето на нивните бизниси. Гостите беа примени од Антони Пешев, претседавач на Собранието на Стопанската комора на Македонија. - Ние сме пријателски земји, што се потврдува и со укинатиот визен режим меѓу нас. Но, секој бизнис има една цел, а тоа е профит, - изјави Моше Рапапорт, директор за развој на проекти во фирмата „Шикун Бинуи - Арисон Груп„, компанија која учествува на тендерот за изградба на Коридорот 8.

**26-29.04.2010 година**

**РегионалнаТА комора со седиште во Прилеп во возвратна посета на општината Тире во Измир, Република Турција - ЛОКАЛНИТЕ БИЗНИСМЕНИ ДОГОВОРИЈА СОРАБОТКА**

Регионалната комора со седиште во Прилеп, во соработка со локалната самоуправа, организираше возвратна посета на општина Тире во Измир, Република Турција. Посетата на прилепската делегација, во периодот од 26 до 29 април 2010 година, беше врз основа на поканата на градоначалникот на Тајфур Чичек. Пред тамошната општинска јавност беше извршена промоција на градот Прилеп, економските потенцијали, природните ресурси на регионот и поволностите што се нудат за странските инвеститори. Договорена беше и сеопфатна економска, културна и спортска соработка меѓу двете општини. Во тие рамки беше потпишан Протокол за збратимување на двете општини. Со претседателот на Трговската комора од Тире, Хусеин Чапкиноглу, беше потпишана Спогодба за заедничка соработка меѓу двете комори. Таа треба да придонесе за меѓусебната размена на информаци и поголема економска соработка меѓу двете општини.

**27.5.2010 година**

**Романска бизнис-делегација во посета на општина Охрид - ПОЧЕТОК НА НОВИ БИЗНИС-ВРСКИ, ОСОБЕНО ВО ТУРИЗМОТ**

Зајакнувањето на пријателските односи меѓу Македонија и Романија, унапредување на економските врски и изнаоѓање можности за создавање нови бизнис-врски меѓу стопанствениците, особено во областа на туризмот, стимулирање на дијалогот во насока на промоција на културните врски се главните цели на нашата посета на општина Охрид, изјави, Аурелијан Гугулеску, претседател на Стопанската комора на романската област Прахова и почесен конзул на Република Македонија во Романија. На средбата со претставниците на локалната самоуправа 23-члената бизнис-делегација од Романија, истакна дека можностите за соработка се големи, но недоволно искористени, пред се поради слабата информираност на луѓето од бизнис-заедниците на двете држави. Се очекува подобрување со потпишување на договорот за соработка меѓу Стопанската комора на романската област Прахова и Регионалната стопанска комора на општина Охрид. Веќе имаме остварено конкретни бизнис-врски со компании

од Романија, во областа на искористувањето на ветерот и сончевата енергија како извори на енергија што не ја загадуваат животната средина. Верувам дека и италијанските фирми ќе најдат свој интерес и во соработката со македонски фирми, за што впрочем сум и тука, истакна Џовани Балдантони, главен менаџер на италијанско-романската фирма за констaлтинг, „Конфеуропа импресе“.

**27.5.2010 година**

**Македонско-романски бизнис-форум со учество на претседателите на државите, д-р Ѓорге Иванов и Трајан Басеску - ЕКОНОМСКАТА РАМЕНА НЕЗАДОВОЛИТЕЛНА, „МОТОРОТ“ Е ВО ДИРЕКТНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ**

Во рамките на официјалната посета на земјава со голема група бизнисмени, претседателот на Романија, Трајан Басеску, заедно со својот домаќин, д-р Ѓорге Иванов, присуствуваа на Македонско – романскиот бизнис – форум во Стопанската комора на Македонија. Претседавачот на Собранието на Стопанската комора на Македонија, Антони Пешев, анализирајќи ја билатералната трговска размена, соопшти дека, во првите три месеци од оваа година со трите месеци од минатата, статистиката бележи скоро стопостотен подем на размената, но и понатаму Република Македонија бележи загрижувачки трговски дефицит во однос на Романија. Според Антони Пешев, посебно внимание треба да се посвети Романија да биде наш партнер и силен поддржувач во придружувањето на земјава кон членство во ЕУ. Потребно е воспоставување и на директни транспортни врски меѓу двете земји, како и либерализација на постојниот билатерален транспорт. Воспоставена беше и институционална врска со потпишување на Спогоби за соработка меѓу регионалните комори на Прахово и Охрид, Телеорман и Битола, Илфов и Прилеп, Иаломита и Штип и Асоцијацијата на италијанските компании во Романија и Регионалната комора Скопје. - Не треба само да тргуваме меѓу себе, туку треба да ги искористиме потенцијалите – да создадеме заеднички компании што во основа би ја подобриле вкупната размена меѓу двете земји. Мора да му дадеме шанса на стопанството, – истакна при потпишувањето на спогодбите за соработка меѓу одредени региони на двете земји, Горан Рафајловски, претседател на Регионалната комора со седиште во Скопје.




**1-2.6.2010 година**

**Македонско-италијански бизнис-форум со компании од Трст - МАЛИТЕ И СРЕДНИ БИЗНИСИ ЈА ТРАСИРААТ СОРАБОТКАТА**

Италијански компании од регионот на Трст и македонски компании имаа бројни билатерални средби и договори за соработка со домаќините при нивниот дводневен престој во Стопанската комора на Македонија. Десеттината италијански претприемачи, кои претставуваа уште по неколку мали и средни компании од овој регион, пристистигнаа во земјава во организзција од ARIES – специјалната агенција на Стопанската комора од Трст, а со подршка и на ИЧЕ – Институтот за надворешна трговија на Република Италија.-Овој бизнис форум е продолжение на долгогодишната соработка меѓу италијанската и македонската бизнис заедница, која се реализирала не само на реагионално, туку и на национално ниво. Интересот за продлабочување на соработката е евидентен од присуството на италијанските компании на средбава. – истакна Роберт Рицо, прв секретар на Амбасадата на Република Италија во Република Македонија. Ги покануваме италијанските фирми да дојдат и на лице место да ја видат реалната слика за Р. Македонија, зошто може да наидат на многу неочекувани резултати.

**4.6.2010 година**

**Трговската комора од Ескишехир, Р. Турција, во Стопанската комора на Македонија – ОТВОРАЊЕ НА ВРАТИТЕ ЗА ТУРСКИТЕ ИНВЕСТИТОРИ**

Република Македонија ја сметаме како "врата кон Европа" и оттаму, цел на нашата посета беше да ги подобриме контактите и да ги привлечеме можните капитални инвеститори да дојдат овде. Ова го порача Харун Караџан, претседател на Трговската комора од Ескишехир, Република Турција. Тој, заедно со Метин Гулер, претседател на коморското Собрание, инаку по потекло од Македонија и петмина видни бизнисмени и членови на раководството на тамошната деловна асоцијација, во рамките на дводневниот престој во државава, ја посети и Стопанската комора на Македонија.

**10.6.2010 година**

**Македонските компании со попуст од 10 отсто ќе ги користат услугите на пристаништето Бар - ПОЕВТИНО ДО МЕЃУНАРОДНИТЕ ПОМОРСКИ ВОДИ И ПАЗАРИ**

Македонските компании ќе добијат попуст од 10 отсто за сите видови товар доколку ги користат услугите на Контејнерскиот терминал на пристаништето во Бар. Ова го најави извршниот директор на Контејнерски терминал, Андрија Радушиновиќ, на презентацијата на услугите на компанијата пред членките на Групацијата на меѓународни шпедитери и логистички оператори (MIFA) при Стопанската комора на Македонија. Исто така, во прилог на искористување на услугите на пристаништето во Бар се воведувањето товарниот воз од Бар до Скопје и реконструкцијата на патната и железничката инфраструктура. - Сакаме да презентираме еден нов развоен концепт на логистика кој ќе го приближи македонскиот пазар до меѓународните поморски води. Ова е можност каде ќе дадеме шанса да се интегрираат луѓето кои работат на логистика и оние кои се занимаваат со бизнис, истакна Радушиновиќ. На презентацијата присуствуваше и амбасадорот на Црна Гора во Република Македонија, Душан Мрдовиќ, кој преку своето поздравно обраќање до присутните ја искажа тенденцијата на продолжување на добрата соработка на македонските и црногорските компании- Во таа функција е и одржувањето на презентацијата, која создава простор за нивно натамошно продлабочување, особено на увозно-извозните компании кои се ориентирани кон увоз, извоз и превоз на своите производи по морски пат, - истакна амбасадорот Мрдовиќ.

**16.6.2010 година**

**Македонско-босанско-херцеговски бизнис-форум**
**ЗАЕДНИЧКИ ПРОИЗВОДИ ЗА ТРЕТИ ПАЗАРИ**



Во рамки на официјалната посета на министерот за надворешна трговија и економски односи на Босна и Херцеговина, Младен Зиројевиќ, во хотелот "Континентал" во Скопје се одржа Македонско-босанско-херцеговски бизнис-форум (16.6.2010). Триесеттина стопанственици од БиХ, предводени од претседателот на Надворешно-трговската комора на Босна и Херцеговина имаа можност да остварат бројни деловни контакти со своите потенцијални партнери од Македонија. Според Претседателот на Надворешно-трговската комора на БиХ, Махир Хаџиахметовиќ, Македонија и БиХ како членки на ЦЕФТА, треба да работат на отстранување на нетарифните и царинските бариери, кои претставуваат пречка во меѓусебната соработка. Влезот во Европа е можен само во услови на креирање квалитетни и конкурентни производи. Оценка на Стопанската комората на Македонија е дека треба да ги искористиме компаративните предности на коморските партнерства и заеднички да се промовираме на трети пазари. На бизнис форумот, средби оствarija компании од прехранбената, дрвната, металопреработувачката индустрија, производство на кожа, амбалажа, производи од челик.

**22.6.2010 година**

**Македонско-чешки бизнис-форум со учество на претседателите на двете држави, Вацлав Клаус и д-р Ѓорге Иванов - БИЗНИС ПЛАНОВИ ЗА РАЗВОЈ НА ЕКОНОМСКИТЕ ОДНОСИ И НАМАЛУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКИОТ ТРГОВСКИ ДЕФИЦИТ**

Бизнис-заедниците треба да ги искористат вкупните исклучително поволни односи што постојат меѓу двете држави. Со мојот гостин, господинот Вацлав Клаус, при нашите дводневни разговори констатиравме дека нашето внимание во иднина требе особено да го концентрираме на зајакнување на економската соработка. Најдобар начин за тоа е преку директни контакти и поврзување на стопанствата. Затоа во наредниот период потребно е интензивирање на соработката, како меѓувладината, така и на стопанските комори и компаниите, се’ во правец на развој на економските односи. Ова го истакна д-р Ѓорги Иванов во своето обраќање на деловните луѓе од двете земји на Македонско-чешкиот бизнис- форум, на кој присуствуваше заедно со својот колега, Вацлав Клаус. Ја имате вкупната наша подршка во евроинтеграциските процеси на Република Македонија. Нашата задача е да правиме политики, а Вие да се сконцентирате на бизнисите. Истовремено искрено се надеваме дека нема да ги повторите грешките што ги направи Чешката Република во изминатите две децении и дека ќе извлечете поука од нив. – порача чешкиот претседател Вацлав Клаус. Коморите треба да ги промовираат можностите на двете земји во областа на туризмот, инвестициите, да развиваат соработка во градежништвото и транспортот. Нема успешна приказна без добро избалансирана размена. Подобрувањето на оваа состојба е она за што разговараат присутните бизнисмени, - истакна Антони Пешев, претседавач на Собранието на Стопанската комора на Македонија. - Треба да ги искористиме искуствата на Чешката Република и во имплементацијата на ЦЕФТА, евроатлантските интеграции, а особено во привлекувањето странските инвестиции. Во функција на унапредување на меѓусебната економска соработка, во присуство на претседателите на двете држави, Антони Пешев и Јозеф Цилек потпишаа и Спогодбата за основање Македонско-чешки, односно Чешко-македонски деловен совет.

**26.6.2010 година**

**Македонско-германска стопанска и коморска соработка**
**- ИНВЕСТИТОРИТЕ САКААТ СТАБИЛНИ И ПЕРСПЕКТИВНИ ПАЗАРИ**

Меѓу двете земји постои голема соработка во текстилната индустрија, но присутно е мислењето дека добри бизнис-релации може да се воспостават и во други индустриски сектори. Но, со оглед дека, во принцип, колку е помал пазарот, толку е потешко да се работи на него, вкупната стабилност на земјата е најважна за привлекување странски инвеститори, порача Тобиас Бауман, директор за регионална соработка во ДИХК.- Сојузна Република Германија е еден од најголемите трговски партнери на Република Македонија и прв трговски партнер – земја-членка на ЕУ. Анализата на досегашната соработка меѓу двете земји покажува дека германските инвестиции во земјава се сведуваа или на целосно купување на компаниите или пак на самостојно инвестирање, што се должи на недостатокот на меѓусебното познавање на двете култури и воопшто на стопанствата. Според Горан Рафајловски, претседателот на Регионалната комора со седиште во Скопје, на овој план би имало промени доколку и македонските партнери би добиле учество од германската компанија, што би резултирало со зголемување на капацитетите на македонското стопанство, учење на стандардите кои евидентно недостасуваат, и конечно, за германските партнери би значело стабилен и сигурен влез на македонскиот пазар.



**2.7.2010 година**

**Бизнис-делегација од Туркменистан во посета на Прилеп - ОГРОМНА ЗАИНТЕРЕСИРАНОСТ ЗА БЕЛИОТ МЕРМЕР**

Во организација на Регионалната комора со седиште во Прилеп и локалната самоуправа на Општината во Прилеп престојуваше вицепремиерот на Туркменистан, Девијагелди Оразов, придружуван од министерот за градежништво Јумагелди Бајрамов, министерот за градежни материјали Јазмурат Хомадов,, шефот на Кабинетот на Претседателот на Туркменистан, Бајрајаз Гурбанијазов и директорот на Корпорацијата “Turkmen Marble“, Барис Мередов. Делегацијата имаше средба и разговори со градоначалникот на општина Прилеп, Марјан Ристески, во присуство на раководството од Регионалната комора. Притоа, на гостите им беше претставен градот Прилеп, со сите расположливи потенцијали и ресурси за економска соработка со Туркменистан. Гостите изразија особен интерес за прилепскиот бел мермер од типот “сивец“, гранитите, ониксот и травертинот.

**7.7.2010 година**

**Можностите и услугите на Солунското пристаниште пред македонските компании - ПОНИСКИ ЦЕНИ И КВАЛИТЕТНА УСЛУГА**

Новиот менаџерскиот тим на Солунското пристаниште ги презентираше неговите можности, услугите и новините во неговото функционирање пред преку стотина претставници на македонските компании во скопскиот хотел „Александар Палас“. Почнавме со едно храбро намалување намалување на цените до 20 отсто за товари врз основа на договор поединечно со секој клиент бидејќи сакаме на сите да им кажеме дека Солун е тука и сакаме сите наши клиенти, стари и нови, да сфатат дека им пружаме поефтини услуги и едно современо пристаниште - истакна Стилијанос Агелудис, генерален директор на Солунското пристаниште. Според податоците на транспортерите и шпедитерските компании, повеќе од 90% од македонските стоки кои се извезуваат или увезуваат преку бродски транспорт одат преку пристаништето во Солун. Со бродски транспорт најмногу патува македонскиот челик, фероникел и контејнери со разна стока. Тоа е аргумент кој зборува дека сме упатени едни на други и дека, со ангажман од двете страни, треба да создадеме услови за оптимални бенефити и профити. – истакна Антони Пешев, претседавач на Собранието на Стопанската комора на Македонија. Треба да се преиспита и можноста за повторно користење на слободната зона во рамките на пристаништето, или сличен модус со што ќе се олесни логистиката. – нагласи Антони Пешев.

**12.7.2010 година**

**Претседателот на Република Хрватска, д-р Иво Јосиповиќ, на Македонско-хрватскиот деловен клуб - ВРЕМЕ ЗА ЗАЕДНИЧКИ НАСТАП НА ТРЕТИ ПАЗАРИ**

Доаѓа време за Република Хрватска и Република Македонија заеднички да настапуваат на трети пазари. За тоа треба да се води сметка и треба сите знаења што ги имаме во двете земји да се обединат на проекти кои може да бидат конкурентни и надвор од нашите држави. Ова беше главната порака што им ја упати претседателот на Република Хрватска, д-р Иво Јосиповиќ, на бизнисмените–членки на Стопанската комора Македонија и на Македонско-хрватскиот деловен клуб. Средбата се одржа во рамките на еднодневната официјална посета на хрватскиот претседател на Република Македонија. Пред бизнисмените од двете земји се обрати и Антони Пешев, претседавач на Собранието на Стопанската комора на Македонија, кој констатираше дека во тешки времиња за двете стопанства, погодени од финансиската криза, ваквите средби се од големо значење, бидејќи овозможуваат унапредување на директната комуникација, отвореност, соработка, можност за изнесување на сите аргументи кои би биле во насока на ублажување на последиците од кризата и нивно надминување. -.Според него, македонско-хрватските стопански односи, освен билатералната, имаат регионална и европска



димензија. Во рамките на ЦЕФТА, Хрватска е втор партнер и прв по инвестициите влезени во Македонија. Во иднина позасилено треба да работиме на создавање на регионални производи: во реалното производство, услугите, финансиите, инфраструктурата и промоцијата. - За оваа фаза на регионална економска консолидација, иницијативата на бизнис-заедницата е круцијална, но неопходно е тоа да биде и во листата на политичките приоритети - без таа логистика тешко дека ќе се стигне до целта. А целта е преку регионалната соработка да се олесни и да се забрза процесот на евроинтеграциите, - рече Антони Пешев.

**15.7.2010 година**

**Француско-македонски деловен клуб**
**- ЈИТКА ПАНТУЧКОВА НОВ ПРЕТСЕДАТЕЛ**



Јитка Пантучкова, претседател на Управниот одбор на Охридска Банка -Сосиете женерал груп е новиот претседател на Македонско-францускиот деловен клуб. Смената на челната позиција беше извршена на 14 јули, националниот празник на Република Франција. Многу ме радува новата функција. Посебно е интересно што сум по потекло од Чешка, работам во Македонија во француска компанија која е присутна во многу земји и има интернационален дух. Се надевам искрено дека заедно со членките преку овој клуб ќе придонесеме кон понатамошното развивање на стопанските односи меѓу Македонија и Франција - истакна Јитка Пантучкова. Француско-македонскиот деловен клуб е основан на иницијатива на македонските и француски стопанственици во Македонија во мај 2009 година. Истиот функционира во рамките на Стопанската комора на Македонија.

**27.8.2010 година**

**Новоименуваните амбасадори на Република Македонија во Република Австрија и Кралството Шведска во посета на Стопанската комората на Македонија - РАЗГОВОРИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКАТА СОРАБОТКА**

Ѓорѓи Филипов, новоименуваниот амбасадор на Република Македонија во Република Австрија, воедно одговорен за Словачка и Јапонија, како и Кире Илоски, новоименуваниот амбасадор на Република Македонија во Кралството Шведска, воедно одговорен за Норвешка и Финска, пред заминување на новите должности ја посетија Стопанската комора на Македонија. Од страна на Комората беа запознати со нејзините согледувања за билателарната стопанска соработка, како и со институционалната соработка што бизнис-асоцијацијата ја има со овие земји. Општа констатација е дека е потребна поголема секторска промоција, но на начин странските компании да се запознаат со овдешните - на самото место.

**13.9.2010 година**

**Делегација на градот Нанчинг, НР Кина, во посета на Стопанската комора на Македонија - ВО ПОТРАГА ПО ПАРТНЕРИ ЗА РАЗВОЈ НА ВИСОКИ ТЕХНОЛОГИИ**

Нанчинг, петмилионски град во југоисточна Кина, е заинтересиран за воспоставување стопанска соработка со Македонија, – ваква заинтересираност изрази повеќечлената делегација од оваа далекуисточна земја, при посетата на Стопанската комора на Македонија. Делегацијата е гостин на градот Скопје со којшто Нанчинг е збратимен. Нанчинг има развиена индустрија на автомобилски делови, фармацевтска индустрија, производство на медицински потрошни материјали и опрема, опрема за соларна енергија, ИТЦ-софтверска индустрија и развиена истражувачка работа во земјоделието. Гостите упатија повик до Стопанската комора на Македонија да воспостави соработка со градската Комора на Нанчинг и да се разменат контакти на компании кои би биле заинтересирани за соработка.

**16.9.2010 година**

**Средба на Надан Видошевиќ, претседател на Стопанската комора на Хрватска, со македонските бизнисмени - РАЗВОЈОТ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА И ЗАЕДНИЧКИОТ НАСТАП - ШАНСА ЗА РЕГИОНОТ**

Вложувањето во развојот на инфраструктурата и заеднички настап е реалната шанса на регионот во релациите со мултиполарниот свет којшто моментално егзистира. Потребно ни е хоризонтално и вертикално поврзување, – порача Надан Видошевиќ, претседател на Стопанската комора на Хрватска и претседател на УО на “КРАШ - прехранбена индустрија„ од Загреб во обраќањето пред стотина директори на најголемита македонски компании.. Затворени во себе нема никаде да стигнеме! Мораме да настапуваме регионално, ако сакаме да се извлечеме од економската состојба во која се наоѓаат земјите од регионот. Македонија е вратата на Балканот, а Хрватска поседува 7 отсто од крајбрежјето на медитеранот. Тие факти треба да се искористат, – подвлече Надан Видошевиќ. Со започнување на процесот на долиберализација на земјоделските концесии во рамките на ЦЕФТА, (особено вино), кои постојано се најавуваат од двете страни ама не се започнуваат, сигурно би ги намалиле последиците од кризата врз билатералната трговска размена, – истакна во изјавата за претставниците на печатот Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија. Со оглед дека Хрватска е понапред со нејзините евроинтеграции, нејзината помош за земјава би можела да биде значајна. Вкупната надворешно-трговска размена на Република Македонија со Република Хрватска во 2009 година, достигна вредност од 271,1 милиони САД долари, при што е остварен извоз во вредност од 153 милиони САД долари, додека увозното салдо изнесува 118,3 милиони САД долари.

**16.9.2010 година**

**Сашо Стевков, новоименуваниот амбасадор на Република Македонија во Грција се сретна со компании-членки на Комората - ОТСТРАНУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ ПРЕЧКИ И ИНТЕНЗИВИРАЊЕ НА БИЗНИС-КОНТАКТИТЕ**

Компаниите кои соработуваат со Грција ја искористија прилика во непосреден разговор да го информираат новоименуваниот амабасадор на Република Македонија во Атина, Сашо Стевков за проблемите и начините за унапредување на соработката со Грција. Компаниите ги истакнаа проблемите во врска со квалитет на функционирање на железница по коридорот 10, запуштеноста на железничко поврзување на Битола со Лерин, царинските процедури од грчката страна кои се непредвидливи и создаваат несигурност во работењето, како и практична невозможност да се отвори компанија во Грција од страна на македонските компании и тешко добивање привремен престој во оваа држава. Немање на билатерални договори за одбегнување двојно оданочување и заштитата на инвестициите дополнително ја обременува трговската соработка и размената, но влијае и на привлекувањe на инвестициите.

Компаниите истакнаа дека има интерес за организиран настап на саемите во Грција, како и организрање бизнис форуми, а македонската амбасада би можела да помогне со свои институционални контакти како би се создала атмосфера во Грција за нивната реализација.

**29.9.2010 година**

**Стартуваше Партнерскиот проект ЦЕФТА - ДИХК – ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТОТ НА КОМОРИТЕ ВО ПРОЦЕНКАТА НА РЕГУЛАТОРНОТО ВЛИЈАНИЕ**

Регионот на ЦЕФТА-земјите е од стратешки интерес на германската економија што германската Влада го демонстрира со директна поддршка на процесите на консолидација и апроксимација на регионот во единствена слободна зона на трговија. Во рамките на техничката помош од Отворениот регионален фонд за Југоисточна Европа, при Федералното министерство за економска соработка и развој на Германија се финансира партнерски коморски проект, чии партнери се коморите од ЦЕФТА-земјите и ДИХК. Како што се истакнува во ДИХК, германските компании се заинтересирани за Регионот, но нивното поголемо присуство ќе се зголемува пропорционално на динамиката на усогласување на пазарните услови во Регионот до ниво на единствен пазар. Самиот проект има за цел да го унапреди капацитетот на малите и средните компании да ги користат придобивките од ЦЕФТА-договорот, да се унапредат експертските капацитети на коморите за квалитетен дијалог со владите и поддршка на промоцијата на стопанството од регионот на германскиот пазар. Проектот кој стартуваше од септември годинава, ќе трае 3 години, во вредност од 1,5 милион евра. Стопанската комора на Македонија, како

партнер во Проектот, беше домаќин на првата проектна активност во Македонија, а тоа е работилница за Ефективно учество во регулаторниот процес во ЦЕФТА-регионот или проценка на регулаторното

**3.10.2010 година**

**Бизнисмени од Ушак, Република Турција, во Штип - ПОЧЕТОК НА ДОЛГОРОЧНА СТОПАНСКА СОРАБОТКА**

Штип и Ушак почнуваат интензивна стопанска соработка. Бизнисмени од овој турски град престојуваа во „македонскиот Манчестер“ на Македонско-турскиот бизнис-форум што се одржа во присуство на двата градоначалника и валијата на регионот на Ушак, беше потпишана Спогодба за соработка меѓу регионалните комори. Документот го потпишаа Петре Јордев и Исмаил Карадан, претседатели на регионалните стопански асоцијации од Штип и Ушак. Се надеваме дека е ова старт на една сестрана и долгорочна економска соработка. Можности и капацитети има не само во областа на текстилната индустрија, туку и во преработката на дрво, металопреработувачката индустрија, градежништвото и земјоделството, - истакна д-р Зоран Алексов, градоначалника на општината Штип.



- Многу е битно што деловните луѓе од Ушак се и големи инвеститори низ многу страни на светот. Тие се и во оваа бизнис-делегација и се надеваме дека ќе има резултат од нивното присуство во Република Македонија, – порача Али Ердоган, градоначалник на општината Ушак. Според првиот човек на тамошната комора, Регионот Ушак во целокупното производство на Турција учествува со 95% во производство на ќебиња, 97% на хируршка газа, 65% на волнени предива, 60% на кожа за производство на облека и 115% на производството на керамика. Во неговата околина се сконцентрирани 50 милиони метри квадратни плантажи за памук, а на завидно ниво е и производството на млеко. - Заедничката стопанска соработка треба да ја започнеме во правец на намалување на големиот трговски дефицит што го има земјава со Република Турција, но и да се потрудиме да создадеме заеднички производи со кои ќе настапиме на пазарот на Европската унија, користејќи ја дијагоналната кумулација на потеклото на стоките, – посебно подвлече Петре Јордев, претседател на Регионалната комора со седиште во Штип.

**4.10.2010 година**

**Македонско-турски бизнис-форум со компании од Ушак**
**- СО ЗАЕДНИЧКИ ПРОИЗВОДИ ПОЕВТИНО НА ТРЕТИ ПАЗАРИ**

Навиките ни се многу слични зашто имаме долги корени на заедничко живеење, култура и соработка што е основа да се направи добар заеднички бизнис. Заедничкото инвестирање и партнерство многу побрзо ќе ги отвори пазарите на двете земји, но ќе значи прозорец за настап и во трети земји, - им порача Горан Рафајловски, претседател на Регионалната комора со седиште во Скопје, на учесниците на Македонско-турскиот бизнис-форум со компании од Ушак. Делегација од 59 турски бизнисмени, членови на Трговско-индустриската комора на Ушак учествуваат на Македонско-турскиот бизнис-форум што се одржа во Стопанската комора на Македонија со цел воспоставување деловни контакти со компании од Скопје и Штип од областа на текстилната, кожарската, керамичката и прехранбената индустрија.



-Целта на посетата е да се подобрат односите меѓу нашите две земји кои имаат длабоки историски корени. Договорите кои ќе се постигнат ќе го подобрат процесот на приближување на Македонија и на Турција кон Европската унија и ќе значат мост кон Европа за Турција и продор кон Средниот и Далечниот Исток за Македонија, рече претседателот на Трговско-индустриската

комора на Ушак Исмаил Караман во своето обраќање на Форумот. -Македонија е можеби мал пазар, но таа бидејки е во центарот на Балканот може да го отвори овој регионален пазар со 70 милиони жители за турските бизнисмени, но и да биде врата за влез на заеднички стоки на Европскиот пазар-порача Хади Незир, министер без ресор во Владата на Република Македонија.

**5.10.2010 година**

**Средба на делегацијата од Вировитичко-подравската жупанија со бизнис-заедницата во Велес - РАЗВОЈНИТЕ ПЛАНОВИ НА ОПШТИНАТА ПРЕД ХРВАТСКИТЕ БИЗНИСМЕНИ**

Локалната самоуправа на општина Велес, заедно со претставници на бизнис-секторот беше домаќин на делегација на Вировитичко-подравската жупанија од Република Хрватска. На средбата со градоначалникот Горан Петров и претседателот на Регионалната комора со седиште во Велес, Трајче Трајков, гостите, придружувани од амбасадорот на Р. Хрватска во Р. Македонија, Иван Кујунџиќ, имаа можност да се информираат за потенцијалите, компаративните предности и развојните стратегии на општината Велес. Според жупанот Томислав Толушиќ, Македонија има големи шанси за пласман на црвено и црно вино на хрватскиот пазар.

**19-22.10.2010 година**

**Франкофонијата во Стопанската комора на Македонија - ШАНСА ЗА РАЗВОЈ НА ТРГОВСКИТЕ ОДНОСИ СО ЗЕМЈИТЕ ОД ТРЕТИОТ СВЕТ**

Стопанската комора на Македонија, од 19 до 22 октомври 2010 година беше домаќин на франкофонската обука за Управување со проектни циклуси и на учесниците - претставници на коморите од Камерун, Конго, Демократска Република Конго, Буркина Фасо, Брегот на Слоновата Коска, Мали, Нигерија, Сенегал, Того, Комори, Мадагаскар, Џибути, Мароко, Хаити, Тунис, како и представници на Мароко од Агенцијата за поддршка на МСП и на Маврициус од Агенцијата за поддршка на извозот. На почетокот на обуката гостите ги поздрави Методиј Хаџи Васков, заменик министер за економија во Владата на Република Македонија и Петар Митев- претставник од Министерството за надворешни работи. Меѓународната организација на франкофонските земји, чиј член е и Република Македонија, го започна проектот АМАД (2007) во повеќе земји со цел преку фокални точки да го олесни пристапот на компаниите до овие можности. Стопанската комора на Македонија беше одредена за фокална точка во нашата земја и е задолжена за промоција и реализација на целите на АМАД. Во рамките на овој проект се создаде мрежа во која се наоѓаат пазарите на земјите од МАГРЕБ, франкофонските африкански земји и Карибите. Оваа мрежа, како и самиот проект, има потенцијал да им помага на фирмите да се поврзуваат во меѓународни конзорциуми со цел да настапат на одреден тендер преку јакнење на институционалниот капацитет. Фокалната точка АМАД при Стопанската комора на Македонија има можност да добива дневни тендерски вести за најавени, објавени и доделени тендери, односно идентификација на фирмите кои ги добиваат тендерите. Во оваа насока планирани се соодветни обуки за потребите на компаниите. Република Македонија стана придружна членка на Организацијата на франкофонските земји во 1998 година, а членка во 2006 година. Стопанската комора на Македонија веднаш го препозна моментот на потребата и можностите и застана зад формирањето на Клубот за франкофонија (2009), со основна цел - поттикнување на развојот на стопанската соработка со Република Франција и други 56 земји-членки на Франкофонијата, плус 14 земји набљудувачи.

**20.10.2010 година**

**Средба на Бранко Азески со делегација од Франкофонијата која е на обука во Стопанската комора на Македонија - КОНТАКТИ КОИ ИЗВЕСНО ЌЕ ДОНЕСАТ ЕКОНОМСКА СОРАБОТКА**

Стопанската комора на Македонија особено ја цени храбрата одлука на Секретаријатот на Франкофонијата работилницата за управување со проекти да ја организира во Македонија и со тоа да се овозможат контакти на нашите фирми со вашите институции. Иако Република Македонија над 60% од својата надворешна трговија ја реализира со ЕУ, нашата бизнис-заедница е сосема свесна дека треба да вложи енергија во пазарното позиционирање во земјите коишто растат со брзо темпо, а со кои македонската економија воопшто нема релации или тие се маргинални. Ова посебно го нагласи Бранко Азески на средбата со претставници на коморите и

агенциите од Камерун, Конго, Демократска Република Конго, Буркина Фасо, Брегот на Слоновата Коска, Мали, Нигерија, Сенегал, Того, Комори, Мадагаскар, Џибути, Мароко, Хаити, Тунис, Мароко и Маврициус, кои што престојуваат неделава на обука во Комората. Најстарата и најбројната бизнис-асоцијација во земјава е Фокална точка на франкофонскиот проект за пристап кон меѓународни тендери во франкофонските земји - АМАД во Република Македонија, поради што е и домаќин на оваа делегација.

**25.10.2010 година**

**Македонско-италијански бизнис-форум со компании од дрвната индустрија - ИНТЕНЗИВИРАЊЕ НА СОРАБОТКАТА СО ВРВНИТЕ ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА МЕБЕЛ**



Република Италија е лулка за производство на мебел во Европа. Соработката меѓу компаниите од двете земји е на завидно ниво и за очекување е дека директните билатерални средби уште повеќе ќе придонесат за зголемување на контактите, - оцени Данчо Велковски, од Здружението на индустријата за преработка на дрво и производство на мебел на Македонско-италијанскиот бизнис-форум, што се одржа во Стопанската комора на Македонија.

-Се надеваме дека италијанските фирми кои се денеска присутни тука ќе најдат партнери за производство на нивните производи во Македонија. Сакаме на лице место да ги видиме овдешните капацитети и затоа сме присутни на оваа средба. Многу е битно инвеститорите да ги запознаат локалните услови за да се одлучат за инвестирање, - посебно нагласи Матео Тонон од Федерацијата на дрвна индустрија и производство на мебел од Република Италија пред македонските компании присутни на средбата. Во Италија на површина од 3.000 метри квадратни, два пати годишно се одржуваат две големи саемски манифестации за компаниите од дрвната индустрија, на која ќе бидат поканети да учествуваат и македонските компании кои ќе се презентираат со своите производи. За време на билатералните средби, можност за остварување директни контакти имаа 11 италијански и 35 македонски компании.

**26.10.2010 година**

**Македонско-унгарски бизнис-форум - ИНВЕСТИТОРИ ГО ИСТРАЖУВААТ РЕГИОНОТ - ИЗГЛЕДНИ МОЖНОСТИ ЗА ЗАЕДНИЧКИ БИЗНИС**

Асоцијацијата на унгарските инвеститори, во организација на Трговското претставништво на Унгарија, ја испитува инвестиционата клима во Косово, Македонија, Црна Гора и во Албанија. По посетата на Косово, десет унгарски компании беа гости на Стопанската комора на Македонија на Македонско-унгарскиот бизнис-форум, при што се запознаа со можностите што ги нуди државата за инвестирање и за водење бизнис, а воедно оствари бизнис-средби со македонски компании. - Веруваме дека и оваа средба ќе биде дополнителен импулс во интензивирањето на билатералната стопанска соработка, којашто, за жал, поради економската криза минатата година беше на удар. Ќе ни требаат дополнителни напори да се вратиме на позициите од 2008 година кога имавме најголема надворешно-трговска размена со Унгарија, но и најголем трговски дефицит, - рече генералниот секретар на Стопанската комора на Македонија, м-р Јелисавета Георгиева на отворањето на Бизнис-форумот. Според заменик-министерот за економија Методиј Хаџи-Васков, постојат значителни можности за трговска соработка меѓу двете држави, а Унгарија е земја петти инвеститор во Македонија со 410,5 милиони евра инвестиции. Заменик-амбасадорот на Унгарија Атила Принтер се надева дека добрите политички односи ќе претставуваат основа за натамошно интензивирање на стопанската размена меѓу двете држави.

**27.10.2010 година**

**Амбасадорот на Монголија, Н.Е. Ганкхујак Церендорџип, во посета на Стопанската комора на Македонија - ИНТЕРЕС ЗА СОРАБОТКА СО МАКЕДОНСКИТЕ ЕКСПЕРТИ И КОНСУЛТАНТИ ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА ЕУ-СТАНДАРДИТЕ**

Ганкхујак Церендорџип, новоименуваниот амбасадор на Монголија со седиште во Софија, задолжен и за Република Македонија, ја посети Стопанската комора на Македонија и го пренесе интересот на монголската Влада за воспоставување стопанска соработка со земјава. - Монголија не е многу интегрирана во глобалната економија, но сака да развива стопанска соработка со други земји. Во моментот, во земјата се реализираат 15 странски инвестициски проекти во рударството. Стратегија на Монголија е да го намали извозот на суровини во полза на полупроизводи и финални производи. Инвестициските проекти се насочени кон осовременување на рударството и отворање на преработувачки капацитети. Покрај рударството, аграрот и градежништвото се основа на монголската економија, - истакна амбасадорот Ганкхујак Церендорџип во разговорот со неговите домаќини. Монголија бара инвеститори, не само за грандиозни инвестициски проекти, туку и за мали производни објекти за широка потрошувачка, што покажува дека има простор за соработка и во секторот градежништво. Од Монголија, многу полесно може да се водат бизнисите со Кина, пред се` поради поедноставната регулатива, корпоративниот данок и ДДВ од 10% и поради слободната трговија. Тој упати покана до македонските стопанственици да се заинтересираат за Монголија и за нејзините можности.

**29.10.2010 година**

**Амбасадорот на Бразил, Вашингтон де Соуса, во посета на Стопанската комора на Македонија - КАКО ДА СЕ СМЕНИ ТРГОВИЈАТА ВО ЕДЕН ПРАВЕЦ?**

Во рамките на церемонијата за предавање на писмата за акредитација од страна на новоименуваниот амбасадор на Федеративна Република Бразил во Република Македонија, со седиште во Софија, Н.Е. Вашингтон де Соуса, ја посети Стопанската комора на Македонија за да се запознае со можностите за унапредување на стопанската соработка. Амбасадорот Вашингтон де Соуса информира дека Бразил е земја во која се слеваат многубројни странски инвестиции и дека земјата е со брзорастечка економија, чии компании засега не се заинтересирани за инвестирање вон Бразил. -Тој факт не треба да биде демотивирачки во однос на поголемо запознавање и промовирање и истражување кои македонски производи би можеле да се извезат во Бразил, - истакна Вашингтон де Соуса во разговорот со своите домаќини

**5.11.2010 година**

**Македонско-украински бизнис-форум во Киев - ДЕТЕКТИРАНИ ГОЛЕМИ ПОТЕНЦИЈАЛИ ЗА ИНТЕНЗИВИРАЊЕ НА ЕКОНОМСКАТА СОРАБОТКА**



Македонско-украинскиот бизнис-форум се одржа од 3 до 5 ноември 2010 година во Киев, Република Украина. Предводени од делегации на премиерско ниво, стопанствениците од двете земји се сретнаа со цел да ги согледаат можностите за деловна соработка и продлабочување на постоечката. Форумот го отвори претседателот на Владата на Република Македонија, м-р Никола Груевски, а од македонска страна присуствуваа и министерот за економија, д-р Фатмир Бесими, вице-премиерот за економски прашања Владимир Пешевски, министерот за култура Елизабета Канческа Милевска, амбасадорот на Република Македонија во Украина, Ацо Спасеновски, претставници од Агенцијата за странски инвестиции, како и бизнис-делегација од Стопанската комора на Македонија. Украинскиот министер за економија, Васиљ Цушко, пред стопанствениците од двете земји потенцираше дека Република Македонија е

најзначаен нивен партнер на Балканот и дека е таа прозорец кон Европа. Договорот за слободна трговија треба да се искористи максимално, во спротивно, Украина ќе изгуби сојузник и партнер на Балканот, но и во Европа. Посебно се потенцира приврштувањето на активностите со коишто наскоро ќе се воведе безвизен режим, со што уште повеќе ќе се создаде можност за деловна соработка. Со договорите меѓу двете земји за регулирање на економската соработка, на украинските бизнисмени им е овозможено Македонија да ја користат како база преку која ќе ги пласираат своите прозиводи на балканските и на пазарите во ЕУ.

**10.11.2010 година**

**Промотивен ден на Португалија во Стопанската комора на Македонија - ПОРТУГАЛСКИТЕ БИЗНИСМЕНИ НАВЕСТУВААТ ИНВЕСТИЦИИ НА БАЛКАНОТ**

Економските односи меѓу Република Македонија и Република Португалија се на доста незадоволително ниво. Ниското ниво на соработка, пред се`, се должи на малиот интерес на португалските компании да дојдат во Македонија и да бидат инвеститори. Тие се големи инвеститори во прекуокеанските земји, особено во Бразил, и не се многу присутни на европското тло. Можеме да соработуваме и да разменуваме со оваа земја и сметам дека оваа средба ќе придонесе бизнисмените од двете земји да направат нешто во тој правец. Изгледни се можностите за нашата текстилна индустрија и градежништвото за настап на овој пазар, но и во многу други области постојат услови за соработка. Ова го истакна Горан Рафајловски, претседател на Регионалната комора со седиште во Скопје на Промотивниот ден на Португалија што се одржа во Стопанската комора на Македонија. На презентирањето на оваа земја присуствуваа и нејзиниот амбасадор задолжен за Република Македонија, Н.Н. Луис де Алмеида Сампаио, како и претседателот на Стопанската комора на Португалија - Западен Балкан, Роландо Боргез Мартинз и претставници на португалски компании од најрепрезентативните кластери од оваа земја. Португалските бизнисмени, според Рафајловски, имаат добри можности за гринфилд инвестиции во земјава, посочувајќи ги неколкуте економски зони, посебно Бунарџик, што е во непосредна близина на скопскиот аеродром. За Португалија посебно се значајни секторите градежништво, урбанизам и архитектура и енергија од обновливи извори, каде што се бележат значајни резултати и во земјата и во светот. Градежните компании имаат многу успешни приказни во земјите од Африка и Јужна Америка, како и во ЕУ, а нивна цел сега е Западен Балкан. Претседателите на Регионалната комора со седиште во Скопје и на Стопанската комора на Португалија - Западен Балкан, Горан Рафајловски и Роландо Боргез Мартинз, во оваа прилика потпишаа Спогодба за соработка. Компаниите од двете земји имаа и бројни билатерални средби.

**12.11.2010 година**

**Во организација Стопанската комора на Македонија - ЕИИЦМ се одржаа деловни средби со компании од Република Србија - ДОГОВОР ЗА ПОВИСОКИ ОБЛИЦИ НА СОРАБОТКА**

Во организација на Стопанската комора на Македонија - Европскиот информативен и иновативен центар во Македонија, а со цел воспоставување директни контакти и запознавање со потенцијални партнери, мали и средни претпријатија од Србија и Македонија, се одржаа деловни средби во Стопанската комора на Македонија. Делегацијата од Србија, предводена од EEN - Enterprise Europe Network во Србија, беше составена од директори на мали и средни претпријатија од следните области: издаваштво, трговија, инженеринг, машинство и металопреработувачка дејност, ракотворби, ИТ-консалтинг и менаџмент, прехранбена индустрија, едукација за wellness и SPA-програми, дрвна индустрија, угостителство и графичка дејност. Бизнис-форумот беше добра можност за унапредување на економската соработка меѓу Република Македонија и Србија, како и за воспоставување повисоки облици на соработка и развивање на деловните односи меѓу 50-те компаниите од двете земји.



**17.11.2010 година**

**Бизнис-средба на македонски и австриски компании од областа на обновливи извори на енергија и заштита на животната средина - ДОБРОДОЈДЕНИ ИСКУСТВА И КОНТАКТИ ЗА ДОБЛИЖУВАЊЕ ДО ЕВРОПСКАТА ПРАКТИКА**

Обновливите извори на енергија и заштита на човекова околина е темата на македонско австриските деловни средби што се одржаа во организација на Трговското одделение на Амбасадата на Австрија во Република Македонија и Секторот за енергетика при Стопанската комора на Македонија. Трговското аташе во Амбасадата на Република Австрија, Анита Бавдаж, на почетокот на презентацијата и бизнис средбите најнапред го истакна значењето на настанот за продлабочување на соработката, и особено на директните средби меѓу стопанствениците, како можност за рзмена на искуства и продлабочување на бинис контактите. Австриската делегација беше во состав од 8 компании со особено значајно искуство од областа на обновливите извори на енергија и заштита на животната средина, кои се заинтересирани за соработка со балканските земји и посебно со Република Македонија.

Горан Рафајловски, претседател на Регионалната комора со седиште во Скопје во своето обраќање исто така ги истакна одличните односи помеѓу Република Македонија и Австрија, како на економски, така и на институционален план. Потребно е нивно натамошно динамизирање со лоцирање на конкретни пунктови на идна успешна соработка, а презентација на австриските компании и особено билатералните средби се уште една можност за продлабочување на соработката, во енергетскиот, како клучен сектор на стопанското и вкупното живеење во државата.

**1.12.2010 година**

**Македонско-романски бизнис-форум со компании од Букурешт - ЗАЕДНИЧКИ ВО ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ЕВРОПСКИТЕ ФОНДОВИ**

Регионалните комори на Скопје и на Букурешт потпишаа Меморандум за соработка за време на одржувањето на Македонско-романскиот бизнис-форум во Стопанската комора на Македонија. Потписот врз овој документ го ставија Горан Рафајловски, претседател на Регионаланата комора со седиште во Скопје и Михаи Андритои, потпретседател на Трговско-индустриската комора на Букурешт, со изразено очекување дека тој ќе помогне во натамошниот развој на економските односи на двете земји. Градежништвото и енергетиката се областите во кои компаниите од Македонија и Романија гледаат најголема можност за соработка. Нивното подобро запознавање и создавањето заеднички фирми се основа за унапредување на трговската размена и за реализирање на потенцијалните инвестиции, – заклучија претставниците на компаниите. - Не верувам во трговија ако немаме заеднички компании. Тие ќе ја мрднат целата економија на балканските простори. Секогаш најголемата размена се одвива кај нив. Притоа, не е битно дали некој влегува со 10, 20 или 50 отсто сопственост, - изјави претседателот на Регионалната комора Горан Рафајловски, пред почетокот на форумот. Според него, романските и нашите компании може да направат чудо во инвестициите ако ја интензивираат соработката. - Компаниите од двете земји треба да воспостават единствен сервер низ кој постојано ќе се движат информации. Таква полубаза веќе има, преку неа романските фирми се информираат за случувањата во Македонија и обратно. Кога тоа ќе го доближиме повеќе, ќе успееме да го направиме вистинското за нас - заеднички компании, - потенцира Горан Рафајловски.

**2.12.2010 година**

**Новоизбраниот копретседавач на Македонско-турскиот деловен совет, Хасан Хошбен, во Комората - ВО НАРЕДНИТЕ ДВЕ ГОДИНИ АКЦЕНТ ВРЗ ПРИВЛЕКУВАЊЕТО ТУРСКИ ИНВЕСТИТОРИ**

- Во наредните две години, колку ќе трае мојот нов мандата на ко претседавач на турскиот дел на Турско-македонскиот/Македонско-турскиот деловен совет, сакам целосно да се посветам на поддршка во реализацијата на конкретни деловни и инвестициони иницијативи на нашите членки, но и на другите компании. Оваа поддршка сакам да ја реализираме заеднички во соработка со Стопанската комора на Македонија, - нагласи Хасан Хошбен, новоизабраниот копретседател на Советот, на првата средба со Бранко Азески, копрестедавач на македонскиот дел на Советот. -Нашите бизнисмени треба да се охрабрат да дојдат во Македонија. Искуствата не се секогаш најдобри, пред се`, во однос на административните процедури при реализирањето

на деловната одлука во формирањето на реална компанија. Искуствата на веќе постоечките турски компании во Македонија зборуваат за низа проблеми: постојано менување на регулативата, тешко добивање работни дозволи, времен престој, бавни судски разврски итн. Тоа, несомнено, ги одвраќаат новите потенцијални инвеститори. Затоа сакам со Комората да реализираме посети на помали групи на бизнисмени, нив правилно да ги информираме и да бидеме нивна логистика се` додека не им профункционира компанијата, - додаде Хасан Хошбен. Бранко Азески целосно ги поддржа ставовите за индивидуализирање на поддршката на турските компании со цел да започнат бизниси во Македонија. - Советот во наредниот период треба да се фокусира на три работи: елиминација на сите админстративни и други нетарифни бариери меѓу двете земји, а особено на оние кои го попречуваат процес на отпочнување на функционирање на едно новоосновано претпријатије. Потребно е уште повеќе да ги афирмираме добрите практики, како што е поддршка на Турција во промовирањето на македонското стопанство на турскиот пазар.

**15.12.2010 година**

**Презентација на пристаништето Лом на реката Дунав во Република Бугарија - ИНТЕРЕСЕН АЛТЕРНАТИВЕН ТРАНСПОРТ ПО ВНАТРЕШНИ ВОДНИ ПАТИШТА**

Пристаниште Лом на реката Дунав во Република Бугарија, се нуди како алтернативен транспортен и транзитен центар за македонските компании, чии менаџмент одржа презентација за можностите, услугите и функционалните капацитети во Стопанската комора на Македонија. Со својата гео-стратегиска положба на реката Дунав во централна Бугарија, пристаништето Лом претставува пресечната точка на двата Пен-европски коридори 4 и 7, која ги поврзува Западна со Источна Европа преку Северното и Средоземното море, преку Црното море со земјите од Азија. Пристанишниот комплекс Лом претставува модерно мулти-функционално пристаниште за насипни, стандарни и специјални товари, кое е отворено за транзитен сообраќај на стоките од и кон Македонија. Бизнисмените очекуваат македонската и бугарската страна со заеднички напори во најскоро време да придонесат во довршувањето на Коридорот 8. Преку изградба на патната и железничка мрежа меѓу Р.Македонија и Р.Бугарија, македонските компании ќе добијат сериозна и исплатлива опција за извоз и увоз на стоки од и до Македонија по воден пат.

**16.12.2010 година**

**Клуб на фирми за соработка со Блискиот Исток и Магреб - ДРЖАВНА СТРАТЕГИЈА И ПОДДРШКА ЗА ВРАЌАЊЕ НА ПОЗНАТИТЕ ПАЗАРИ**

Преференцијална трговија, подобра билатерална правна рамка, поедноставни визни процедури, повеќе конзуларно-дипломатски претставништва, заеднички настап и мерки на поддршка на извоз во земјите на Блискиот Исток и на Евромедитеранската зона – МАГРЕБ - се клуч за враќање на македонските компании на овој пазар - ова е оценката на Клубот на фирми за соработка со земјите од Блискиот Исток и од Магреб, чии претставници денеска ги разгледаа трговската размена и стопанската соработка со овие земји. За унапредување на соработката со овие земји се предлагаат проширување на мрежата на договори за одбегнување на двојното оданочување и други договори од значење за унапредување на севкупна соработка, либерализација на трговијата, взаемно признавање на сертификатите за потекло, на јавните документи, исправи и визните процедури. Претставници на министерствата за надворешни работи, за економија и за финансии известија за активностите што ги преземаат во правец на отворање на земјата кон регионот.

# ПРОМОВИРАЊЕ
# ПРЕС-КОНФЕРЕНЦИИ ОДРЖАНИ ВО СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

**3.5.2010 година**
Економските движења во првите месеци од 2010 година и одразот на задоцнетиот поврат на ДДВ врз неликвидноста на стопанството

**10.5.2010 година**
Предлог–правилник за пазарни правила за електрична енергија. Македонската енергетска асоцијација (МЕА) за претстојната либерализација на пазарот на електрична енергија

**14.5.2010 година**
Групација на националните телевизии Сител, Телма, Канал 5 и Алсат-М - причини и цели за своето здружување

**17.5.2010 година**
ЦЕФТА – поддршка на интернационализацијата на бизнисот во регионот

**25.5.2010 година**
Зголемување на концесискиот надоместок на металите – потешкотии во работењето и планирањето на средствата во рудниците

**31.5.2010 година**
Состојбата во текстилната индустрија - предлози за излезни решенија

**7.6.2010 година**
Искористување на ЕУ-фондовите во рамките на македонските компании

**14.6.2010 година**
ИПА-ИПАРД-програма - ефектите од учество во претпристапната програма за македонските компании

**21.6.2010 година**
Состојбите во автобускиот сообраќај во Република Македонија

**6.9.2010 година**
Актуелни состојби во агросекторот, со посебен осврт врз состојбите во мелничко-пекарската индустрија и винарството

**13.9.2010 година**
Предлог-измени и дополнувања на Законот за работни односи

**20.9.2010 година**
Обврските кои произлегуваат од Законот за безбедност и здравје при работа за компаниите

**27.9.2010 година**
ИНКОТЕРМС 2010

**4.10.2010 година**
Актуелниот проблем со нерешениот статус на земјиштето на оранжериите и на самите оранжерии

**4.10.2010 година**
Изјави за билатералната трговска соработка и за размената меѓу Македонија и Косово на претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески и претседателот на Стопанската комора на Косово, Сафет Ѓерѓалиу

**12.10.2010 година**
Влијанието на иницијативата на ФЦТЦ (рамковна конвенција за контрола на тутунот) врз производството на тутун и тутунски производи - иницијатива за воведување забрана за користење адитиви кај производите од тутун

**18.10.2010 година**
Имплементација на Законот за управување со пакување и отпад од пакување и формирање правно лице кое ќе ги спроведува обврските од Законот

**21.10.2010 година**
Трговска размена меѓу Македонија и дел од земјите од Франкофонијата

**01.11.2010 година**
(пред зградата на Министерството за економија) Претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески, и министерот за економија, д-р Фатмир Бесими, дадоа изјави за медиумите во врска со Буџетот на Република Македонија за 2011 година

**8.11.2010 година**
Актуелни состојби во дејноста противпожарна заштита и безбедност при работа по примената на Правилникот за задолжителна ПП-опрема во возилата

**15.11.2010 година**
Заклучоци од ЦЕФТА - Конференцијата одржана во Белград – Нови мерки во рамките на ЦЕФТА размената

**22.11.2010 година**
Примената на дигиталните тахографи и мемориските картички во патниот сообраќај

**29.11.2010 година**
Енергетска ефикасност, можности и предизвици

**30.11.2010 година**
Националната канцеларија на EBC*L за Македонија, ги објави имињата на победниците на првиот Национален натпревар за бизнис-компетенции – Лига на шампиони 2010, одржан на 26 ноември 2010 година, во Стопанска комора на Македонија

**6.12.2010 година**
Партнерството меѓу Стопанската комора на Македонија и Царинската управа на РМ во функција на бизнисот

# УСЛУГИ ЗА ЧЛЕНКИТЕ

## ЕДУКАЦИЈА И ОБУКА

Согласно програмата за работа за 2010 година, Центарот за едукација и развој на човечки ресурси реализираше 25 настани (семинари, советувања и сл.), а на истите учествувале вкупно 846 учесници. Воглавно реализираните обуки беа од областа на маркетингот, менаџментот, правото, проектното работење, европски програми и сл. Еден дел од настаните се партнерски организирани со Агенцијата за поддршка на претприемништвото во Македонија- АППРМ и Меѓународна финансиска корпорација –IFC и МЗЗПР- Македонско здружение за заштита при работа. Заедно со ЦС Глобал го реализравме европскиот проект "Лига на шампиони 2010".

Центарот за едукација учествуваше во активностите на низа проекти и работни групи во рамките на Министерството за образование и наука, Центарот за стручно образование и Центарот за образование на возрасни, Советот за стручно образование и Советот за образование на возрасните. Како членови на Советот за образование на возрасните учествувавме во изготвувањето на стретегијата за образование на возрасни. Исто така, учествувавме во потпишувањето на Протоколот за социјално партнерство во областа на стручното образование и обука во Република Македонија и истовремено беше потпишан Меморандум за разбирање и соработка помеѓу Центарот за стручно образование и обука и Стопанска комора на Македонија.

Во изминатата 2010 година Центарот за едукација учествуваше во изготвувањето на стандардите на занимања, Концепција за посредно образование, Национална рамка на квалификации, Предлог на Закон за признавање на професионалните квалификации исл.

## ВАША БИЗНИС КАНЦЕЛАРИЈА

Во **Вашата бизнис канцеларија** се издаваат сертификати за потекло на производите (Оригин и Фом А), АТА-карнети, потврди за ексклузивитет, потврди за единствен производител, потврди за производител, потврди за слободна продажба, потврди за виша сила, препораки за добивање на визи, мислења за исполнување на економските услови, мислења за соодветноста, односно влијанието на намалувањето или укинувањето на увозните давачки, како и се врши заверка на фактури, договори и други документи.

Во периодот од 01.01.2010 до 31.12.2010 година во Вашата бизнис канцеларија се издадени:

- 1201 сертификати за потекло на производите (Форм А);
- 11797 сертификати за потекло на производите (Оригин);
- 336 АТА-карнети;
- 37 потврди за ексклузивитет;
- 1 потврда за единствен производител;
- 1 потврда за слободна продажба;
- 21 потврда за производител;
- 10 препораки за добивање на визи;
- 22 потврди за членство во Комората;
- 302 заверки на фактури, договори и други документи (со печат Видено во Комора);
- 15 мислења за исполнување на економските услови.

# ЦЕНТАР ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ ВО ПРОИЗВОДСТВОТО И УСЛУГИТЕ

Центарот за унапредување на квалитетот во производството и услугите, според своите утврдените работни и програмски задачи ги реализира следниве активности во 2010 година:

ISO 9001:2008
FS 549642

***а) консултантски услуги за воведување на Ситеми за управување со квалитет, согласно ИСО 9001:2008:***

- процесот на имплементација на Систем за управување со квалитет согласно ИСО 9001:2008, е отпочнат во 15 компании;

***б) консултантски услуги за воведување на Ситеми за управување со животната средина, согласно ИСО 14001:2004:***

- процесот на имплементација на Систем за управување со животна средина согласно ИСО 14001:2004, е отпочнат во 2 компании;

***в)сертификации и ресертификации на Системи за управување со квалитетот,*** во фирми кои го имаат имплементирано истиот систем, согласно договорот со БСИ (British Standards Institution) и Комората:

-извршена е сертификација на Систем за управување со квалитет согласно ИСО 9001:2008 во име на БСИ, во 5 компании;

***г ) сертификации и ресертификации на Системи за управување со безбедна храна,*** во фирми кои го имаат имплементирано истиот систем, согласно договорот со БСИ (British Standards Institution) и Комората:

-извршена е сертификација на Систем за управување со Безбедна храна согласно ИСО 22000:2005 во име на БСИ, во 2 компании;

***д) континуирани проверки на Системи за управување со квалитетот,*** во фирми кои го одржуваат Системот за управување со квалитет согласно ИСО 9001:2008:

-извршена е континуирана проверка на Систем за управување со квалитет согласно ИСО 9001:2008 во име на БСИ, во 60 компании;

***ѓ) консултантски услуги за воведување на Систем за анализа на ризици и критични контролни точки (ХАЦЦП):***

- процесот на имплементација на Системот за анализа на ризици и критични контролни точки (ХАЦЦП) е отпочнат во 11 компании;

***е) Учествувано во меѓународни проекти :***

- Training of trainers (Quality and food safety systems in the fruit and vegetable food chain in Macedonia- Knowledge transfer from Belgium to Macedonia, financing by Flanders-co-operation programme between Flanders and Central and Eastern Europe, partners: K.H.Kempen and Economic Chamber of Macedonia;
- организирана посета на 10 компании во Белгија во контекст на горенаведениот проект: „Тиквеш“, „Сковин“, „Горска“, „Витаминка“, „Жито Полог“, „ИМБ“ Млекара – Битола; Казино „Фламинго“, „Принцип Комерц“, Земјоделски факултет, „Брилијант“;
- National Capacity Building in the field of Quality Management Systems and Environmental Management Systems Implementation in Montenegro, Macedonia and Bosnia and Herzegovina- ”Training of consultants for ISO 14001-EMS”- co-operation programme between Slovakia and Eastern Europe, partner: Astraia, Slovakia (two years project 2010-2011);
- обука во септември од страна на претставници на Astraia, во Скопје („Сковин“ и „Брилијант“);
- посета во Словачка во декември (консултанти);

***ж) активно учество во работа на технички комитети при Институтот за стандардизација и акредитациа на РМ:***

- ТК 18 за оценка на сообразност при ИСРМ;
- ТК 9 за системи за квалитет при ИСРМ;
- ТК 13 за безбедност на храна при ИСРМ и
- ТК за сертификациони тела при ИАРМ;

***з) учество на семинари од областа на стандардите за менаџмент системи ИСО 9001 и ХАЦЦП;***

***ѕ) активно учество во имплементација и одржување на Системот за управување со квалитет во Стопанска комора на Македонија, согласно ИСО 9001:2008, со овластување за надлежност во соодветните релевантни активности.***

## ЕВРОПСКИ ИНФОРМАТИВЕН И ИНОВАТИВЕН ЦЕНТАР ВО МАКЕДОНИЈА (ЕИИЦМ)

Европската мрежа на бизнис-можности е составена од 600 партнерски организации, со околу 4000 вработени со долгогодишна експертиза во 44 земји, активни промотори на конкурентноста и иновациите на европско, национално и светско ниво.

Мрежа на бизнис можности

Главниот фокус на делување на ЕИИЦМ во текот на 2010 година беше насочен кон целосно исполнување на проектот на мрежата и на услугите што таа ги нуди за периодот од 2008-10 година. Во овој период редовно беше публикуван електронски весник каде се пренесуваа актуелности од мрежата и се промовираа предлози за партнерства и деловна соработка. ЕИИЦМ учествуваше во клучните настани за МСП во Македонија (Регионалната конференција на ЕЕН, која се одржа во Охрид и Global Enterpreneurship Week). Во текот на 2010 година беа организирани серија промотивни настани, семинари и работилници во Скопје и во другите градови во Републиката (Струмица, Богданци, Гевгелија, Битола, Штип и Куманово), во рамките на соработката со Царинската управа ма РМ, а во функција на интернационализацијата на работата ма МСП, како и услугите и можностите на ЕИИЦМ. Центарот подготви и издаде публикации на актуелни теми за Европската унија, па така беа изготвени изданието „Меѓународни трговски документи“ од Лазо Ангелевски, информативен лифлети за услугите на ЕИИЦМ, ЦД со Директориум за македонските МСП и сл.



Во овој период имаше особено голем интерес на клиенти на центарот за: учество на бизнис средбите кои ЕИИЦМ ги организираше со странските компании (од Турција, Србија и други земји), за Панел Форумот за „Вреднување на иновациите и авторските дела во Република Македонија“, за прашања поврзани со законодавството на Европската унија, ЕУ програми, расположливи фондови, ЕУ политики, соработка со партнери од ЕУ, кои се регистрирани во интегралната дата база на

центарот, а преку соработка со центрите во мрежата подготвена е и прифатена Програмата на Проектот за идниот две-годишен период 2011-12 година.

**15.4 2010 година**

**МАКЕДОНСКО-ТУРСКИ ДЕЛОВНИ СРЕДБИ**

Посетата на делегацијата од Турција беше организирана од страна на Европскиот информативен и иновативен центар во Македонија – Стопанската комора на Македонија и Агенцијата за поддршка на претприемништвото во Република Македонија, Регионалната Управа на Едрене, на чело со Валијата во соработка со други Македонски владини институции, градот Скопје, Балканскиот универзитет, Асоцијацијата на турските жени, општината Гостивар, со подршка на Трговското советништво на Амбасадата на Република Турција во Македонија.

Групата бизнисмени од Едрене беше составена од претставници од повеќе стопански гранки: градежништво, производство на ПВЦ прозорци и врати, прехрамбена индустрија, медицински производи, транспорт, накит, оптика и други, заинтересирани за воспоставување на билатерални деловни контакти со македонски компании,кои би се јавиле како нивни потенцијални деловни партнери..

**12.11.2010 година**

**ДЕЛОВНИ СРЕДБИ СО КОМПАНИИ ОД СРБИЈА**

Во организација на Стопанската комора на Македонија - Европскиот информативен и иновативен центар во Македонија, а со цел воспоставување на директни контакти и запознавање со потенцијални партнери, мали и средни претпријатија од Србија и Македонија се одржаа деловни средби во Стопанската комора на Македонија.

Делегацијата од Србија, предводена од EEN - Enterprise Europe Network во Србија, беше составена од директори на мали и средни претпријатија од следните области: издаваштво,, трговија, инженеринг, машинство и металопреработувачка, ракотворби, ИТ консалтинг и менаџмент, прехрамбена индустрија , едукација за wellness і SPA програми, дрвна индустрија, угостителство и графичка дејност



Бизнис форумот беше добра можност за унапредување на економската соработка помеѓу Република Македонија и Србија, како и за воспоставување повисоки облици на соработка и развивање на деловните односи меѓу 50-те компании од двете земји, истакна Лазо Ангелевски, проектен консултант во Европскиот информативен и иновативен центар во Македонија.

Стопанската комора на Македонија-Европскиот информативен и иновативен центар во Македонија бесплатно ја организираше оваа средба, и им обезбеди ЦД – директориум за македонското стопанство и најважни податоци за препријатијата од Република Македонија, како и брошура за Меѓународните трговски документи, кои ќе им помогнат да донесат правилни одлуки за натамошната работа.

Одзивот за средбата беше одличен, кое уште еднаш ја истакна потребата Стопанската комора на Македонија-Европскиот информативен и иновативен центар во Македонија да продолжи и понатаму да организира вакви деловни настани, со цел да им помогне на малите и средни претпријатија да ја интернационализираат својата стопанска активност.

**17-20.11.2010 година**

**Семинар за "Инкотермс 2010, Меѓународни трговски документи и Повраток на ДДВ од странство"**

Во насока на еднообразното толкување на правилата во меѓународната трговија коешто ја олеснува размената и помага да се избегнат меѓународните спорови и недоразбирање меѓу партнерите, Стопанската комора на Македонија, од 17-20 ноември 2010 година, организираше во Златибор, Србија советување на тема: "Инкотермс 2010" , предавач: Карло Змајшек , "Меѓународни трговски документи" предавач: Лазо Ангелевски и "Повраток на ДДВ од странство" предавач: Мирко Винчетиќ.



Семинарот беше наменет за претставници од извозни компании, увозници, шпедитери, транспортери, царински застапници, банки, осигурителни компании, трговски консултанти, адвокати, универзитети поврзани со меѓународна трговија, сметководители, финансии и слично.

**29.11.2010 година**

**Промоција на две изданија во Стопанската комора на Македонија**

Во функција на презентирање на изданието пред македонската стопанска јавност, се одржа официјална Промоција на книгата “Практичен прирачник за Инкотермс 2010“ од г-дин Карло Змајшек, директор на Центарот за шпедиција при “Макпетрол“-Скопје и промоцијата на изданието “Меѓународни трговски документи во Македонија“ од г-дин Лазо Ангелевски, автор и уредник на изданието од Стопанска комора на Македонија – Европски информативен и иновативен центар во Македонија.




*Изданието* “Меѓународни трговски документи во Македонија“ е бесплатно достапна во електронска форма на интернет порталот на *Европскиот информативен и иновативен центар во Македонија* , во Стопанската комора на Македонија [www.mchamber.mk](http://www.mchamber.mk), и во печатена форма за сите компании кои ќе го искажат интересот за меѓународна соработка.

**Декември 2010 година**

**Работилници - семинари во регионалните стопански комори**



Во организација на Европскиот информативен и иновативен центар во Македонија-EEN , Стопанската комора на Македонија и Царинската управа на Република Македонија се одржаа во текот на месец декември 2010 година , серија на Работилници - семинари во Регионалните стопански комори Струмица, Богданци, Гевгелија, Битола, Штип и Куманово.
На работилниците беа опфатени следните теми: Потекло на стоките во Регионот на ЦЕФТА; Презентација на модулите за царинско и деловно електронско учење (E-learning) и Поедноставени постапки на царинското работење, со предавачи од Царинската управа на РМ и АТА карнет – улога, предности, одговорности и права, за кое свои предавања имаше Лазо Ангелевски од Европскиот информативен и иновативен центар во Македонија-EEN , Стопанската комора на Македонија.
Интерактивниот карактер на работилницата на присутните им овозможи непосредно да поставуваат прашања и да се добијат одговори за актуелностите поврзани со проблематиката од наведените теми.

**28.12.2010 година**

**Панел форум: Вреднување на иновациите и авторските дела**

Во организација на Европскиот информативен и иновативен центар во Македонија – Стопанската комора на Македонија и Деловното здружение „Еснафи“, се одржа Панел форум за „Вреднување на иновациите и авторските дела во Република Македонија“. Во дискусијата активно учествуваа и претставници од Кабинетот на Претседателот на Република Македонија, Државниот завод за индустриска сопственост и патенти, Сојузот на пронаоѓачи на Македонија, Македонската банка за подршка на развојот, иноватори и претставници од бизнис заедницата. На форумот се посочи дека потребна е соработка со институциите на државата, бизнис заедницата и банките за вреднување на проектите и иновациите. Потребно е соодветно вреднување со капиталот и проценките, да се обрнува доволно внимание на иноваторите преку валоризирање на нивниот труд и вредностите и на меѓународен план да се афирмира македонскиот иноватор, истакна Лазо Ангелевски.

Се подвлече дека иновацијата сама за себе не значи ништо доколку не е е применлива, а бизнис заедницата ќе види и ќе валоризира што е применливо. Досегашната пракса, како што




истакна, кажува дека бизнис секторот не е доволно заинтересиран бидејќи нашите иновации не се доволно афирмирани и не се доволно препознатливи и јавни.

Приоритет на активностите мора да е заштитата на интелектуалната сопственост од на повреда на истите и на авторските права. Доколку со иновацијата ќе се добие бараниот инпут, намалување на трошоците во работењето, подобра организација во работењето, маркетингот и услугите, од една страна, и зголемување на продуктивноста, профитот и конкурентноста во работењето и на пазарот, од друга страна, тогаш бизнис заедницата сигурно ќе се заинтересира за понудените иновации и соодветно ќе ги валоризира, истакна Лазо Ангелевски, проектен консултант од Европскиот иновативен и информативен центар во Македонија.

# ПОСТОЈАН ИЗБРАН СУД (АРБИТРАЖА)



Постојаниот избран суд (Арбитража) е самостојна институција при Стопанската комора на Македонија за вонсудско решавање на спорови што настануваат во прометот на стоки и услуги (трговски спорови) и истата е независна во својата работа.

Во текот на 2010 година продолжи континуираната соработка со универзитетите, како резултат на што, преку предавања, презентации и консултации, пред студентите по право и економија, беа истакнати предностите на арбитражата и нејзината работа.

Арбитражата посвети посебно внимание на информирање за предностите од договарање на надлежноста на арбитражата, како побрз и поефикасен начин за решавање на споровите помеѓу стопанските субјекти.

# ЦЕНТАР ЗА ПОКРОВИТЕЛИ

Стопанската комора на Македонија, во напорите да го прошири асортиманот на услугите за своите членки, слично како и во другите комори со доброволно членство во развиените западноевропски земји, веќе неколку години го практикува Проектот: ПОКРОВИТЕЛСТВО НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА.

Целта на овој проект е понуда на членките, во пакет, повеќе видови на услуги кои би ги користеле континуирано во подолг временски период, а воедно, да се стави на располагање на заинтересираните членки расположивата кадровска и техничка инфраструктура на Комората за развој и унапредување на нивниот бизнис.

За таа цел, Стопанската комора на Македонија, одејќи во чекор со светските економски промени и глобалната криза во текот на 2010 година, изврши проширување во квалитетот и во квантитетот на услугите содржани во покровителството, со цел амортизирање на негативните влијанија врз бизнисот.

Сето тоа резултираше со влез на нови компании во семејството покровители на Стопанската комора на Македонија кои го пронајдоа својот бизнис-интерес во активностите на Комората, насочени кон подобрување на климата во стопанството.

Во текот на 2010 година уште реномирани компании се приклучија во овој проект – Покровители на Стопанската комора на Македонија, и на крајот на годината вкупниот број на Покровители на Стопанската комора на Македонија изнесуваше 30.